REHAU®
Unlimited Polymer Solutions

ТЕХНИЧКА ИНФОРМАЦИЈА

Површинско грејање/ладење

Оваа техничка информација
„Површинско греење/ладење “
важи од јули 2021 година.

Со издавањето на оваа техничка информација не важат претходните технички информации и нивната важност.

Нашите актуелни технички документи можете да ги преземете од www.rehau.mk

Документот е заштитен со авторски права. Сите права се задржани, особено оние што се однесуваат на преводот, печатењето, преземањето слики, радио емитувања, копирање на фотомеханички или слични средства и чување на податоци од банките.

Сите мерки и тежини се референтни вредности. Се задржува правото на забуни и промени.

ТЕХНИЧКА ИНФОРМАЦИЈА

1	Информации и инструкции за безбедност	7
2	Вовед	9
3	Цевки и техника на поврзување	11
4	Системи на под	23
5	Системи за поставување на ѕид	125
6	Системи за поставување на плафон	141
7	Разделници	161
8	Систем за регулација Hea	197
9	Систем за регулација HEA CMAPT 2.0 (NEA SMART 2.0)	207
10	Проектирање	235
11	Површинско греење/ладење за нестамбени објекти	237
12	Протоколи за испитувања	275
13	Норми, регулативи и насоки	295

ПРЕГЛЕД НА СОДРЖИНАТА

1	**Информации и инструкции за безбедност**	**7**
2	**Вовед**	**9**
2.1	Површинско греење	9
2.2	Површинско ладење	10
3	**Цевки и техника на поврзување**	**11**
3.1	Цевки	13
3.1.1	Место на примена	13
3.1.2	Компоненти	14
3.1.3	Материјали	15
3.1.4	Општи гранични услови	16
3.1.5	Видови цевки	17
3.2	Техника на поврзување	19
3.2.1	РАУТЕРМ СПИД, РАУТЕРМ СПИД К и РАУТЕРМ С	19
3.3	Алатки	20
3.4	Дијаграм за загуба на притисок	21
3.5	Употреба во инсталациони системи на РЕХАУ	22
4	**Системи на под**	**23**
4.1	Основи	26
4.1.1	Норми и правила	26
4.1.2	Градежни предуслови	26
4.2	Планирање	26
4.2.1	Топлинска и звучна изолација	26
4.2.2	Определување на потребната звучна изолација	27
4.2.3	Мокра градба	28
4.2.4	Сува градба	28
4.2.5	Естрих и спојки	29
4.2.6	Форми на полегнување	30
4.2.7	Форми на полегнување и грејни кругови	30
4.2.8	Упатство за пуштање во работа	31
4.2.9	Подни покривки	32
4.3	РАУТЕРМ СПИД самолеплив систем	33
4.4	Систем РАУТЕРМ СПИД сајлент	38
4.5	РАУТЕРМ СПИД плус 2.0 самолеплив систем	43
4.6	РАУТЕРМ СПИД плус 2.0 самолеплива систем за ниска изведба	49
4.7	РАУТЕРМ СПИД плус ренова самолеплив систем	53
4.8	Систем со подлога Варинова	67
4.9	Систем такерска плоча	73
4.10	Такер- систем	79
4.11	РАУТЕК 10 Систем	85
4.12	Систем РАУФИКС шина	95
4.13	Сув систем	101
4.14	РЕХАУ Основна плоча ТС-14	107
4.15	Систем шина 10	113
4.16	Системски прибор	116
5	**Системи за поставување на sид**	**125**
5.1	Систем за sидно греење/ладење во сув начин на градба	127
5.1.1	Инсталација на sид во сув начин на градба	132
5.2	Систем за sидно греење/ладење во мокар начин на градба	133
5.2.1	Основи за sидно греење/ладење во мокар начин на градба	135
5.2.2	Малтер за системот за sидно греење/ладење во мокар начин на градба	136
5.2.3	Планирање на системот за sидно греење/ладење во мокар начин на градба	137
6	**Системи за поставување на плафон**	**141**
6.1	Систем за плафонско греење/ладење во сув начин на градба	143
6.1.1	Инсталација на плафон на сува начин на градба	150
6.2	Систем за плафонско греење/ладење во мокар начин на градба	152
6.2.1	Основи за плафонско греење/ладење во мокар начин на градба	154
6.2.2	Малтери за плафонското греење/ладење во мокар начин на градба	155
6.2.3	Планирање на плафонското греење/ладење во мокар начин на градба	156
7	**Разделници**	**161**
7.1	РЕХАУ Разделник на грејни кругови HKV-DAG	163
7.2	Разделник HKV Easyflow од оплеменет челик	166
7.3	Додатни елементи за разделници од оплеменет челик	168
7.3.1	Топчести вентили	168
7.4	РЕХАУ Разделник на грејни кругови РАУТЕРМ СПИД HKV-P	170
7.4.1	Додатни елементи за хидраулично балансирање	172
7.4.2	Сет за вградување на калориметар (WMZ-сет за монтирање)	173
7.4.3	Мешачка пумпна група PMG-25, PMG-32 ErP	174
7.4.4	Сет за вградување на полимерен калориметар за разделник РАУТЕРМ СПИД HKV-D P	175
7.4.5	Сет за регулирање flex	176
7.4.6	Полимерен сет за регулирање flex	178
7.5	Ормари за разделник	180
7.5.1	Ормари за разделник за монтажа во sид	180
7.5.2	Ормари за разделник за монтажа на sид	186
7.5.3	Ормари за разделник за монтажа на sид за индустриски разделници	188
7.5.4	Упатства за монтажа	191
7.5.5	Прибор за ормарите за разделник	194
8	**Систем за регулација Hea**	**197**
8.1	Структура на системот	199
8.2	Систем за регулација Hea	199
8.2.1	Регулатор за просторијата Hea	199
8.2.2	Разделник за регулирање	200
8.2.3	Прибор за собен регулатор Hea	201

8.3	Регулатор на температурата E	202
8.4	Актуатори	203
8.5	Прибор	203
8.6	Упатства за планирање	204
8.7	Монтажа и инсталација	205
9	**Систем за регулација HEA CMAPT 2.0 (NEA SMART 2.0)**	**207**
9.1	Област на примена	209
9.2	Преглед на системот	210
9.3	Компоненти на системот	211
9.4	Функции и карактеристики	216
9.4.1	Регулирање на собна температура (површинско греење/ладење)	216
9.4.2	Функции за оптимизација на регулирањето на собна температура	216
9.4.3	Хибридна технологија (Bus/Funk), поврзување на регулатор на собна температура	216
9.4.4	Интегриран WLAN / LAN, ракување преку пребарувач или апликација	216
9.4.5	Паметни функции	216
9.4.6	Регулирање на температурата на проток	216
9.4.7	Одвлажнување	217
9.4.8	Вентилоконвектори	217
9.4.9	KNX поврзување	217
9.4.10	Over-the-air update (OTA)	217
9.5	Работење, следење и одржување преку апликацијата NEA SMART 2.0	217
9.5.1	Општа постапка	217
9.5.2	Распределба на регулаторите на температура (спарување)	217
9.5.3	Поставување и ракување преку интегрирани веб-локации	217
9.6	Работење, следење и одржување преку корисничка апликација	218
9.7	Bus-систем и поврзување кабли	219
9.8	Системски ограничувања	220
9.9	Примери за примена	221
9.9.1	Регулирање на простории греење безжично/Bus до 8 простории	221
9.10	Регулирање на простории греење/ладење безжично/жичено со R-модул (модул за проширување), до 12 простории	222
9.11	Регулирање на простории греење/ладење безжично/Bus со дополнителна (Slave) База, до 24 простории	223
9.12	Регулирање на простории греење/ладење безжично/Bus со U-модул (универзален доплнителен модул) за мешачки круг	224
9.13	NEA SMART 2.0 регулатор на собна температура	225
9.14	NEA SMART 2.0 Сензор на собна температура	226
9.15	NEA SMART 2.0 База 24 V	227
9.16	Единици за проширување	228
9.16.1	NEA SMART 2.0 R-Модул 24 V	228
9.16.2	NEA SMART 2.0 U-Модул 24 V	228
9.17	Додатоци	229
9.17.1	NEA SMART 2.0 Трансформатор	229
9.17.2	NEA SMART 2.0 Надворешен сензор	229
9.17.3	NEA SMART 2.0 Далечински сензор	230
9.17.4	NEA SMART 2.0 Сензор за довод/поврат	230
9.17.5	NEA SMART 2.0 Антена	230
9.17.6	Термички актуатор UNI 24 V	231
9.17.7	Термички актуатор MINI 24V	231
9.17.8	Термички актуатор BALANCE 24 V	231
9.17.9	NEA SMART 2.0 KNX Порта	232
9.17.10	NEA SMART 2.0 напојување за KNX Порта	233
9.17.11	Реле (coupling) 24 V / 230 V	234
9.17.12	Реле (switching) 24 V / 230 V	234
9.17.13	NEA SMART 2.0 Bus-кабел (котур 10/50 m)	234
10	**Проектирање**	**235**
10.1	RAUCAD софтвер за проектирање	235
10.2	Сетови за технички податоци	235
10.3	CAD- пребарувач	235
10.4	CAD портал	235
10.5	BIM - Моделирање информации за градење	236
10.6	PEXAУ сервис за проектирање	236
11	**Површинско греење/ладење за нестанбени објекти**	**237**
11.1	Темперирање на бетонски плочи	238
11.1.1	Вовед	238
11.1.1.1	Општо	238
11.1.1.2	Отпорност на пожар - REI 90 според DIN EN 13501, F 90 според DIN 4102-2	239
11.1.1.3	Отпорност на пожар - REI 120 според DIN EN 13501, F 120 според DIN 4102-2	239
11.1.1.4	Специјални конструкции: висококатници, деловни згради, административни згради, аеродроми	239
11.1.1.5	Бетонски плафон	239
11.1.2	Варијанти на системот	240
11.1.2.1	PEXAУ oBKT – темперирање на површинската бетонска плоча	240
11.1.2.2	БКТ модули	240
11.1.2.3	БКТ поставен на лице место	241
11.1.2.4	БКТ и oБКТ во готови и полуготови делови	242
11.1.3	Планирање	243
11.1.3.1	Основи на планирање	243
11.1.3.2	Градежни предуслови	243
11.1.3.3	Градежни предуслови oБКТ	244
11.1.3.4	Објектна техника	244
11.1.3.5	Модули: активна површина – површувачки водови	244
11.1.3.6	Тип на инсталација двојна меандра / едноставна меандра	246
11.1.3.7	Хидраулични варијанти на приклучоци	246
11.1.4	Капацитет на греење/ладење	247
11.1.5	Монтажа	248
11.1.5.1	Општи упатства за монтажа на БКТ и oБКТ	248
11.1.5.2	Процес на општа монтажа	248
11.1.6	Компоненти на системот	249
11.2	PEXAУ Индустриско површинско греење	253
11.2.1	Монтажа	255
11.2.2	Планирање	255
11.3	PEXAУ греење на спортски сали	258
11.3.1	Сув систем со површински еластичен спортски под	258
11.4	Стандарден разделник за системот за подно греење за вибрирачки подови	262
11.4.1	Монтажа	263
11.5	Стандарден разделник за системот за подно греење на вибрирачки под	265

11.5.1	Монтажа	266
11.6	РЕХАУ греење на отворени површини	268
11.6.1	Планирање	268
11.6.2	Монтажа	269
11.7	РЕХАУ греење за фудбалски игралишта	270
11.8	РЕХАУ индустриски разделник	271
11.8.1	Индустриски разделник IM S 32 (Оплеменет челик)	271
11.8.2	Индустриски разделници IVK, IVKK, IVKE	272
11.8.2.1	Индустриски разделник 1¼“ IVK	272
11.8.2.2	Индустриски разделник 1½“ IVKE	273
11.8.2.3	Индустриски разделник 1½“ IVKE	273
11.8.3	Посебна примена	274
11.8.4	Ормар за разделникот за АР индустрискиот разделник	274

12	**Протоколи за испитувања**	**275**
12.1	Основи за проверките на заптивањето и притисокот	276
12.2	Проверка на заптивањето и проверка на притисокот на површинските инсталации за греење/ладење со вода	276
12.3	Проверки на заптивањето на инсталацијата за површинско греење/ладење со компримиран воздух без масло/инертен гас	277
12.4	Миење на инсталацијата за површинско греење/ладење	279

13	**Норми, регулативи и насоки**	**295**

1 ИНФОРМАЦИИ И ИНСТРУКЦИИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ

Валидност
Овие технички информации важат за

Други применливи технички информации
- РАУТИТАН систем за куќни инсталации

Навигација
Овие технички информации се поделени на неколку тематски делови, кои се означени со сиви рабови од десната страна на страницата.
На почетокот на техничките информации ќе најдете детална табела со содржина со хиерархиски подредени наслови и соодветните броеви на страните.

Definitionen
- Линиите или цевководи се состојат од цевки и нивните приклучоци (на пример, подвижна навлака, фитинзи, навои, итн).
- Компонентите за поврзување се состојат од фитинзи со придружна подвижна навлака и придружните цевки, како и заптивки и завртки.

Пиктограми и логоа
Сигурносно упатство

Законско упатство

Важни информации што мора да се земат предвид

Информации на интернет

Вашите предности

Ажурирање на техничките информации
За ваша безбедност и за да бидете сигурни дека нашите производи се користат правилно, ве молиме редовно да проверувате дали е веќе достапна нова верзија на техничките информации. Датумот на издавање на техничките информации секогаш е напишан во долниот десен агол на насловната страница. Актуелни технички информации се достапни во РЕХАУ продажниот центар, кај нашиот овластен застапник, како и на интернет.

Наменска употреба
РЕХАУ системите за површинско греење / ладење смеат да се проектираат, инсталираат и употребуваат само како што е опишано во оваа техничка информација. Секоја друга употреба не е во согласност со наменетата употреба и затоа не е дозволена.

Сигурносни упатства и упатство за употреба
- За ваша и за безбедноста на другите луѓе, внимателно и целосно прочитајте ги сигурносните упатства и упатствата за употреба пред да започнете со монтажа.
- Чувајте ги упатствата за употреба на безбедно место и секогаш на дофат.
- Доколку ги немата целосно разбрано сигурносните упатства или поединечните прописи за монтажа, ве молиме контактирајте го продажниот центар на РЕХАУ.
- Непочитувањето на сигурносните упатства може да доведе до материјална штета или лична повреда.

Почитувајте ги сите важечки национални и меѓународни прописи за полегнување, монтажа, заштита од повреда и безбедност при исталација на цевките, како и упатствата од техничките информации.

Исто така, почитувајте ги важечките закони, стандарди, упатства, прописи (на пр. ORNORM, DIN, EN, ISO, DVGW, NEN, VDE и VDI) како и прописите за заштита на животната средина, прописите на здружението за осигурување од одговорност на работодавачите и прописите на локалната комунални претпријатија.

При примена во области кои не се опфатени со овие технички информации (посебни примени) консултирајте се со нашата техничка служба.
За детални инфомации, контактирајте го продажниот центар на РЕХАУ.

Лични предуслови
- Монтажата на нашите системи може да го вршат само овластени и обучени лица.
- Работата на електрични уреди или водоводи да се врши само од страна на лица кои се обучени и овластени за оваа намена.

Општи мерки на претпазливост
- Чувајте го вашето работно место чисто и без предмети кои би можеле да пречат.
- Погрижете се вашето работно место да е соодветно осветлено.
- Држете ги децата и миленичињата, како и неовластените лица подалеку од алати и места на монтажа. Ова особено важи при работа во населени места.
- Употребувајте ги само предвидените компонентите соодветни за РЕХАУ системот на цевки. Употребата на компоненти или пак алатки кои не се соодветни на РЕХАУ системот за инсталации може да доведе до повреда или други опасности.
- Избегнувајте ракување со отворен пламен во работната средина.

Работна облека

- Носете заштитни очила, соодветна работна облека, сигуносни чевли, заштитен шлем и, ако имате долга коса, мрежа.
- Не носете широка облека или накит бидејќи може да се фатат во подвижни делови.
- При изведување монтажа на висина на глава или над вашата глава, носете заштитен шлем.

При монтажа

- Секогаш читајте и почитувајте ги соодветните упатства за употреба на PEXAУ алатот за монтажа
- Неправилно ракување со алатки може да предизвика сериозни исекотини, модринки или отсекување на екстремитетите.
- Неправилното ракување со алатите може да ги оштети компонентите на конекцијата или да доведе до протекување.
- PEXAУ ножиците за цевки се остри. Чувајте ги и внимателно ракувајте со нив да не дојде до поведа
- При сечење на цевките во должина, внимавајте да има доволно растојание помеѓу раката која ја држи цевката и алатот за сечење.
- При самото сечење никогаш не ја допирајте зоната на сечење на алатот или на други подвижните делови.
- По постапката на проширување, проширениот крај на цевката се враќа во првобитната форма (Memory-Effekt). Затоа во оваа фаза не вметнувајте никакви страни предмети во проширениот крај на цевката.
- При постапката за притискање никогаш не допирајте во зоната за притискање на алатот или на подвижните делови.
- При постапката на пристискање може да испадне од цевката некој дел. Опасност од повреда!
- При промена на опрема или место на монтажа секогаш вадете го приклучокот за напојување на алатот од струја и осигурете се од ненамерно вклучување.

Работните параметри

Ако се надминат работните параметри, цевките и приклучоците ќе се преоптоварат. Затоа, не е дозволено да се надминат работните параметри.
Обезбедете усогласеност со работните параметри со помош на сигурносни / контролни уреди (на пример, редуктори на притисок, сигурносни вентили и слично).

Заштита од оган

Внимавајте на важечките прописи за заштита од пожар и соодветно важечките правила/ прописи за градење, особено кога ги префрлате каблите низ компоненти што ги затвораат просториите (ѕидови и тавани) со барања за отпорност на пожар.

2 ВОВЕД

2.1 Површинско греење

Термичка удобност

РЕХАУ системите за површинско греење, се загреваат со благо и пријатно зрачење на енергија на основа на ниските температури на површината и рамномерната распределба на температурата. Спротивно на статичните системи за греење, овде се постигнува рамнотежа на зрачење помеѓу човекот и површините во просторот, со што се постигунува оптимално чувство на пријатност.



Сл. 2-1 Термичка удобност, зависност од температурата на воздухот во просторот T_{RL} и температурата на површините на просторот T_F

топло непријатно
пријатно
свуште пријатно
ладно непријатно

За заштеда на енергија

Поради големиот удел на зрачење на енергија на РЕХАУ системите за површинско греење, чувството на пријатност за време на греењето се добива веќе на забележително пониска собна температура. Таа може да биде намалена за 1 °C до 2 °C. Ова овозможува годишна заштеда на енергија од 6% до 12%.

Еколошки

Поради високиот капацитет на греење дури и при ниски температури на појдовниот вод, РЕХАУ системите за површинско греење можат идеално да се комбинираат со котли на гас, топлински пумпи или термички соларни уреди.

Погодно за лица со алергии

Нискиот удел на конвективната енергија на РЕХАУ системите за површинско греење, создава само минимално струење на воздухот во просторијата.
Со тоа циркулацијата и тлеењето на правта се веќе минато. Ова ги штити дишните патишта и тоа не само на оние кои страдаат од алергија.

Визуелно привлечни простории без грејни тела

РЕХАУ системи за површинско греење
- му дозволува на корисникот слободно уредување на просторот
- му дава на архитектот слобода на планирање
- го редуцира ризикот од повреда, на пр. во градинки, училишта, болници или домови за стари лица

Собна температура според ONORM EN 12831 лист 1

- Во станбени и простории на престој: 20 °C
- Во бањи: 24 °C

Репер вредности во правилникот за работното место

- Седечка функција: 19-20 °C
- Не-седечка функција: 12–19 °C во зависност од тежината на работата

Репер вредности на EN ISO 7730

Според EN ISO 7730, треба да се почитуваат следниве критериуми за да се постигне најголемо можно задоволство на присутни лица во просторијатап:
Оперативна собна температура:
- Лето: 23 – 26 °C
- Зима: 20 – 24 °C

Оперативната собна температура е средната вредност на просечната температура на воздухот во просторијата и просечната температура на површините во просторот.

Температура на горните површини

Од медицински и физиолошки причини, мора да се внимава на максимално дозволените површински темпратури, бидејќи се во директен контакт со лицата:
- Под:
  - Зона на престој 29 °C
  - Бањи 33 °C
  - Места на кои ретко се стапнува (периферни зони) 35 °C
- Ѕид: 35 °C

Максимална зрачна асиметрија на спротивно поставени површини (според EN ISO 7730):
- Топол таван < 5 °C
- Топол ѕид < 23 °C
- Ладен таван < 14 °C
- Ладен ѕид < 10 °C

Примери за профили на температура во загреани простории



Сл. 2-1 Идеална распределба на топлина



Сл. 2-1 Површинско греење



Сл. 2-1 Греење со радијатор

2.2 Површинско ладење

Термичка удобност

Термичката удобност на едно лице во просторот се одредува со:
- Активност на лицето
- Облеката на лицето
- Температурата на воздухот
- Струењето на воздух
- Влажноста на воздухот
- Температурите на површините

Емисијата на топлина од човечкото тело се одвива главно преку три механизми:
- зрачење
- испарување
- конвекција

Човечкото тело чувствува најголемо чувство на пријатност кога може да регулира најмалку 50% од давањето на топлина преку зрачење.

Со РЕХАУ површинското ладење, размената на енергија помеѓу лицето и ладната површина се одвива главно преку зрачење на голема површина, и со тоа создава оптимални предуслови за пријатна клима во просторијата.

Капацитет за ладење

Во пракса под овие услови
- Температура на површината од 19 - 20 °C
- Собна температура од 26 °C може да се постигнат вредности од 60 - 70 W/m^2.

Влијанија на капацитетот на ладење

Максималниот остварливи капацитет на површинското ладење зависи од:
- Покривката на подот / ѕидот / таванот
- Растојание на инсталација на цевките
- Димензија на цевки
- Конструкција на под / ѕид / таван
- Системот

3 ЦЕВКИ И ТЕХНИКА НА ПОВРЗУВАЊЕ

РАУТЕРМ СПИД Систем за цевки

РАУТЕРМ СПИД К Систем за цевки

РАУТЕРМ С Систем за цевки

СОДРЖИНА

3	**Цевки и техника на поврзување**	**11**
3.1	Цевки	13
3.1.1	Место на примена	13
3.1.2	Компоненти	14
3.1.3	Материјали	15
3.1.4	Општи гранични услови	16
3.1.5	Видови цевки	17
3.2	Техника на поврзување	19
3.2.1	РАУТЕРМ СПИД, РАУТЕРМ СПИД К и РАУТЕРМ С	19
3.3	Алатки	20
3.4	Дијаграм за загуба на притисок	21
3.5	Примена во РЕХАУ системи за полегнување	22

3.1 Цевки

3.1.1 Место на примена

- Површинско греење / ладење
- За полегнување на естрих според DIN 18560 и DIN EN 13813 во примена на РЕХАУ системот за површинско греење / ладење
- Инсталација за греење на објекти. Сигурност на опрема на генераторот на топлина мора да биде во согласност со DIN EN 12828

РАУТЕРМ СПИД (RAUTHERM SPEED)

- Цевка изработена од РАУ-Пекс А (PE-Xa)
- Пероксидно вмрежен полиетилен (PE-Xa)
- РЕХАУ Техника за поврзување со подвижна навлака
- Со кислородна бариера
- Непропустливост на кислород според DIN 4726
- Цевки според DIN EN ISO 15875

Сл. 3-1 РАУТЕРМ СПИД (RAUTHERM SPEED)

РАУТЕРМ СПИД К (RAUTHERM SPEED K)



- Цевка изработена од РАУ-Пекс А (PE-Xa)
- Пероксидно вмрежен полиетилен (PE-Xa)
- РЕХАУ Техника за поврзување со подвижна навлака
- Со кислородна бариера
- Непропустлива за кислород според DIN 4726
- Цевки според DIN EN ISO 15875
- Завиткано со самолеплива лента

Сл. 3-2 РАУТЕРМ СПИД К (RAUTHERM SPEED K)

РАУТЕРМ С (RAUTHERM S)

- Цевка изработена од РАУ-Пекс А (PE-Xa)
- Пероксидно вмрежен полиетилен (PE-Xa)
- РЕХАУ Техника за поврзување со подвижна навлака
- Со кислородна бариера
- Непропустливост за кислород според DIN 4726
- Цевки според DIN EN ISO 15875

Сл. 3-3 РАУТЕРМ С (RAUTHERM S)

3.1.2 Компоненти

Систем на цевки	РАУТЕРМ СПИД / РАУТЕРМ СПИД К		РАУТЕРМ С	
Димензии	10-16		17-32	
Цевка				
Холендер спојка	Капаче обележано со црвено 			
Фитинзи	Материјал: месинг; Боја: површинска обвивка со сребрена боја 			
Подвижна навлака	Материјал: месинг; Боја: површинска обвивка со сребрена боја 			
Сечење по должина	Ножици за цевки 25 За цевки Ø 10-25 	Ножици за цевки 40 За цевки Ø 10-40 	Ножици за цевки 25 За цевки Ø 10-25 	Ножици за цевки 40 За цевки Ø 10-40
Проширување	Комбинирани алатки [1] K10, K14, K16 	Глави за проширување 16-32 Прстен за идентификација: црвен 	Глави за проширување 16-32 Прстен за идентификација: црвен 	
Притискање	Комбинирани алатки[1] K10, K14, K16 	Преса за подвижни навлаки 17(16 x 1,5, ML16)/20 	Преса за подвижни навлаки 16-32 	

Таб. 3-1 Преглед на компонентите

[1] Комбинирани алатки со функција за проширување и притискање

3.1.3 Материјали

PE-Xa



Сл. 3-5 Етилен



Сл. 3-6 Етилен, двојно соединение



Сл. 3-7 Полиетилен



Сл. 3-8 Пероксидно вмрежен полиетилен PE-Xaa

Пероксидно вмрежен полиетилен-PE-Xa

Пероксидно вмрежен полиетилен се нарекува PE-Xa. Овој тип на вмрежување настанува на висока температура и висок притисок со помош на пероксиди. Тука, индивидуалните молекули на полиетилен се комбинираат за да формираат тродимензионална мрежа. Карактеристиката на ова вмрежување на висок притисок е вмрежното поврзување во топењето надвор од точката на топење на кристалитот. Реакцијата на вмрежното поврзување се одвива во алатката при формирање на цевката. Овој процес на вмрежување обезбедува еднообразно и многу високо ниво на вмрежено поврзување низ целиот пресек на цевката, дури и кај цевки со дебели ѕидови.

- Отпорност на корозија на цевките: нема дупки
- Нема тенденција да формира депозити
- Полимерниот материјал на цевките го намалува преносот на звук долж цевката
- Добра отпорност на абење
- Одлични својства за поставување на системи за површинско греење / ладење

Конструкција на цевки

РАУТЕРМ СПИД, РАУТЕРМ СПИД K, РАУТЕРМ СПИД C

Структура / материјал	Цевка
- RAU-PE-Xa - Промотор на адхезија - Кислородна бариера	РАУТЕРМ СПИД RAUTHERM SPEED РАУТЕРМ СПИД K RAUTHERM SPEED K РАУТЕРМ СПИД C RAUTHERM S

Таб. 3-2 Структура / материјал на цевки (структура одвнатре кон надвор)

Примена на цевки

- Површинско греење / ладење
- Поврзување на радијаторот од подот
- Поврзување на радијаторот од ѕид

§ Цевките РЕХАУ РАУТЕРМ (REHAU RAUTHERM) не смеат да се користат за монатажа за инсталација за вода за пиење!

Цевките РЕХАУ за површинско греење / ладење не се соодветни за употреба со мастика асфалт.

3.1.4 Општи гранични услови

Температури на системот за подно греење
Условите за користење на површинско греење се специфицирани со стандарди и прописи, како што се ÖNORM EN 1264, ÖNORM EN ISO 11855 и DIN EN ISO 7730, кои се пример за граничните услови за топлинска удобност. Ако објектите се изградени според сегашната техника, температурите на проток на системот за системи за површинско греење обично се движат од приближно +25 °C до +35 °C во новите објекти. Потребните температури на проток на површинското греењето при реновирањето на објектот се само малку повисоки денес, во зависност од стандардот за изолација на објектот
Во случај на ладење, може да се претпостави дека температурата на проток е од 16 °C до 20 °C.
Цевките РАУТЕРМ СПИД, цевките РАУТЕРМ СПИД К и цевките РАУТЕРМ С се соодветни за овие примени. Во однос на ISO 15875, цевките РАУТЕРМ СПИД, цевките РАУТЕРМ СПИД К и цевките РАУТЕРМ С во нивните соодветни класи на примена се непорпустливи на кислород според DIN 4726.

Грејна вода
Својствата на грејната вода мора да ги исполнуваат барањата според VDI 2035, ÖNORM EN 12828 и ÖNORM H 5195-1.

Адитиви за грејна вода
Адитивите за грејната вода не смеат да ги оштетат системите. Производителите или дистрибутерите на адитиви за грејна вода мора да го осигураат тоа.
Производителите на адитиви за грејна вода исто така, треба да дадат информации за категоријата на течностите во согласност со DIN 1988-100 или DIN EN 1717, како и информации за минималната количина на додавање, видот и фреквенцијата на проверките што треба да се извршат и, доколку е потребно, да се направи потребниот претходен третман за чистење во случај на какви било знаци на корозија.

Складирање:
Пакувањето ги штити цевките од механички оштетувања. Чувајте ги маслата, маснотиите и боите итн. подалеку од цевките.



Сл. 3-9 Цевки заштитени од директна сончева светлина



Сл. 3-10 Цевки заштитени од механички оштетувања

Чувајте ги цевките и деловите од системот на рамна површина која во никој случај не смее да биде со остри рабови. Заштитете ги од нечистотија, прашина од дупчење со бурмашина, малтер, масла, маснотии, бои и механички оштетувања. За време на фазата на изградба, цевките мора да бидат заштитени од постојано изложување на сонце.

РАУТЕРМ СПИД РАУТЕРМ СПИД К, РАУТЕРМ С - Спектар на оптоварување од класа 5 според ISO 10508
Следното е пример за претпоставките за времето на работа при различни температури за вкупен работен век од 50 години, користејќи го примерот на грејач на радијатори со висока температура (Класа на примена 5 според ISO 10508).

Температура на полегнување T_D	Притисок	Времетраење t_D
[°C]	[bar]	[години]
20	6	14
60	6	+ 25
80	6	+ 10
90	6	+ 1
Вкупно		50 години

Таб. 3-3 Комбинации на температура-притисок за работен век од 50 години лето / зима (Класа на примена 5 според ISO 10508)

ISO 10508 ги зема в предвид следните максимални оперативно вредности за варијабилен начин на работа со функционирање во лето и зима:
Максимална пресметана температура T_{max}:
90 °C (1 година за 50 години)

Краткорочна температура при дефект T_{mal}:
100 °C (100 часа за 50 години)
Максимален оперативен притисок: 6 bar
Работен век: 50 години

3.1.5 Видови цевки

РАУТЕРМ СПИД и РАУТЕРМ СПИД К

Сл. 3-11 РЕХАУ цевка РАУТЕРМ СПИД

- Цевка изработена од РАУ-Пекс А (RAU PE-Xa) според DIN 16892
- Со кислородна бариера
- Непропустлива за кислород според DIN 4726

Сл. 3-12 РЕХАУ цевка РАУТЕРМ СПИД К

- РАУТЕРМ СПИД Основна цевка завиткана со самолеплива лента
- Добри својства за брзо полегнување
- Добри држачки својства благодарение на координираните компоненти на самолепливата трака
- Едноставни корекции на полегнувањето

Одобрување и доказ за квалитет

Грејните цевки РАУТЕРМ СПИД и РАУТЕРМ СПИД К во димензии 10, 14 и 16 се тестирани со РЕХАУ техниката за поврзување со Подвижна навлака DIN CERTCO.

Сл. 3-13 Рег. бр.: 3V395 PE-Xa и 3V397 PE-Xa

Пакување за испорака за РАУТЕРМ СПИД и РАУТЕРМ СПИД К

d	s	Содржина	Пакување	Класа според ISO 10508	Притосок
[mm]	[mm]	[l/m]	[m]		[bar]
10	1,1	0,049	120/240	4 und 5	6
14	1,5	0,095	120/240/600	4 und 5	6
16	1,5	0,133	120/240/500	4 und 5	6

Таб. 3-5 Пакување за испорака за РАУТЕРМ СПИД и РАУТЕРМ СПИД К



Сл. 3-14 Дијаметар / дебелина на ѕид

Технички податоци РАУТЕРМ СПИД и РАУТЕРМ СПИД К

Конструкција на цевки	PE-Xa / Кислородна бариера
Боја на цевка	Портокалова
Рапавост на цевката	0,007
Линеарен коефициент на експанзија [mm/(m*K)]	0,15
Топлинска спроводливост [W/(m*K)]	0,35
Мин. Радиус на виткање без помош T ≥ 0 °C [mm]	5 x d
минимален преклоп на пречник 180° T ≥ 0 °C [mm]	10 x d
16 x 1,5 мин. Радиус на свиткување без помош T ≥ 0 °C [mm]	6 x d
16 x 1,5: мин. Отстапување на дијаметарот 180° T ≥ 0 °C [mm]	200 mm
мин./макс. Температура на обработка	–10 °C /+45 °C
Класа на градежен материјал според DIN 4102	B2
Класа на градежен материјал според DIN EN 13501	E

Таб.3-6 Технички податоци РАУТЕРМ СПИД и РАУТЕРМ СПИД К

Во ретки случаи, може да се појават мали меурчиња на површината на цевката на РАУТЕРМ СПИД, РАУТЕРМ СПИД К и РУТЕРМ С цевките за време на работата. Овие меурчиња не претставуваат намалување на квалитетот или употребливоста и не се критични.

При монтажа РАУТЕРМ СПИД К цевката на РЕХАУ разделникот и при обработка на РЕХАУ техниката на поврзување со подвижна навлака, самолепливата лента мора да се отстрани приближно 5 см од крајот на цевката.

РАУТЕРМ С

Сл. 3-15 РЕХАУ цевка РАУТЕРМ С

- Цевка изработена од РАУ-Пекс А (RAU PE-Xa)
- Пероксидно вмрежен полиетилен (PE-Xa) според DIN EN ISO 15875
- Со кислородна бариера
- Непропустливост за кислород според DIN 4726

Одобрување и доказ за квалитет

РАУТЕРМ С грејната цевка е тестирана за димензии 17/20 и 25 со техниката за поврзување со подвижна навлака, DIN CERTCO.

Сл. 3-16 Рег. бр.: 3V226 PE-Xa и 3V227 PE-Xa

Пакување за испорака РАУТЕРМ С

d	s	Содржина	Пакување	Класа според ISO 10508	Притисок
[mm]	[mm]	[l/m]	[m]		[bar]
17	2,0	0,133	5/120/240/500	5	6
20	2,0	0,201	5/120/240/500	5	6
25	2,3	0,327	5/120/300	5	6
32	2,9	0,539	5/50/100	5	6

Таб. 3-7 Пакување за испорака РАУТЕРМ С

Технички податоци РАУТЕРМ С

Конструкција на цевки	PE-Xa / Кислородна бариера
Боја на цевка	црвена
Грубост Рапавост на цевката	0,007
линеарен коефициент на експанзија [mm/(m*K)]	0,15
Топлинска спроводливост [W / (m * K)]	0,35
Мин. Радиус на виткање без помош T≥ 0 °C [mm]	5 x d
минимален преклоп на пречник 180 ° T ≥ 0 ° C [mm]	10 x d
мин./макс. Температура на обработка	–10 °C/+45 °C
Класа на градежен материјал според DIN 4102	B2
Класа на градежен материјал според DIN EN 13501	E

Таб. 3-8 Технички податоци РАУТЕРМ С

3.2 Техника на поврзување

3.2.1 РАУТЕРМ СПИД ,РАУТЕРМ СПИД К и РАУТЕРМ С

- РЕХАУ техника на поврзување со подвижни навлаки
- Трајно запечатено поврзување
- Без О-прстен (материјалот за цевки се запечатува сам по себе)
- Робусна технологија за поврзување, многу соодветна за градилишта
- Едноставна оптичка контрола
- Веднаш отпорен на притисок

- Не мешајте ги фитинзите и подвижни навлаки РАУТЕРМ СПИД, РАУТЕРМ СПИД К и РАУТЕРМ С (површинско греење / ладење) со фитинзи и подвижни навлаки на РАУТИТАН (на пр. Системски премини РАУТИТАН SX или РАУТИТАН комплети за поврзување со радијатор).
- Забележете ги димензиите дадени на фитинзите и подвижни навлаки

Фитинзи за цевки РАУТЕРМ СПИД, РАУТЕРМ СПИД К и РАУТЕРМ С

Сл. 3-19 Фитинг за цевки РАУТЕРМ СПИД, РАУТЕРМ СПИД К и РАУТЕРМ С

Фитинзи за цевки РАУТЕРМ СПИД, РАУТЕРМ СПИД К и РАУТЕРМ С			
Цевка	**Димензија (mm)**	**Материјал**	**Боја**
РАУТЕРМ СПИД РАУТЕРМ СПИД К	10,1 x 1,1	Месинг	Сребрена
	14 x 1,5	Месинг	Сребрена
	16 x 1,5	Месинг	Сребрена
РАУТЕРМ С	17 x 2,0	Месинг	Сребрена
	20 x 2,0	Месинг	Сребрена
	25 x 2,3	Месинг	Сребрена
		Месинг	Сребрена

Таб. 3-11 Фитинзи за РАУТЕРМ СПИД, РАУТЕРМ СПИД К и РАУТЕРМ С цевки

Техниката за поврзување со подвижна навлака за трајно запечатено поврзување е одобрена во согласност со DIN 18380 (VOB) за монтажа во естрих и бетон, како и под малтер без ревизионен отвор.

Заштитете ги фитинзите и подвижните навлаки од контакт при сидање односно естрих, цемент, малтер и други корозивни супстанци со помош на соодветна обвивка.

Подвижна навлака за РАУТЕРМ СПИД, РАУТЕРМ СПИД К и РАУТЕРМ С цевки

Сл. 3-20 Подвижна навлака за РАУТЕРМ СПИД, РАУТЕРМ СПИД К и РАУТЕРМ С цевки

Карактеристики

Димензии [mm]	Материјал	Боја	Карактеристики
10,1 x 1,1	Месинг	Сребрена	Еден обемен жлеб
14 x 1,5	Месинг	Сребрена	Два обемни жлеба
16 x 1,5	Месинг	Сребрена	Еден обемен жлеб + јака
17 x 2,0	Месинг	Сребрена	Два обемни жлеба
20 x 2,0	Месинг	Сребрена	Два обемни жлеба
25 x 2,3	Месинг	Сребрена	Два обемни жлеба
32 x 2,9	Месинг	Сребрена	Два обемни жлеба

Таб. 3-12 Подвижна навлака за РАУТЕРМ СПИД , РАУТЕРМ СПИД К и РАУТЕРМ С цевки

Подвижна навлака за површинско греење / ладење на РАУТЕРМ СПИД ,РАУТЕРМ СПИД К и РАУТЕРМ С цевките може да се пресуваат само од едната страна на фитингот.
Внимавајте на насоката на пресување!

Компресивни фитинзи

Сл. 3-21 Компресивна опрема за цевки РАУТЕРМ СПИД, РАУТЕРМ СПИД К и РАУТЕРМ С цевките

Сл. 3-22 Компресивна опрема за цевки РАУТЕРМ СПИД, РАУТЕРМ СПИД К и РАУТЕРМ С цевките

Други форми на делови како колена, преодни парчиња, Т-парчиња може да се најдат во ценовникот за градежна техника.

3.3 Алатки

Проширување и притискање

Слика 3-26 Алатка РАУТУЛ К (RAUTOOL K) K10, K14 и K16

- Рачна алатка за подвижни навлаки
- Комбинирани алатки за проширување и притискање
- Димензии 10, 14, 16 мм

Сл. 3-29 РАУТУЛ M1 (RAUTOOL M1)

- Рачна алатка за подвижни навлаки
- Димензии 16 - 40 мм

Сл. 3-27 Клешти за проширување систем за брзо менување Quick Change (QC)

- Погоден за проширување за глави е System Quick Change (QC) и System RO
- Димензии 16 - 40 мм

Сл. 3-30 Ножици за цевки за PE-Xa

- Ножици за цевки 25 за PE -Xa цевки, димензии 10 - 25 mm
- Ножици за цевки 40 за PE -Xa цевки, димензии 10 - 40 mm

Сл. 3-28 РАУТУЛ A-лајт (RAUTOOL A-light2) комбинирано

- Алатка за подвижни навлаки со хидрауличен диск на батерија
- Комбинирана алатка за проширување и притискање
- Димензии 16 - 40 мм

3.4 Дијаграм за загуба на притисок



Сл. 3-31 Дијаграм за загуба на притисок за РАУТЕМ СПИД , РАУТЕМ СПИД К, РАУТЕМ С ЦЕВКИ и РАУТИТАН флекс

3.5 Употреба во инсталациони системи на РЕХАУ

Преглед на РЕХАУ цевки за РЕХАУ системи за поставување на површинско греење / ладење

Системи за полегнување	**РАУТЕРМ СПИД К**			**РАУТЕРМ СПИД**			**РАУТЕРМ С**			
Димензии	**10**	**14**	**16**	**10**	**14**	**16**	**17**	**20**	**25**	**32**
Под										
РАУТЕРМ СПИД самолеплив систем	✓	✓	✓							
РАУТЕРМ СПИД плус самолеплив систем	✓	✓	✓							
РАУТЕРМ СПИД плус ренова самолеплив систем	✓									
РАУТЕРМ СПИД плус самолеплив систем за ниска градба	✓	✓	✓							
РАУТЕРМ СПИД сајлент самолеплив систем	✓	✓	✓							
Систем за подна плоча Варинова					✓	✓	✓			
Систем за такер плоча					✓	✓	✓	✓		
Систем РАУТАК 10 (RAUTAC 10)				✓	✓	✓	✓			
Систем за подлога за поддршка на цевки со ротирачки клип Кватро (quattro)					✓	✓	✓	✓		
Систем за РАФУКС - шина					✓	✓	✓	✓		
Систем за сува градба						✓				
Систем за сува градба TC-14					✓					
Систем за стегање на шини 10				✓						
Ѕид										
Ѕиден систем за греење / ладење во мокра градба				✓						
Ѕиден систем за греење / ладење во сува градба				✓						
таван										
Системско греење / ладење на таванот во мокра конструкција				✓						
Системски греење / ладење на таванот во сува градба				✓						
Изградба на имот										
Систем за контрола на температурата во близина на површината на јадрото на бетонот					✓					
систем за контрола на температурата на јадрото на бетонот							✓	✓		
Систем на индустриско површинско греење								✓	✓	
Систем за греење на отворен простор								✓	✓	
Систем со греење на подот							✓	✓	✓	
Систем на еластична спортска подна површина						✓				

Таб.3-15 Преглед на РЕХАУ цевки за РЕХАУ системи за поставување на површинско греење / ладење

4 СИСТЕМИ ЗА ПОД



РАУТЕРМ СПИД самолеплив систем



РАУТЕРМ СПИД сајлент самолеплив систем



РАУТЕРМ СПИД плус 2.0 самолеплив систем



РАУТЕРМ СПИД плус 2.0 самолеплив систем за ниска градба



РАУТЕРМ СПИД плус ренова самолеплив систем



Систем подна плоча Варионова



Систем РАУТАК 10



Такер-систем

Систем со шина 10



Систем РАУФИКС шина

Систем за сува градба ТС-14



Систем за сува градба

СОДРЖИНА

4	**Системи за под**	**23**
4.1	Основи	26
4.1.1	Норми и правила	26
4.1.2	Градежни предуслови	26
4.2	Планирање	26
4.2.1	Топлинска и звучна изолација	26
4.2.2	Определување на потребната звучна изолација	27
4.2.3	Мокра градба	28
4.2.4	Сув начин на градба	28
4.2.5	Естрих и спојки	29
4.2.6	Форми на полегнување	30
4.2.7	Форми на полегнување и грејни кругови	30
4.2.8	Упатства за пуштање во опсег	31
4.2.9	Подни покривки	32
4.3	РАУТЕРМ СПИД самолеплив систем	33
4.4	РАУТЕРМ СПИД сајлент	38
4.5	РАУТЕРМ СПИД плус 2.0 самолеплив систем	43
4.6	РАУТЕРМ СПИД плус 2.0 самолеплива систем за ниска изведба	49
4.7	РАУТЕРМ СПИД плус ренова самолеплив систем	53
4.8	Систем со подлога Варинова	67
4.9	Систем Такер плоча	73
4.10	Такер- систем	79
4.11	РАУТЕК 10 Систем	85
4.12	Систем РАУФИКС шина	95
4.13	Сув систем	101
4.14	РЕХАУ Основна плоча ТС-14	107
4.15	Систем шина 10	113
4.16	Системски прибор	116

4.1 Основи

4.1.1 Норми и правила

При планирање и изведба на РЕХАУ системите за површинско грење/ладење треба да се исполнат следниве норми и правила:
- DIN 18195, Изолации на градилиште
- ORNORM EN 13163-13171, материјали за топлинска изолација во објект
- ORNORM B 8110, Заштита топлина во високоградба
- ORNORM B 8115, заштита од бука во високаградба
- VDI 4100, заштита од бука во домовите
- DIN 18560, естрих во градба
- ORNORM EN 1264, системи за подно греење
- ORNORM EN ISO 11855 интегрирани системи за површинско греење и ладење
- EN 15377 системи за греење во објекти
- VDI 2078, пресметка на силата на ладењето
- ORNORM EN 1991, Влијание на носачи
- ORNORM EN 4102, противпожарна заштита при изградба на објекти
- DIN 18534 Хидроизлација на внатрешни простории
- OR НОРМ Б 2232
- OR НОРМ Б 3732

4.1.2 Градежни предуслови
- Просториите мора да бидат покриени, прозорците и вратите мора да се веќе вградени.
- Ѕидовите мора да се чисти
- За монтажа ормари за разделници на грејни кругови, мора да има на располагање ниши / вдлабнатини на ѕидовите, како и пробиви на ѕидовите и таваните за поврзување на водовите.
- Приклучоците за струја и вода мора да бидат достапни (за монтажни алати и тест за притисок).
- Голиот таван мора да биде доволно цврст, исчистен и сув и да ги исполнува толеранциите за рамност според DIN 18202.
- „Пукнатината на метар“ мора да биде достапна и проверена.
- Кај делови на градба кои се граничат со основата, мора да се исполнат условите за изолација на градба во согласност со DIN 18195.
- Мора да биде достапен план за полегнување со детали за точниот распоред на грејните кругови и потребните должини на цевките по греен круг.
- Заради евентуално потребни дилатациони фуги, мора да постои план за дилатациони фуги.

4.2 Планирање

4.2.1 Топлинска и звучна изолација

Не е дозволено на подот да се нанесат повеќе од два слоја на звучна изолација.
- Сумата на целосниот притисок од поставените слоеви за изолација не смее да ги надмине следните вредности:
  - 5 mm за оптоварувања на под ≤ 3 kN/m²
  - 3 mm за оптоварувања на под ≤ 5 kN/m²
- Празни цевки или други цевководи се полегнуваат во слојот за израмнување и изолација. Висината на тој слој е соодветна на висината на празните цевките или цевководи.
- Празните цевки или други цевководи не смеат да го прекинат потребниот слој на звучна изолација.
- При употреба на изолација од полистерол на слој од ботумен отпорен на лепак или на слој кој е преработен со лепак за битумен, неопходно е да се користи фолија помеѓу двата слоја
- РЕХАУ системите за полегнување мора да се чуваат на суво место.

Потреби од топлинска изолација според EnEV и ORNORM EN 1264

Топлинско-техничките барања за за фасада на објектот се утврдени со Уредбата за заштеда на енергија (EnEV) и прикажани во сертификатот за енергетски потреби создаден за конкретниот објект.
Независно од дадената термичка фасадата на објектот во сертификатот за енергетски потреби, мора да се земат в предвид и одредени минимални топлински отпори за поставување на површинското греење на приземје, каде одоздола има воздух со надворешна температура или кон незагреани простории (види табела подолу). Според информациите на Германскиот институт за градежна техника (DIBt), дополнителните специфични загуби на топлина при трансмисија може да се занемарат при топлинска изолација со топлинска пропустливост од најмалку 2,0 m² K/W помеѓу грејната површина и надворешниот конструктивен градежен дел односно градежниот дел кон незагреана просторија.

Случај на примена	Најм.вред. отпор на топлинска пропустливост	Евент.потребна дополнителна изолација
Д1.Одоздола загреана просторија	R ≥ 0,75 m²K/W	$R_{\text{дополнителна изолација}} = 0{,}75 - R_{\text{системска плоча}}$
Д2. Незагреана или периодично загреана просторија директно на земја	R ≥ 1,25 m²K/W	$R_{\text{дополнителна изолација}} = 1{,}25 - R_{\text{системска плоча}}$
Д3. Одоздола надворешна температура	R ≥ 1,25 m²K/W (Ta ≥ 0 °C)	$R_{\text{дополнителна изолација}} = 1{,}25 - R_{\text{системска плочае}}$
	R ≥ 1,50 m²K/W (0 °C >Ta ≥ –5 °C)	$R_{\text{дополнителна изолација}} = 1{,}50 - R_{\text{системска плоча}}$
	R ≥ 2,00 m²K/W (–5 °C >Ta ≥ –15 °C)	$R_{\text{дополнителна изолација}} = 2{,}00 - R_{\text{системска плоча}}$
Работен век	50 години	50 години

Таб. 4-1 Минимални барања за топлинска изолација под системи за подно греење / ладење според нормата ÖNORM EN 1264
[1] Ако нивото на подземните води е ≤ 5 m, R-вредноста треба да се зголеми.

При планирање на изолација 3 (Д3), мора да се земе предвид R-вредноста ≥ 2,00 m²K / W.

Следниве случаи на изолација се прикажани во овој ТИ:
D1 со R- вредност ≥ 0,75 m²K/W
D2 со R- вредност ≥ 1,25 m²K/W
D3 со R- вредност ≥ 2,00 m²K/W

4.2.2 Одредување на потребната звучна изолација

Минималните барања за звучна изолација се дефинирани во DIN 4109. Како доказ за усогласување со зголеменото ниво на заштита од бучава важат нормите според VDI 4100.
Исполнување на условот за звучна изолација според DIN 4109:

$L'_{n,w} + u_{prog} \leq zul.\ L'_{n,w}$ (dB)
mit
$L'_{n,w}$ проценето стандардно ниво на звук во dB
u_{prog} Неизвесност на прогнозата во однос на вредноста постигната на лице место во dB, за поедноставено одредување на безбедносниот фактор: $u_{prog} = 3$ dB
zul. $L'_{n,w}$ Норми за звучна изолација во dB

Пресметка на проценетото стандардно ниво на звук според DIN 4109 за цврсти тавани со таванска подлога:
За простории една над друга:
$L'_{n,w} = L_{n,eq,0,w} - \Delta L_w + K$
Ако простории кои не се наоѓаат една врз друга:
$L'_{n,w} = L_{n,eq,0,w} - \Delta L_w - K_T$ со:
$L'_{n,w}$проценето стандардно ниво на звук во dB
$L_{n,eq,0,w}$ еквивалентно проценето стандардно ниво на звук на основа во dB
ΔL_w проценето стандардно ниво на звук преку таванска подлога во dB
K Вредност на корекција за пренос на звук преку страничните градежни делови во dB
K_T Корекција на вредноста за да се земе предвид ситуацијата на пренос помеѓу просториите за испраќање и примање, во dB

Правилна звучната изолација е клучна за заштита кај подните конструкции. Степенот на подобрување на звукот зависи од динамичката цврстина на изолацијата и употребениот состав на естрих.

Мерка за подобрување на звучна изолација ΔLw на РЕХАУ подното греење / ладење во врска со естрих се пресметува според DIN 4109-3-4 и DIN EN 12354-2 од динамична крутост на систем плочата и масата на површината m' на естрех плочата. За да се одреди масата на површината на естрихот поврзан со минерали, мора да се почитуваат барањата според DIN 4109-3-4.
Поради поголемата севкупна дебелина на естрих плочата, подно греење / ладење со влажн естрих постигнува поголемо намалување на звукот отколку без подно греење / ладење

Слојот за изолација мора да се наоѓа на целата површина и материјалите за изолација мора да бидат цврсто затегнати. Ако се вградат неколку слоеви на топлинска и звучна изолација, слоевите за изолација мора да бидат поставени на таков начин што спојниците ќе се поместуваат еден од друг. Не смее да има повеќе од два слоја на звучна изолација.

Мерка за подобрување на звучна изолација ΔLw во dB за различни дебелини на естрисите
Земајќи го предвид подното греење со РАУТЕРМ СПИД 16 x 1,5 mm со растојание за поставување од 15 cm.



Сл. 4-1 Мерка за подобрување на звучна изолација ΔLw според динамичката крутост на звучна изолација за различни дебелини на естриси

4.2.3 Мокра градба

Градба на под

Примерот за градба на подот на РЕХАУ системите за греење и ладење е прикажан на сликата.



Сл. 4-2 Пример за градба на под со систем за подно греење и ладење во мокра градба

1 *Внатрешен малтер*
2 *Лајсни*
3 *Рабна изолациона трака*
4 *Подна покривка*
5 *Малтер / лепило*
6 *Естрих според DIN 18560*
7 *Фолија на рабна изолациона трака*
8 *РЕХАУ грејна цевка*
9 *РЕХАУ систем за поставување на плоча*
10 *Звучна и топлинска изолација*
11 *Изолација од влажност (според DIN 18195)*
12 *Основа*
13 *Земјен под*

Поставување на мокар естрих

При поставување на мокар естрих, особено мора да се почитуваат следниве точки:

- Целата површина мора да биде целосно затворена без ниеден отвор (градба на када).
- Постојаниете работни температури не смеат да надминат 55 °C. Во случај на естрих од калциумсулфат, работната температура обично не смее да надмине 45 °C.
- Кај влезни простории исклучително треба да се применува естрих од калциумфосфат. Овде особено треба да се земат во предвид информациите од производителот.

4.2.4 Сува градба

Градба на под

Примерот за градба на подот на РЕХАУ системите за подно греење и ладење на е прикажан на сликата.



Сл. 4-3 Примерна структура на систем за греење и ладење на подна цевка во сува конструкција

1 *Внатрешен малтер*
2 *Лајсни*
3 *Рабна изолациона трака*
4 *Подна покривка*
5 *Малтер / лепило*
6 *Сув естрих*
7 *Фолија на рабна изолациона трака*
8 *Заштитна фолија или битуменска хартија*
9 *Спроведување на топлина*
10 *РЕХАУ грејна цевка*
11 *РЕХАУ плоча за систем за сува градба*
12 *Звучна и топлинска изолација*
13 *Изолација од влажност (според DIN 18195)*
14 *Основа*
15 *Земјен под*

Поставување на суви естриси

При поставување сув естрих, особено мора да се почитуваат следниве точки:

- Сувите естриси изработени од гипсани влакна смеат да бидат изложени само на максимална температура од 45 °C
- Мора да се почитуваат спецификациите на производителите на елементи за сув естрих за звучна и топлинска изолација
- Дозволен товар на површина и на точки
- Норми за подлогата

4.2.5 Естрих и фуги

§ Порписите според DIN 18560 важат за планирање и изведба на естрих за греење. Покрај тоа, важат и прописите за обработка и дозволените области на примена од страна на производителот на естрих.

Следниве точки треба да се утврдат во фазата на планирање во договор со архитектот, планерот и присутниот изведувач на греењето, поставувачот на естрих и изведувачот на крајната горна покривка:
- Вид и дебелина на естрих и крајната подна покривка
- Распределба на естрих по површината, како и распределба и уредување на фуги
- Број на мерни места за мерење на остаток на влажност

Распределба на фуги

Неправилна распределба и формирање на фуги е најчеста причина за оштетување на естрихот кај подните конструкции.

§ Според DIN 18560 и ÖNORM EN 1264, важи следново:
- Мора да се изготви заеднички план од страна на градежниот планер и да му го даде на располагање на изведувачот како дел од описот за услугата
- Естрих со систем за греење покрај рабната изолациона трака, на следниве места треба да се раздели со дилатациони фуги:
  - кај површини на естрих > 40 m² или
  - кај странични должини > 8 m или
  - кај однос на страни a/b > 1/2
  - над подвижните дилатациони фуги во објектот
  - кај полиња кои се многу издигнати



Сл. 4-4 Распределба на фуги
- - - подвижна фуга

Промените на должини од температурата во должината на естрихот може да се пресметаат грубо на следниов начин:

$$\Delta l = l_0 \times \alpha \times \Delta T$$

Δl = Развлекување по должина (m)
l_0 = Должина на плочата (m)
α = Коефициент на развлекување по должина (1/K)
ΔT = Температурна разлика (K)

Подни покривки и фуги

Во случај на крути покривки (керамички плочки, паркет, итн.), фугите мора да се извлечени се до горниот раб на покривката. Оваа постапка се препорачува и за меки подни покривки (вештачки и текстилни) со цел да се избегнат испакнатини или вдлабнатините. За сите типови на покривки потребна е консултација со изведувачот на крајната подна покривката.

Распределба на грејни кругови

Грејните кругови и фугите треба да се усогласат на следниов начин:
- Регистрите за полегнување цевки треба да се проектираат и постават на таков начин што никогаш нема да минуваат низ фугите.
- Само приклучните водови смеат да поминат низ фугите.
- На тие места, грејните цевки мора да бидат заштитени со заштитна цевка (РЕХАУ заштитна цевка) и тоа над фугата од секоја страна под 15 см, за да се избегне пресекување на цевката.



Сл. 4-5 Правилена распределба на дилитациони фуги кај грејните кругови



Сл. 4-6 Неправилена распределба на дилитациони фуги кај грејните кругови

4.2.6 Форми на полегнување

Полегнување во форма на полжав

- Рамномерни температури на површината над целиот греен круг
- Заштитно полегнување на грејната цевка со 90° превиткување на цевката без проблем



Сл. 4-7 Полегнување во форма на полжав

Форма на полегенување на цевка единечна меандра

При употреба на изолациони плочи од минерална волна под системот за површинско греење, мора да се постави слободна гипсана плоча помеѓу системот за површинско греење и плочата од минерална волна со дебелина од 10мм.

Дозволени варијанти на градба

Дозволените варијанти на градба на сувите системи на полегнување зависат од условите за топлинска и звучна изолација како и од рамнината на основниот под.

Сувиот систем е погоден за употреба за цементни и течни естриси според DIN 18560

Препорачани најмали висини на естрих nach DIN 18560-2

Товар на површина	Естрих за цементен естрих CT Класа за цврстина од развлекување		Калциумфосфат течен естрих CAF Класа на цврстина од развлекување			Структурна шема
[kN/m^2]	F4	F5	F4	F5	F7	
≤ 2	s_u = 45 mm	s_u = 40 mm	s_u = 40 mm	s_u = 35 mm	s_u = 35 mm	
≤ 3	s_u = 65 mm	s_u = 55 mm	s_u = 50 mm	s_u = 45 mm	s_u = 40 mm	
≤ 4	s_u = 70 mm	s_u = 60 mm	s_u = 60 mm	s_u = 50 mm	s_u = 45 mm	
≤ 5	s_u = 75 mm	s_u = 65 mm	s_u = 65 mm	s_u = 55 mm	s_u = 50 mm	

Таб. 4-137 Висина на естрих според DIN 18520-2

Најмала потреба од изолација според ÖNORM EN 1264-4

Сл. 4-147 Најмали слоеви на изолација кај РАУТЕРМ СПИД самолепливиот систем
1 со звучна изолација (TSD)
2 без звучна изолација (TSD)
K Подрум

D1 Изолација случај 1:
$R \geq 0{,}75\ m^2K/W$
Загреана просторија одоздола

D2 Изолација случај 2:
$R \geq 1{,}25\ m^2K/W$
(Ако нивото на подземните води е ≤ 5 m, оваа вредност треба да се зголеми)
Незагреана или привремено загреана просторија под или директно на земја

D3 Изолација случај 3:
$R \geq 2{,}00\ m^2K/W$
Надворешна температура одоздола:
$-5\ °C > T_a \geq -15\ °C$

Оваа најмала потреба од изолација треба да се исполни незнависно изолацијата на грдбата што ја бара EnEV (види „Барања за топлинска изолација според EnEV и ORNORM EN 1264“).

Дебелината на естрихот според DIN 18560 над цевката, која е спомената во табелите за естрих CT F4 и CT F5, може да се намали за 10 mm ако
- се користи РЕХАУ завршницата за естрих NP „Мини“ и
- мешаниот рецепт се изведува според спецификациите на РЕХАУ и
- се врши професионална инсталација со механичка обработка на површината.

		Изолација случај 1		Изолација случај 2		Изолација случај 3	
		Со звучна изолација	Без звучна изолација	Со звучна изолација	Без звучна изолација	Со звучна изолација	Без звучна и золација
Дополнителна изолација Zd / Звучна изолација Td	**[mm]**	Td = 20-2 Изолација од дрвени влакна / минерална волна WLG 040	Zd = 10 EPS 040 DEO dm	Td 2 = 20-2 Изолација од дрвени влакна / минерална волна WLG 040 Zd 1 = 10 EPS 035 DEO dh	Zd = 30 EPS 035 DEO dh	Td 2 = 20-2 Изолација од дрвени влакна / минерална волна WLG 040 Zd 1 = 30 EPS 035 DEO dh	Zd = 40 PUR 024 DEO dh
Висина на изолација/ Висина на горната страна на цевката	**[mm]**	h = 43	h = 35	h = 53	h = 55	h = 73	h = 65

Таб. 4-138 Препорачана минимална градба за изолација на слоеви

Топлинско-технички испитувања

Сувиот систем TC-14 е топлинско-технички испитан и сертифициран според ÖNORM EN 1264.

Регистарски број	Димензија на цевка (d)	Покривка на естрих (s_u)
7F186-F	14 x 1,5 mm	25 mm



Сл. 4-148 Принципиелна структура на сувиот систем TC-14

1 *Внатрешен малтер*
2 *Лајсна*
3 *Изолациона трака*
4 *Природни и вештачки плочи*
5 *Малтер*
6 *Сув естрих*
7 *Подна фолија за рабна изолациона трака*
8 *Заштитна фолија според DIN 18560, PE- фолија или битуменска хартија*
9 *Плех со топлинска спроводливост со поз. 9*
10 *РЕХАУ грејна цевка*
11 *Основна плоча TC-14*
12 *Звучна и топлинска изолација*
13 *Изолација од влажност (според DIN 18195)*
14 *Основа*
15 *Земјен под*

При планирање и монтажа на сувиот системот TC-14 мора да се почитуваат барањата на ÖNORM EN 1264, Дел 4.

Можете да најдете дијаграми за изведба на Интернет на www.rehau.mk

Пример за монтирање на сув систем



Сл. 4-149 Пример на шема за полегнување на сувиот систем TC-14

1 *Основна плоча TC-14 со стегната ламела со топлинска спроводливост и полукружна ламела TC-14*
2 *РЕХАУ полна плоча*

4.15 Систем шина 10

Сл. 4-150 Систем шина 10

Сл. 4-151 Прицврстувачка подна шина 10



Сл. 4-152 Прицврстувачка шина 10

Сл. 4-153 Двоен држач 10

- Брзо и флексибилно полегнување на цевките
- Флексибилни можности за поврзување на подните грејни полиња
- Ниска градба на под
- Сигурно прицврстување на цевките

Опис

Прицврстувачката шина 10 се состои од високо стабилен полипропилен, отпорен на удар. Се користи за фиксирање на цевките низ кои поминува течност на носител на топлина, на веќе постоечки носечки подови како на пр. плочки и естрих. Можно е поставување растојанија од 5 см во рестер од 2,5 см и многупати.
Основната плоча на прицврстувачката шина е е отпорна на извртување и има вкупна висина од 13 мм.
На места на виткање на цевките, двојниот држач 10 се користи за сигурно фиксирање на цевките.
Подните полиња за греење / ладење се формираат со цевка РАУТЕРМ СПИД 10,1 x 1,1 mm.
Со Т-парчињата може неколку подни полиња за греење / ладење да се поврзат со постапкаsa Тихелман во едно грејно коло и да бидат приклучени на еден излез на разделникот на грејните кола.
Рабната изолациона трака служи за прифаќање на дилитација на поставената изеднувачка маса. Во зависност од прописите на производителот на изедначувачката маса се врши прицврстување со Рабната изолациона трака низ просторијата. Со заштитните цевки, поврзувачките водови сигурно без оштетување се водат надвор од изедначувачката маса кон ормарот за разделник.

Област на примена

Реновирање на станбени згради, особено во мали простории на веќе постоечки керамички подови од бањи и кујни или естрих. Особено за употреба со водени маси за изедначување и нивелирање за да се постигнат ниски висина на градба.

Компоненти на системот

- Прицврстувачка шина 10
- двоен држач 10

Прибор

- Рабна изолациона лента 80 мм
- Заштитна цевка 12/14
- Заштитна цевка 17
- заштитна цевка 20
- Профил за извлекување на фуги

Цевки кои се користат

- РАУТЕРМ СПИД 10,1 x 1,1 мм
- РАУТЕРМ С 17 x 2.0 mm како вод за поврзување
- РАУТЕРМ С 20 x 2.0 mm како вод за поврзување

Упатство за монтажа во под

Цевките се полегнуваат во форма на едноставна или двојна меандра.

1. Поставување на РЕХАУ ормар разделник
2. Вградување на РЕХАУ резделник.
3. Зацврстување на РЕХАУ Рабната изолациона трака низ просторијата.

Вообичаено достапните иглични или ударни чепови (дибли) 6 x 40 или средствата за зацврстување погодни за таа намена може да се користат за зацврстување на прицврстувачката шина 10 и двојниот држач 10.

4. Чистење на подот од прашина
5. Фиксирање на прицврстувачката шина на постоечкиот под. Притоа треба да се задржат следниве растојанија:
   - Помеѓу две шини ≤ 40 см
   - Помеѓу шина и агол на просторијата односно поечтокот на грејното поле најмалку 20 см
   - Помеѓу точките на зацврстување на шината ≤ 20 cm
6. По потреба се фиксираат одделни доводи на прицврстувачката шина 10.
7. Фиксирање на двојниот држач на подот.
8. Подното грејно/ разладувачко поле се прави според планираното растојани на полегнување.
9. Клапнување на РАУТЕРМ С цевката во прицврстувачка шина 10 и во двојниот држач.
10. Врзивните водови по потреба треба да се изолираат според важечките прописи.
11. Поврзување на врзивните водови на разделникот на грејни кругови.

При примена на израмнувачки материјали, треба да се внимава на рамно поставување на цевките. Затоа полегнувањето на цевките треба да се изврши со што е можни помалку усукување.

За да се избегне недозволено подигнување на цевката на местата на незиното виткање, потребни е прицврстување на држачот за виткање.



Сл. 4-154 Изведба на форма едноставна меандра VA 10 (поглед одозгора-подна површина)



Сл. 4-155 Изведба на форма двојна меандра VA 5 см (поглед одозгора-подна површина)

Планирање и координација

Најнапред треба да се внимава на следниве точки:
- Навремена координација на изведувачот на греење со изведувачот на крајната подна покривка заради терминирање и третирање на површината која треба да биде полегната со цевки
- Доволно време за сушење на материјалот за израмнување

Норми за подна основа

Подната основа треба да ги исполнува нормите според DIN 18202.

Подната основа мора да ги исполнува следните барање:
- Да биде рамна и да не се клати
- Да има носивост и да биде цврста
- Нејзината форма да биде стабилна
- Да не содржи разделливи материјали
- Да биде чиста
- Оштетените делови треба да се отстранат
- Старите подни покривки како теписи, ламинати, линолеум итн. треба да се отстранат

- Рамномерно всисување на прав
- Да биде чиста и сува
- Минималната температура на под да биде 5 до 15 °C зависно од производителот на материјалот за израмнување
- Минималната собна температура треба да биде од 5 до 18 °C зависно од производителот на материјалот за израмнување

Претходно третирање на подната основа

Третирањето на подната основа е заради цврстот и трајното спојување помеѓу масата за порамнување и нивелирачката маса и подната основа и затоа тоа мора да биде договорено уште пред инсталацијата помеѓу инсталаторот за греење и инсталаторот на крајната подна покривка:
- Пред нанесување на основата, мора да бидат завршени сите работи на штемување и бушење
- Да се провери долната-основа
- Нерамнините траба да се санираат
- Се остранат/ заштитат металните делови кои можат да доведат до корозија
- Се отстранува површината
- Се нанесува основата на естрихот според упатствата на прозиводителот

Генерално треба да се почитуваат упатствата дадени од страна на производителот на масата за порамнување, при самото нанесување.

Температури на горната површина

Треба да се внимава на следните максимално дозволени температури на горната површина според ÖNORM EN 126:
- Греење на под:
  - Зона на престој 29 °C
  - Рабна зона °C
- Ладење на под:
  - Температура на горна површина n ≥ 19 °C

За планирање и големина треба да се почтуваат миниланите и масималните дозволени работни температури според производителот на порамнувачката маса.

Топлинска и звучна изолација

Во основа, овде важат нормите за топлинска изолација според EnEV, а за звучна изолација според DIN 4109, DIN 4100 каки и актуелните технички информации за куќни инсталации.

Овој систем е наменет за употреба кај веќе постоечки подни основи кои имаат одредена носивост и ги исполнува соодветните норми.

Податоци за капацитет

Дијаграми за капацитет и табели ќе најдете на нашата интернет страна www.rehau.mk

Техника на регулирање

Поставената техника на регулирање е наменета за РЕХАУ површинското греење/-ладење.

Упатства за пуштање во работа

Пуштањето во работа на системот на прицврстувачката шина 10 ги содржи следниве чекори:
- Плакнење, полнење и обезвоздушување
- Проверка на притисок
- Функционални греење

Особено треба да се почитуваат упатствата за порамнувачката маса, како и кај РЕХАУ ѕидното греење/-ладење.

Порамнувачка маса

Задолжително треба да се почитуваат прописите дадени од страна на производителот на порамнувачките маси за начинот на преработка и областите на примена.

Мора да се почитуваат максимално дозволените работни температури за порамнувачките и нивелирачките маси.

За влажни простории исклучително се наменети материјали за израмнување од гипс.
Кај подни основи од дрво, употребата на порамнувачка маса исто така е ограничена и затоа треба да се почитуваат прописите на производителот.
Трајните работни температури на порамнувачките и нивелирачките маси на база на цемент лежат помеѓу +45 °C и +50 °C. Материјалите кои се на база на гипс да бидат загреани до максимална трајна работна температура од +45°C.

Подни покривки

Кај крути покривки дилатационите фуги мораат да бидат извлечени до горната трака на покривката. Ова се препорачува и за меки подни покривки. Секогаш задолжително е потребен договор со изведувачот на крајната подна покривка.

4.16 Системски прибор

Профилирана рабна изолациона трака 8/150

Сл. 4-156 Профилирана рабна изолациона трака 8/150

- Профилирање за оптимално формирање на агли
- Самолеплива трака на задната страна
- Долг јазик на фолија
- Погоден за поден естрих

Област на примена

- Подна плоча Варинова
- Такер-систем
- РАУФИКС
- Подлога за цевки
- Сув систем
- Основна плоча ТС-14

Технички податоци

Материјал на изолационен профол	PE
Материјал на јазик на фолија	PE
Класа на градежен материјал DIN 4102	B2
Однос кон пожар DIN EN 13501	E
Висина [mm]	150
Дебелина [mm]	8
Должина на јазик на фолија [mm]	230
самолеплива трака на задната страна	Да
Јазик на фолија со леплива трака	Не

Таб. 4-139 Технички податоци за Профилирана рабна изолациона трака 8/150

Опис

Профилираниот PE-ѕид на рабната изолациона трака обезбедува јасно формирање на ѕидни агли и испакнатини. Ламинираните лепливи ленти на задната страна од ѕидот гарантираат максимална цврстина на лепилото и брзо склопување.
Робусната база на јазикот на фолијата спречува навлегување на влага и вода од естрих.
Со ова се избегнуваат звучни и топлински мостови. Рабната изолациона лента ја нуди опцијата за движење од 5 мм за грејни естриси според нормите на DIN 18560.

Монтажа

Во полето на ударните места РЕХАУ рабната изолациона трака мора да се најмалку 5см превиткана.

1. Отстранување на леплива лента од задниот ПЕ-ѕид
2. Прикачување на рабната изолациона трака со јазикот на фолијата во просторијата. Буквите на РЕХАУ треба да покажуваат нагоре.
3. Лабаво поставување на јазикот на фолијата на РЕХАУ подното греење / ладење.
4. Лабаво залепување на јазикот од фолија на системската плоча со леплива лента.

РАУТЕРМ СПИД рабна изолациона трака

Сл. 4-157 РАУТЕРМ СПИД рабна изолациона трака

- Семолеплива лента на задната страна
- Јазик од фолија со самолепива ленти
- Должина на јазик од фолија оптимизирана за самолеплив системи
- Погоден за поден естрих

Области на примена

- РАУТЕРМ СПИД
- РАУТЕРМ СПИД плус
- РАУТЕРМ СПИД сајлент
- Подна плоча Варионова
- Такер систем

Опис

Ламинираните лепливи ленти на задната страна од ПЕ-ѕидот и на основата на фолијата гарантираат максимална цврстина на лепило и брзо склопување. Робусната база на јазикот на фолијата спречува навлегување на влага и вода од естрих.
Со ова се избегнуваат звучни и топлински мостови. Рабната изолациона лента ја нуди опцијата за движење од 5 мм за грејни естриси според нормите на DIN 18560.

Монтажа

Во полето на ударните места РЕХАУ рабната изолациона трака мора да се најмалку 5 см превиткана.

1. Отстранување на леплива лента од задниот ПЕ-ѕид
2. Прикачување на рабната изолациона трака со јазикот на фолијата во просторијата. Буквите на РЕХАУ треба да покажуваат нагоре.
3. Лабаво поставување на јазикот на фолијата на РЕХАУ подното греење / ладење.
4. Отстранување на лепливата лента на јазикот на фолијата
5. Лабаво залепување на јазикот од фолија на системската плоча со леплива лента.

Технички податоци

Материјал на изолационен профол	PE
Материјал на јазик на фолија	PE
Класа на градежен материјал DIN 4102	B2
Однос кон пожар DIN EN 13501	E
Висина [mm]	150
Дебелина [mm]	8
Должина на јазик на фолија [mm]	100
Самолеплива трака на задната страна	Да
Јазик на фолија со леплива трака	Да

Таб. 4-140 Технички податоци за РАУТЕРМ СПИД рабна изолациона трака

Рабна изолациона трака со фолија

Сл. 4-158 Рабна изолациона трака со фолија

- ПЕ- Рабна изолациона трака со места за кинење
- Долг јазик на фолија
- Погоден за поден естрих

Област на примена
- Подна плоча варионова
- Такер-систем
- РАУФИКС
- Подлога за цевки
- Сув систем
- Основна плоча ТС-14

Технички податоци

Материјал на изолационен профол	PE
Материјал на јазик на фолија	PE
Класа на градежен материјал DIN 4102	B2
Однос кон пожар DIN EN 13501	E
Висина [mm]	150
Дебелина [mm]	8
Должина на јазик на фолија [mm]	165
самолеплива трака на задната страна	Не
Јазик на фолија со леплива трака	Не

Таб. 4-141 Технички податоци за рабна изолациона со фолија

Опис
Ламинираните лепливи ленти на задната страна од ПЕ-ѕидот и на јазикот на фолијата гарантираат максимална цврстина на лепило и брзо склопување.
Робусната база на јазикот на фолијата спречува навлегување на влага и вода од естрих.
Со ова се избегнуваат звучни и топлински мостови. Рабната изолациона лента ја нуди опцијата за движење од 5 мм за грејни естриси според нормите на DIN 18560.

Монтажа

Во полето на ударните места РЕХАУ рабната изолациона трака мора да се најмалку 5см превиткана.

1. Прикачување на рабната изолациона трака со јазикот на фолијата во просторијата. Буквите на РЕХАУ треба да покажуваат нагоре.
2. Лабаво поставување на јазикот на фолијата на РЕХАУ подното греење / ладење
3. Лабаво залепување на јазикот од фолија на системската плоча со леплива лента.

Рабна изолациона трака 80 мм

Сл. 4-159 Рабна изолациона трака 80 мм

- Самолеплива лента на задната страна
- Самолеплива јазик од фолија
- Погоден за поден естрих
- Оптимално формирање агол

Област на примена
- РАУТЕРМ СПИФ плус ренова
- РАУТАК 10
- Систем за реновирање 10
- Основна плоча ТС-14

Технички податоци

Материјал на изолацион профол	PE
Класа на градежен материјал DIN 4102	B2
Однос кон пожар DIN EN 13501	E
Висина [mm]	80
Дебелина [mm]	8
Должина на јазик на фолија [mm]	50
самолеплива трака на задната страна	Да
Јазик на фолија со леплива трака	Да

Таб. 4-142 Технички податоци за рабна изолациона со фолија 80мм

Опис

Ламинираните лепливи ленти на задната страна од ПЕ-ѕидот и на јазикот на фолијата гарантираат максимална цврстина на лепило и брзо склопување.
Робусната база на јазикот на фолијата спречува навлегување на влага и вода од естрих.
Со ова се избегнуваат звучни и топлински мостови. Рабната изолациона лента ја нуди опцијата за движење од 5 мм за грејни естриси според нормите на DIN 18560.

Монтажа

Во полето на ударните места РЕХАУ рабната изолациона трака мора да се најмалку 5см превиткана.

1. Отстранување на леплива лента од задниот ПЕ-ѕид.
2. Прикачување на рабната изолациона трака со јазикот на фолијата во просторијата. Буквите на РЕХАУ треба да покажуваат нагоре.
3. Лабаво поставување на јазикот на фолијата на РЕХАУ подното греење / ладење.
4. Отстранување на лепливата лента на јазикот на фолијата
5. Лабаво залепување на јазикот од фолија на системската плоча со леплива лента.

Заштитна фолија

Сл. 4-160 Заштитна фолија изработена од полиетилен (ПЕ)

ПЕ- заштитна фолија за покривање на топлотна и звучна изолација.

Технички податоци

Висина [mm]	100
Ширина [mm]	1.200
Дебелина [mm]	0,2

Таб. 4-143 Технички податоци заштитна фолија

Профил на дилатациони фуги

Сл. 4-161 Профил на дилатациони фуги

- Самолеплив
- Флексибилен
- Брза монтажа

Област на примена

- РЕХАУ системи за подно греење / ладење

Технички податоци

Висина [mm]	1200
Ширина [mm]	10
Дебелина [mm]	100
База	Самолеплив

Таб. 4-144 Технички податоци за профил на дилатациони фуги

Опис

Профилот на дилатациони фуги се користи за формирање трајно еластични фуги кај греен естрих и за разграничување на полињата на естрихот.
Самолепливиот јазик на профилот за дилатациони фуги обезбедува сигурно држење на РЕХАУ системите за подно греење.

Монтажа

1. Сечење на околу 30 см долгите чепови од РЕХАУ заштитната цевка и нивното клапнување во полето на дилитационите фуги над поврзувачките водови.
2. Отстранување на дело од профилот на дилатационите фуги во полето на поврзувачките водови (со клешта).
3. Отстранување на заштитната трака од јазикот на профилот за дилатациони фуги.
4. Лепење на профилот за дилатациони фуги.

Сл. 4-162 Профилот за дилатациони фуги на подна плоча варионова.

Заштитна цевка



Сл. 4-163 Заштитна цевка

Заштитната цевка и заштитната цевка со фабрички отвор за брза и лесна монтажа се изработени од полиелтен и се користат во полето на дилатациони фуги. Исто така, може да се користи за водење спојните водови надвор од бетонскиот плафон по горната страна на плафонот.

Технички податоци

Својства	Заштитна цевка	Заштитна цевка со отвор
Материјал	PE	PE
Внатрешно Ø [mm]	17/19/23	19/23
Надворешно Ø [mm]	21/24/28	24/28
Должина [mm]	50	50
Боја	црна	црна

Таб. 4-145 Технички податоци за заштитна цевка и заштитна цевка со отвор

РАУТЕРМ ИСО-ленти

Сл. 4-164 РАУТЕРМ ИСО-ленти

- Многу издржлив поради ламинираната ПЕ-фолија на целата површина на задната страна
- Самолепливи преклопувачки ленти на долгата страна

Опис

РАУТЕРМ ISO-лентите за примена во полиња на греен естрих и рабни фуги во согласност со DIN 18560 и за создавање на промена на нивото од нивото на изолација до нивото на греен естрих со РАУТЕРМ исо СПИД К системите и РАУТЕРМ исо ТАК 10.

Монтажа

1. Поставување на РАУТЕРМ ИСО-лентата под грејната цевка.
2. Виткање на лентата цврсто околу цевката и лепење со превтикување на самолепливата трака.

Технички податоци

Материјал	ПЕ-пена
Задна страна	целосно ламинирана ПЕ-фолија со самолепливи преклопувања на долгата страна
Должина [mm]	300
Ширина [mm]	80
Дебелина [mm]	5

Сл. 4-146 Технички податоци за РАУТЕРМ ИСО-ленти

Самолеплива трака/ Држач за самолеплива трака

Сл. 4-165 Самолеплива трака



Сл. 4-166 Држач за самолеплива трака

- Голема сила на лепење
- Голема цврстина до кинење
- Екстремно лесен држач за самолеплива трака

Области на примена

- За заптување на вода од естрих
- За задолжително лепење на превитканите делови на фолијата во сите системи за поставување во кои преклопувањето не заптува против вода од естрих.

Технички податоци

Ширина на ролна [mm]	50
Должина на ролна [m]	66
Цврстина на кинење [N/mm^2]	Најмалку 10

Таб. 4-147 Технички податоци за самолеплива трака

БКТ заштитна лента



Сл. 4-167 БКТ заштитна лента

- Еластична лента
- Заптување на спојка со подвижна навлака против бетон и вода од естрих.

Област на примена

За заштита на спојката со подвижна навлака од директен контакт со бетон или вода од естрих во согласност со DIN 18560.

Технички податоци

Материјал	Мек-ПВЦ
Боја	Rot
Ширина [mm]	50
Должина [m]	33

Сл. 4-148 Технички податоци за БКТ заштитна лента

РАУТЕРМ СПИД Лента за фиксирање



Сл. 4-168 РАУТЕРМ СПИД Лента за фиксирање

- Дополнителна лента за фиксирње на очигледно неопходните места
- Пред-перфорирана лента за лесно откинување на мали парчиња лента

Опис

РАУТЕРМ СПИД Лента за фиксирање е обезбедена со куки од едната страна и се користи на очигледно неопходните места каде што цевката исто така мора да се фиксира.

Монтажа

1. Откинете го парчето лента при перфорацијата.
2. Ставете ја лентата на цевката или над неа и цврсто притиснете на самолепливиот систем за изолација.

Компоненти на естрих P

Сл. 4-169 Компоненти на естрих P

- Подобрување на течната состојба и можноста за преработка
- Хомогенизација на структурата на естрихот
- Подобрување на цврстината на против виткање и притискање
- Подобрување на топлинскотехничките особености

Област на примена

Компонентите за естрих P е погодна за намена со цементен естрих во согласност со DIN 18560.

Потрошувачка според површина

Општо: 0,035 kg компоненти на естрих P за cm дебелина на естрих и m^2 површина.

Технички податоци

Единица на испорака	Туба со 10 кг
Густина	1,1 g/cm^3
Ph- вредност	8
Однос кон пожар	Незапалив
Чување	На ладно и суво по 0 °C
Рок на треање	Види го листот приложен во пакувањето
Еколошка оценка	сигурни

Таб. 4-149 Технички податоци за Компоненти на естрих P

Компоненти на естрих “Mini”

Сл. 4-170 Компоненти на естрих “Mini”

- Конструкција на тенкослојни, вештачки модифицирани естриси
- Значително зголемување на цврстината на превиткување и притиснување
- Заштеда на вода за подготвка на естрихот
- Подобрување на преработливоста

Тенкослојни топлински естриси мора да се создадат во согласност со DIN 18560, Дел 2, така што покривката на цевките да биде од најмалку 30 mm. Компонентите за естрих „Mini“ го поддржуваат и го комплетираат овој предуслов, истовремено зголемувајќи ја содржината на цемент.

Област на примена

- За цементни естриси според DIN 18560
- За сите системи за РЕХАУ подно греење / ладење

Технички податоци

Единица на испорака	Туба со 25 кг
Густина	1,05 g/cm3
Ph- вредност	8
Однос кон пожар	Тешко запаливо
Чување	На суво не под 0 °C
Рок на треање	Види го листот приложен во пакувањето
Еколошка оценка	Биолошки разградливи

Таб. 4-150 Технички податоци за Компоненти на естрих “Mini”

Опис

Со додавање на Компоненти на естрих “Mini”, синтетичките влакна и зголемување на содржината на цемент

- Дебелината на естрихот кај грејните естриси според DIN 18560 може да се намали на минимум 30 мм покривка на естрихот врз цевката, во зависност од теретот на користење.
- Се зголемува класата на цврстина на цементната естриха.
- Се намалува формирањето на пукнатини за време на процесот на сушење и стврднување.

Синтетички влакна за компоненти за естрих „Mini“

Сл. 4-171 Синтетички влакна

Потрошувачка според површина

- Општо, 0,2 компоненти за естрих „Mini“ по см дебелина на естрих и m^2 површина.
- Општо, 10 g синтетички влакна по cm дебелина на естрих и m^2 површина

Технички податоци Синтетички влакна

Единица на испорака	Кеса со 1кг
Материјал	Влакна од полипропилен
Форма на испорака	Влакна
Должина на влакна	19-20мм
Спелцијална тежина	Околу 0,9 g/cm^3

Таб. 4-151 Технички податоци Синтетички влакна

Опис

За да се намали пукањето за време на процесот на сушење и стврднување.

Мерна станица за остаток на влага

Сл. 4-172 Мерна станица за остаток на влага

Опис

За да се одреди остатокот влага во естрих со помош на ЦМ мерења, мора да се земат примероци од естрихот.
При проверки на влажност на немаркирани мерни места, постои опасност од оштетување на грејниот систем. Затоа, за обележување на овие осетливи места се поставуваат мерните станици за остатокот на влага.
Се поставуваат на површината на грејниот систен на 4 ножно постоље пред да се нанесе естрихот.
Бројот и положбата на мерните станици ги одредува архитект или планерот. Доколку е потребно, во секоја просторија се поставува најмалку една мерна станица.

Разделник на врата со водилка за цевки



Сл. 4-173 Разделник на врата со водилка за цевки

- Водење на грејната цевка при положување
- Позиционирање на вратите
- Бесконечно прилагодлива ширина на ширење 570 mm - 960 mm
- Отворен водечки прстен

Истиснувачка пумпа



Сл. 4-174 Истиснувачка пумпа

- Прецизна пумпа за точна и брза проверка на притисок и густина
- Можно е тестирање на притисок со вода и антифриз
- Тестирање и полнење на притисок во едно

Област на примена

Проверката за притисок и густина на грејните кола на РЕХАУ системите за подно греење / ладење според ORNORM EN 1264 Дел 4 се изведува со истиснувачка пумпа.

Технички податоци

Димензии [mm]	720 x 170 x 260
Волумен на сад (литри)	12
Поле на притисок [bar]	0 – 60
Волумен на вшмукување	Околу 45 ml / Hub
Приклучок	R ½“
Тежина [kg]	Околу 8

Таб. 4.152 Технички податоци Истиснувачка пумпа

Водилка за цевка

Сл. 4-175 Димензии на свиок на водилка за цевки 10, 14, 16/17, 20, 25

За точнополегнување на грејната цевка при приклучок со разделник.

Технички податоци

Материјал	Полиамид
Боја	Црна
Димензии	10, 14, 16/17, 20, 25

Таб. 4-153 Технички податоци за водилка за цевки

Алат за сечење на цевки

Сл. 4-176 Алат за сечење на цевки

Опис

Со алатот за цевки, индивидуалните водилки за цевки се сечат на плочитеза топлина и звук на самото место.

Обезбедете соодветна вентилација додека работи алатот за сечење на цевки.

ВНИМАНИЕ Опасност од изгореници и пожар!

- Никогаш да не се допира жешкото сечило на алатот за сечење цевки
- Да не се остава алатот за сечење цевки без надзор при работа
- Да не се остава алатот за сечење цевки на запаливи површини

Технички податоци

Напон на мрежа	230 V
Моќност	60 W
Тежина	Околу 1 kg
Сечење за дијаметар на цевки	14 mm 16 mm

Таб. 4-154 Технички податоци Алат за сечење на цевки

Заштитни ракавици

Сл. 4-177 Заштитни ракавици

Ракавиците ги штитат дланките од повреди предизвикани самолепливата трака од РАУТЕРМ СПИД К цевките.

Уред за одмотување на цевки

Сл. 4-178 Уред за одмотување на цевки

- Одмотување прилагодливо по висина
- Пружини и вкрстени раце за водење на цевката
- Брзо и едноставно ракување
- Едноставно и краткотрајно поставување на РАУТЕРМ СПИД, РАУТЕРМ С, РАУТИТАН стабил и РАУТИТАН флекс цевки
- Овозможува поставување од страна на еден човек

Област на примена

- РАУТЕРМ СПИД цевки
- РАУТЕРМ СПИД К цевки
- РАУТЕРМ С цевки
- РАУТИТАН флекс цевки
- РАУТИТАН стабил цевки

Во номинална ширина до 20 mm и должина на цевки до 600 m.

Опис

Со уредот за одмотување на цевките на РЕХАУ носителот на медиумот може брзо и лесно да се постават на градежниот објект.

Монтажа

1. Отстранување на сигурносната завртка за транспорт
2. Отварање на подвижни ножиња
3. Повлекување на продолжетоците на ножињата
4. Отворање на подвижните раце за поставување
5. Подигнување на рацете за фиксирање
6. Повлекување на продолжетоците до максимум висина на прстен/ ширина на прстен.

Технички податоци

Пречник вкупно	1,40
Всина уред за одмотување на цевки	Поставен-околу 86
Материјал	Челик/ поцинкуван
Тежина без котур со цевка	Околу 12,5

Таб. 4-155 Технички податоци Уред за одмотување на цевки

Топлински уред за одмотување на цевка



Сл. 4-179 Топлински уред за одмотување на цевка

- Полесно поставување на цевките што го носат медиумот за:
- Ниски надворешни температури и во незагреани простории
- Мали растојанија на полегнување
- Поставување на големи котури на цевка (до 600 метри должина)

Наменет за котури на цевки

- До должина од 600 m со надворешен дијаметар на цевки до 17 mm
- До должина од 500 m со надворешен дијаметар на цевката од 20 mm
- До должина од 350 m со надворешен дијаметар на цевката од 25 mm
- До должина од 200 m со надворешен дијаметар на цевката од 32 mm.

Предуслови за поставување

- Достапно приклучок за вода
- Инсталиран разделник на грејни кругови на предвидената позиција
- Можно е потреба на уред за контрола на температурата

Опис

Топлинскиот уред за одмотување на цевки се состои од одмотувач на кој може да се приклучи уред за контрола на температурата циркулирачка пумпа.
Со проток на топла вода од 50 °C до 60 °C цевките кои треба да бидат полегнати, стануваат меки, дури и под неповолни услови, а поставувањето се одвива брзо и лесно.

Монатажа

1. Приклучување на појдовнот и повратниот вод на уредот за контролирање на температурата со појдовниот и повратниот вод на РЕХАУ разделникот на грејни кругови.
2. Поставување на котурот со цевката на уредот за одмотување.
3. Приклучување на појдовниот вод на котурот со соодветниот излез на разделнико.т
4. Приклучување на повратниот вод на котурот со бубањот на уредот за одмотување на цевката, а од таму поставување на црвениот приклучок назад кон разделникот на грејните кругови.
5. Полнење на котурот и уредот за темпирање со вода и пуштање во работа.

Технички податоци

Должина [m]	1,20
Ширина [m]	0,78
Должина [m]	0,93
Тежиан без котурот на цевка [kg]	са. 37

Таб. 4-156 Технички податоци за Топлинскиот уред за одмоување на цевки

5 СИСТЕМИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА SИД



Систем за sидно греење/ладење во сув начин на градба



Систем за sидно греење/ладење во мокар начин на градба

СОДРЖИНА

5	**Системи за поставување на ѕид**	**125**
5.1	Систем за ѕидно греење/ладење во сув начин на градба	127
5.1.1	Ѕидна инсталација во сув начин на градба	132
5.2	Систем за ѕидно греење/ладење во мокар начин на градба	133
5.2.1	Основи за ѕидно греење/ладење во мокар начин на градба	135
5.2.2	Малтери за системот за ѕидно греење/ладење во мокар начин на градба	136
5.2.3	Планирање на системот за ѕидно греење/ладење во мокар начин на градба	137

5.1 Систем за сидно греење/ладење во сув начин на градба



Сл. 5-1 Систем за сидно греење/ладење во сув начин на градба

Сл. 5-2 Спојка

Сл. 5-3 Подвижна навлака

Сл. 5-4 Т-парче

Сл. 5-5 Цевка РАУТЕРМ СПИД

- Висок капацитет на греење
- Брзо загревање
- Малку работа при глетување
- Добро ракување
- Претходно направени дупки за зацврстување

Системски компоненти

- Сиден елемент 2000 x 625 mm / 1,25m^2
- Сиден елемент 1000 x 625 mm / 0,625m^2
- Холендер спојка со стезен прстен 10
- Премин со холендер за поврзување 10
- Спојка 10
- Подвижна навлака 10
- Преоден дел со надворешен навој 10-R ½“
- Преодни фитинзи за поврзување на водовите

Цевки кои се користат

- РАУТЕРМ СПИД 10,1 x 1,1 mm

Водови

- РАУТЕРМ СПИД 16 x 1,5 mm
- РАУТЕРМ С 17 x 2,0 mm
- РАУТЕРМ С 20 x 2,0 mm
- РАУТЕРМ С 25 x 2,3 mm
- РАУТЕРМ С 32 x 2,9 mm

Прибор

- Термална фолија

Опис

Основата на sидното греење/ладење во сув начин на градба ја сочинуваат готови гипсани плочи според DIN 18180/DIN EN 520. Гипсаната плоча, засилена со влакна и синтетичките плочи, не содржи елементи кои можат да му наштетат на здравјето на човекот и немаат никаква миризба. Sидното греење/ладење во сув начин на градба се состои од гипсана плоча со жлебови и фабрички внесена РАУТЕРМ СПИД цевка со 10,1 x 1,1 mm на растојание на полегнување од 45 mm во форма на полжав.

Со помош на два sидни елементи, со различна големина, може да се постигне висок степен на покриена активна sидна површина, дури и кај аголните sидни површини. Неактивните делови на sидот може да бидат затворени со вообичаени гипсани плочи со дебелина од 15 mm. Заоблувањето од 45° на подолгата страна на sидните елементи овозможува едноставна конструкција на лицето на sидот.

	Единица мерка	Sиден елемент	
Стандарден капацитет на ладење согласно DIN EN 14240 (8 K)[1)]	W/m²	33,3	
Стандарден капацитет на ладење согласно DIN EN 14240 (10 K)[1)]	W/m²	43,2	
Стандарден капацитет на греење согласно EN 442 (10 K)[1)]	W/m²	42,1	
Стандарден капацитет на греење согласно EN 442 (15 K)[1)]	W/m²	67,8	
Однесување при пожар согласно DIN EN 13501	-	E	
Класа на градежен материјал според DIN 4102	-	B2	
Површина на елементот	m²	1,25	0,625
Должина[2)]	mm	2000	1000
Широчина[2)]	mm	625	625
Дебелина[2)]	mm	15	15
Тежина на елементот	kg	20	10
Должина на цевката	m	20,0	10,0
Загуба на притисок на елементот при m = 25 kg/m²·h	Pa (mbar)	2.310 (23)	370 (3,7)
Капацитет на ладење на елементот (8 K)[3)]	W	41,7	20,8
Капацитет на ладење на елементот (10 K)[3)]	W	53,9	27,0
Капацитет на греење на елементот (10 K)[3)]	W	52,7	26,3
Капацитет на греење на елементот (15 K)[3)]	W	84,8	42,4

Таб. 5-1 Технички податоци за sидното греење/ладење во сув начин на градба

[1)] Наведениот капацитет одговара на инсталираната површина.

[2)] Наведените димензии и толеранции одговараат на барањата од DIN EN 520.

[3)] Капацитетите за греење/ладење се врз основа на целата површина на елементот.

Капацитет на ладење согласно DIN EN 14240

Капацитетот на ладење е врз основа на 1 m² од инсталираната површина за ладење.



Сл. 5-6 Капацитет на ладење согласно DIN EN 14240

Капацитет за греење согласно EN 442

Капацитетот на греење е врз основа на 1 m² од инсталираната површина за греење.



Сл. 5-7 Капацитет за греење согласно EN 442

Области на примена

Sидното греење/ладење во сув начин на градба е наменето за конструкција на sидни површини во затворени простории. Може да се монтира и на плафон.

Примената е во рамките на класата за изложеност на вода WO-1 согласно DIN 18534-1 Запечатување на ентериери – Дел 1: Барања, планирање и начела за извршување. Примените согласно класата за изложеност на вода WO-1 на пр. се состојат од површини на sидни површини над мијалници и лавабоа во купатила и кујни во домаќинствата.

Чување

Sидното греење/ладење во сув начин на градба и приборот треба да бидат заштитени од влажност. Гипсаните производи, во основа, треба да се чуваат на суво место. За да се избегнат деформации и кршење на плочите sидните елементи за сув начин на градба, треба да се чуваат на рамно, на пример на палети или на полици во магацинот на растојание од околу 35 cm. Несоодветното чување на sидните елементи на пример со нивно поставување исправено може да доведе до деформација и сето тоа да попречи во правилната монтажа.

При чувањето на плочите во објектите треба да се внимава на носивоста на самите плафони. 20 елементи за sидно греење/ладење во сув начин на градба со димензии од 2.000 x 625 mm имаат тежина од околу 400 kg.

Монтажа

1. Инсталација на приклучните водови
2. Поставување на подконструкцијата
3. Зацврстување на активните sидни елементи на подконструкцијата
4. Приклучок на sидните елементи на приклучните водови
5. Плакнење, изведба на пробата за притисок
6. Целосна изолација на приклучните водови
7. Монтажа на неактивните sидни делови
8. Глетување на лицето на sидот
9. Третирање на горната површина на sидот

При монтажа на sид, подконструкцијата од дрво или метал треба да има растојание на потпор од најмалку 31,3 cm според DIN 18181.

При монтажата на sид, подконструкцијата поминува паралелно со долгата страна на sидниот елемент. Sидното греење/ладење е наменето и за монтажа на плафон.

При монтажа на плафон задолжително е подконстркуцијата во тип на градба од дрво или метал да минува напречно на долгата страна на sидниот елемент според DIN 18181. Подконструкцијата мора да има централно растојание од 40 cm од носечките профили.

Доколку носечките профили при монтажа на плафон, минуваат паралелно на должинската трака на плафонските елементи, тогаш можно е оштетување на елементите и при работа на системот.

Неактивни sидни делови

Неактивните sидни делови можат да бидат изведени како едноставна покривка од вообичаени плочи од гипс картон со дебелина од s = 15 mm.

Градежно-климатски услови

Долгогодишното искуство покажува дека за обработка на гипсани плочи најповолна клима е помеѓу 40 и % 80 % релативна влажност на воздухот на собна температура од +10 °C.

Покривки направени од производи кои се базираат на гипсани плочи не би требало да бидат изведувани при подолготрајна релативна влажност на воздухот од повеќе од 80 % во објектот.

По монтажата, елементите за sидно греење/ладење мора да се заштитат од долготрајна изложеност на влага. Поради тоа потребно е да се осигура соодветно проветрување во внатрешноста на објектите по завршувањето на монтажната работа. Треба да се избегнува дување на жежок или топол воздух директно на sидната површина. Доколку за естрих е предвиден жежок асфалт, тогаш глетувањето смее да се изврши дури по изладувањето на естрихот. Во зима треба да се избегнува брзо, загревање на просториите, бидејќи можат да настанат резови или откачувања на самата sидна површина како резултат на промена на должината на елементите.

Подконструкција

Sидното греење/ладење во сув начин на градба е наменето за монтажа на дрвена или метална подконструкција според DIN 18181.

При употреба на дрвена подконструкција, мора да се користат профили од дрво (според DIN 4074-1). Тие треба да бидат најмалку од S 10 сортна класа и да имаат остри траки. Содржината на влажност при конструкцијата не треба да биде поголема од 20%. Не е дозволено третирање со маслени заштитни средства според DIN 68 800-3.



Сл. 5-8 Пример за подконструкција изработена од дрво



Сл. 5-9 Примери за подконструкција изработена од метал

Доколку за sидното греење/ладење во сув начин на градба, има спремна подконструкција од дрвени рамки и потпори, тогаш потребно е да се внимава на следниве точки:

- Дрвото кое се користи треба да биде наменето за подконструкција и да биде суво при изведбата.
- Поставените дрвени греди треба да имаат најмал напречен пресек од 30 x 50 mm.
- Конструкциите од дрвени рамки не смеат да вибрираат.
- Централното растојание на носечката конструкција не смее да биде поголемо од 750 mm.

Доколку за подконструкцијата за sидното греење/ладење во сув начин на градба се користат метални профили, тогаш потребно е да се внимава на следниве точки:

- Сите метални профили и елементи за зацврстување мора да се заштитат од корозија.
- Изведбата на конструкцијата на рамката мора да биде во согласност со DIN 18182
- Дебелината на лимот на металните профили мора да биде најмалку 0,6 mm и најмногу 0,7 mm.
- Фиксирањето на C- и U-профилите на sидовите мора да биде нормално и во рамнина

Детали за изведбата можат да се добијат од конкретните градежно-технички документи на производителот на профилите.

Зацврстување на sидните елементи

Монтажата на sидните елементи на коси плафони и sидови може да ја изврши еден инсталатер. Разумно е да се користи механичка дигалка на плочи при монтирање на sидното греење/ладење во сув начин на градба за монтирање на плафон.

Користењето на навојни спојки надвор од предвидените прицврстувачки точки може да ги оштетат фабрички поставените РАУТЕРМ СПИД цевки. Монтажата на sидните елементи се врши со видливата картонска страна, завртена кон просторијата.

При монтажата на sидното греење/ладење не смеат да се прават накрсни фуги. Треба да се одржи централно растојание од најмалку 30 cm.

Глетување

1. Прва рака глетување со Palas fill B
2. Нанесување на хартиена заштитна трака
3. Втора рака глетување со Palas fill B
4. По потреба глетување со фина глет маса Pallas finish

Третирање на површина

Бојадисување со бои на минерална основа како на пример вар, водено стакло или бои од силикати не се погодни за оваа намена.

Задолжително мора да се почитуваат упатствата за изведба на стапките за квалитет Q3 односно Q4.

Долна основа

Долната основа, односно онаа страна од просторијата на која ќе биде поставено sидното греење/ладење вклучувајќи ги и фугите, мора да ги исполнува нормите за рамност на површини според DIN 18202. Исто така таа основа мора да е сува, да има носивост, да нема прашина или нечистотии.
Пред нанесување на бои и тапети, елементите од sидот за греење/ладење и глетуваните делови треба да бидат третирани со соодветна основа. Различното впивање на картонскиот глет или глетот за фугите, се изедначува со тн длабока основа. Доколку плочите од гипс гартон се обојат директно со внатрешна дисперзиона боја, поради различното впивање на бојата може да дојде до неправилни нијанси и сенки на плафонот. При повторно боење може да дојде до пукање на бојата

Бои и лакови

Sидното греење/ладење во сув начин на градба може да биде обложено со слој од вештачки материјал, нанесен со валање или триење. За ова треба да се употребат основи или лепливи облоги според прописите на самиот производител. Повеќето вообичаени дисперзиони бои може да се употребат за оваа намена. Бојата може да биде нанесена со четка, валјак или со уред за прскање и тоа откако ќе биде нанесена длабоката основа на плочите.

Картонските делови кои не се фиксирале со нанесувањето на основата, треба да бидат отстранети пред нанесувањето на бојата. При лакирање се препорачува двослојна основа, и тоа со почитување на прописите за посебно малтерисување според класа на квалитет Q4.

Тапети и глет

Пред лепењето на тапети се препорачува нанесување на основа за промена на тапети. Таа подоцна ја олеснува работата при отстранувањето на тапетите, заради нивна промена.

При лепењето на тапети исклучиво се употребува лепак на база на метилцелулоза.

Фуги и приклучоци

Фугите и приклучоците треба да бидат предвидени уште во фазата на планирање. Притоа треба да се внимава на следните конструктивни и плански основни правила:
- Подвижните фуги на објектот, мораат да бидат конструктивно насочени во sидната основа со иста можност на движење со помош на дилатациони или подвижни фуги.
- Sидните површини треба на секои 10 m според DIN 18181 да бидат разграничени со дилатациони или подвижни фуги по должина и напречно.
- Плафонските и sидните приклучоци секогаш се изведуваат во лизачка форма

Лизгачко поврзување на sид

Поврзувањето на sидното греење/ладење во сув начин на градба на површини од просторијата мора да биде направено со лизгачка изведба. Дилатацијата на sидните елементи која е условена од температурата, се компензира во тие лизгачки поврзувања. Профилот за поврзување на sидот се гледа во полето на лизгачкиот спој. Предниот раб за sидното греење/ладење во сув начин на градба може да биде обложена со рабен профил.

Отворена фуга во поле

Заради разделување на покривката на sидот од декоративни причини, или за разграничување на врзувањата на sидот, може да се остави отворена фуга во sидното поле. Таа фуга во sидната површина пак може да биде покриена со профил.

Подвижна фуга

Во полето на една подвижна фуга потребно е разделување на целата sидна конструкција. Таа се употребува при премостување на конструктивни фуги на градежното тело или доколку е потребна поделба на sидната должина. Ова е потребно најмалку на секои 10 m кај sидното греење/ладење во сув начин на градба.

5.1.1 Инсталација на ѕид во сув начин на градба

Основи на планирање

За да се обезбеди стручна изведба на ѕидното греење/ладење во сув начин на градба, планирањето треба да се направи од страна на архитектот во соработка со проектантот на основа на заеднички план за изведба. Опремата и ѕидните површини, како што се фотографиите и сликите, мора да се земат во предвид при планирањето за да може да бидат дефинирани потребните активни делови од ѕидот за ѕидно греење/ладење. За ова е потребна навремена и стручна координација. Мора да се земат во предвид општо применливите информации за планирање дадени во поглавјето за ѕидно греење/ладење во мокар начин на градба.

Греен/Ладилен капациет (ѕидна монтажа)

Грејните/ладилните капацитети на ѕидното греење/ладење во сув начин на градба се дадени мернотехнички за случај на греење според DIN EN 442 и за ладење според EN 14240 од страна на еден независен институт за испитување и сертифицирање.

Во случај на греење максимално дозволената работна трајна температура на ѕидното греење/ладење во сув начин на градба треба да се ограничи на +45 ° C. Повисоки температури може да доведат до уништување на ѕидните елементи.

Хидраулично спојување

За ѕидното греење/ладење во сув начин на градба хидрауличното спојување на поединечните ѕидни елементи е можно со користење на следните методи:

- Посебно спојување
- Сериско спојување

За да се избегне создавање на кондензат на спојните водови при ладење, задолжително е тие да се изолирани.



Сл. 5-10 Шематски приказ на посебно спојување



Сл. 5-11 Шематски приказ на сериското спојување

Техника за регулирање

За функционирање на ѕидното греење/ладење во сув начин на градба потребна е примена на регулатори на поединечните простории. За да се спречи формирање на роса на површината на страната од ѕидот која гледа спрема просторијата при случај на ладење, задолжително е потребен надзор на точката на роса на воздухот во просторијата. Во случај на ладење за ѕидното греење/ладење исто така е потребно, температурата на појдовниот вод да се доведе до едно сигурносно растојание од +2 K од температурата на точка на роса:

$T_{појдовен\ вод} = T_{на\ роса} + 2\ K$

Формирањето на кондензат на површината на ѕидното греење/ладење може да доведе до нерамнини на површината на плочите. Честото продирање на влага во ѕидната површина може да ги оштети ѕидните елементи.

Удобност

За да се обезбеди удобна собна клима во случај на греење/ладење со ѕидното греење/ладење, треба да се земат предвид површинските температури на ѕидните елементи при самото поставување.

Планирањето на поставувањето на системот мора да се изврши така да температурата на ѕидот да не надмине +35 °C.

Лоцирање на цевките

Цевките, носители на медиумот, можат да бидат лоцирани со помош на термофолија во процес на загревање. За тоа, термофолијата се поставува на местото кое се испитува и се вклучува ѕидното греење/ладење во режим на греење. Термофолиите може да се употребат повеќе пати.



Сл. 5-12 Лоцирање на цевките низ термофолијата

5.2 Систем за sидно греење/ладење во мокар начин на градба

Сл. 5-13 Систем за sидно греење/ладење во мокар начин на градба



Сл. 5-14 Прицврстувачка шина 10

Сл. 5-15 Двоен држач 10

Сл. 5-16 Водилка за цевка 10 90°

Системски компоненти
- Прицврстувачка шина 10
- Двоен држач 10
- Водилка за цевка 10-90°
- Спојка 10
- Преоден дел со надворешен навој 10 x R ½“
- Подвижна навлака 10
- Преодни фитинзи за поврзување на водовите

Прибор
- Заштитна цевка 12/14
- Заштитна цевка за водовите
- Водилка за цевка за водовите

Цевки кои се користат
- РАУТЕРМ СПИД 10,1 x 1,1 mm
- РАУТЕРМ СПИД 16 x 1,5 mm како цевка за поврзување
- РАУТЕРМ С 17 x 2,0 mm како цевка за поврзување
- РАУТЕРМ С 20 x 2,0 mm како цевка за поврзување

- Брзо и флексибилно поставување на цевките
- Флексибилни можности за поврзување на sидните грејни полиња
- Мали дебелини на малтер
- Безбедно фиксирање на цевки

Сл. 5-17 Систем за sидно греење/ладење во мокар начин на градба

Опис
Прицврстувачката шина 10 се состои од високостабилен полипропилен, отпорен на удар. Таа служи за фиксирање на цевки, носители на медиумот на гол sид. Можни се растојанија на поставување од 5 cm во мрежа од 2.5 cm. Основната плоча на прицврстувачката шина има дебелина од 4 mm и вкупна висина заедно со држачите на цевка од 13 mm.
На местата на превиткување на цевката двојниот држач служи за сигурно фиксирање на цевките. Полињата за sидно греење/ладење се формираат со РАУТЕРМ СПИД цевка со димензија 10,1 x 1,1 mm.
Грејните кругови се поврзуваат директно во РЕХАУ разделникот на грејни кругови. Алтернативно, водовите за поврзување со РЕХАУ разделникот за грејни кругови може да се изведат со РАУТЕРМ СПИД цевка со димензии 16 x 1,5 mm или со РАУТЕРМ С цевка со димензии 17 x 2,0 mm или 20 x 2,0 mm.
Со Т-парчињата можат да бидат споени во еден греен круг повеќе sидни полиња во Тихелман системот и да бидат приклучени на еден отвор за РЕХАУ разделникот на грејни кругови.
Водилката за цевка 90° од полиамид засилен со стаклени влакна, овозможува оптимално виткање на цевката без превиткување и тоа од вертикална рамнина на sидното греење/ладење во хоризонтална рамнина на приклучните водови.
Со РЕХАУ заштитните цевки, се водат поврзувачките водови директно кон ормарот за разделникот сигурно и без оштетување на цевката.
Во зависност од постојните фуги на објектот и од глетот на sидот за греење, треба да се користат спојни или гипсани профили или рабна изолациона трака за компензација на топлотното ширење.

Монтажа

Пред монтажата на прицврстувачката шина 10 мора да се заврши потребниот претходен третман на ѕидот.

1. Поставување на РЕХАУ ормар за разделник
2. Вградување на РЕХАУ разделник за грејни кругови.
3. Фиксирање на прицврстувачката шина 10 паралелно на ѕидот. Притоа да се внимава на следниве растојанија:
   - Помеѓу две шини: < 0,50 m
   - Помеѓу шина и агол на просторија, односно почеток на греен круг: > 0,2m
   - Помеѓу прицврстувачките точки на шината: < 0,2 m
4. Клапнување и зацврстување на двојниот држач 10 во прицврстувачка шина 10 и тоа во потребните растојанија на цевките.
5. Клапнување на РАУТЕРМ СПИД цевката во прицврстувачката шина 10 и во двојниот држач 10.
6. Формирање на ѕидно грејниот/ладилниот круг во планирано растојание на полегнување.
7. По потреба фиксирање на посебни вертикални доводи во прицврстувачката шина 10.
8. Употреба на водилката за цевка 90° за преминот од подот на ѕидот.
9. По потреба изолирање на приклучните водови во согласност со применливите регулативи.
10. Поврзување на приклучните водови со разделникот на грејни кругови.

Полегнувањето на цевките се врши во форма на едноставна или двојна меандра:
- Хоризонтално
- Тргнувајќи од појдовен вод
- Од доле кон горе



Сл. 5-18 Шематски приказ на конструкција на ѕидно греење/ладење во мокар начин на градба

1 Гол ѕид *2 Прицврстувачка шина 10*
3 Двоен држач 10 *4 РАУТЕРМ СПИД 10,1 x 1,1*
5 Прв слој на глет *6 Армирање на глет*
7 Втор слој на глет

За зацврстување на прицврстувачката шина 10 и на двојниот држач 10 може да се употребат комерцијално достапните иглични или ударни дибли 6 x 40 односно соодветни средства за зацврстување за таа намена.



Сл. 5-19 Изведба во форма на едноставна меандра. VA 10 (поглед ѕидна површина)



Сл. 5-20 Изведба во форма на двојна меандра, VA 5 cm (поглед ѕидна површина)

По правило, ткаенината за армирање треба да се постави во горниот дел на слојот на малтерот или слојот на глетот, со преклопување и со незагреаната страна. Во зависност од барањата на производителот на глет, потребни се глетни основи.

Малтерисувањето може да се изведе еднослојно свежо во свежо од гипс или пак двослојно од цемент.

5.2.1 Основи за sидно греење /ладење во мокар начин на градба

Норми и правила

При планирањето и изведбата на PEXAУ системите за sидно греење/ладење, суштински треба да се почитуваат следниве норми и правила:

-DIN 1186 градежни гипсови
- DIN 4102 заштита од пожар во високоградба
- DIN 4108 заштита од пожар во високоградба
- DIN 4109 заштита од пожар во високоградба
- DIN 4726 цевоводи од вештачки материјали
- DIN 18180 плочи од гипскартон
- DIN EN 520 гипсани плочи
- DIN 18181 плочи од гипскартон во високоградба
- DIN 18182 прибор за преработка на плочи од гипскартон
- DIN 18195 заптивки на градежен објект
- DIN 18202 мерни толеранции во високоградба
- DIN 18350 работи со глет и гипс
- DIN 18557 малтер
- DIN EN 1264 површински грејни системи
- DIN EN ISO 11855 Системи за зрачно греење и ладење кои се интегрирани во површината
- DIN EN ISO 7730 Ергономика на топлинското опкружување
- DIN EN 13162-13171 материјали за топлинска изолација во објект
- Уредба за заштита на енергија (EnEV)
- Обезбедување на VOB код и договорни преговори за градбата
- Упатства на Федералното здружение за површинско греење и за површинско ладење.

Градежни предуслови

Пред почетокот на монтажата на PEXAУ sидните системи за греење/ладење мора да бидат исполнети следниве предуслови:
- Градежната опрема за инсталација на PEXAУ sидните системи за греење/ладење треба да биде изготвена уште при самата изработка на карабината.
- Прозорците и вратите треба да се вградени
- Доколку PEXAУ sидните системи за греење/ладење се поставуваат на sидови кои граничат со земја, тогаш треба да се завршени работите на заптивање според DIN 18195.
- Треба да се проверат толеранциите на рамност, правилност во висина и агли според DIN 18202.
- Во сите простории треба да е направен рез на метар со кој ќе покажува висина од „1 m од готовиот под“.

Области на примена

Системите за sидно греење/ладење можат да се употребат во скоро сите типови на градби и области на користење, како целосен систем на греење или поддршка на основното греење.

Главни области на примена на sидното греење/ладење во мокар начин на градба
- Новоградба или санирање на станбени згради посебно или во комбинација со системот на PEXAУ за подно греење/ладење
- Репрезентативни објекти
- Бањи, сауни, тепидарии како поддршка на PEXAУ системи за подно греење и ладење
- Пасивно ладење со и без вентилација или климатизација



Сл. 5-21 Основна структура на системот за sидно греење/ладење во мокар начин на градба
1 Sиден гипс
2 PAУTEPM СПИД 10,1 x 1,1 mm
3 Прицврстувачка шина 10

Концепти на полегнување
- PEXAУ системите за sидно греење/ладење можат да бидат поставени како:
- Како целосно греење и ладење
- Во комбинација со PEXAУ системот за подно греење и ладење
- Како дополнително греење на статичката грејна површина
- Како дополнително греење на системите за вентилација и климатизација

Системите за sидно греење/ладење како целосно греење

Како резултат на зголемените барања во однос на топлинска заштита, денес во објектите е можно потребата од топлина комплетно да се задоволи со системот за sидно греење/ладење. Особено добри предиспозиции за овој систем имаат нискоенергетските куќи.



Сл. 5-22 Пример за системите за sидно греење/ладење како целосно греење

Системот за ѕидно греење/ладење во комбинација со PEXAУ подно греење/ладење или плафонско греење/ладење

Оваа комбинација се препорачува за места со највисоки барања за удобност како:
- Станбени објекти
- Деловни објекти, места за изложба
- Бањи, сауни, тепидарии
- Други влажни области

Температурата на доводот кај системите за ѕидното греење/ладење е иста со температура на доводот и кај плафонски систем или систем за подно греење/ладење.



Сл. 5-23 Систем за ѕидно греење во комбинациија со PEXAУ подно греење-/-ладење

Систем за ѕидно греење/ладење како дополнително греење на статичката грејна површина

Со оваа комбинација се покрива основната потреба од греење со PEXAУ системите за ѕидно греење, а врвните потреби со статична грејна површина. Оваа варијанта е особено корисна во областа на реновирање на објекти, како и кај грејните системи со ниска температура на довод, доколку оптоварувањето за греење не може да биде покриено само со ѕидното греење.

Системот за ѕидно греење/ладење како дополнително ладење на системите за вентилација и климатизација

Со оваа комбинација, дел од оптоварувањето за ладење се покрива со PEXAУ ѕидното ладење. Механичката размена на воздух може да се намали до минималната хигиенски потребна количина на воздух. Температурата на доводот, која е висока во споредба со системот за климатизација овозможува економично управување со системот за ладење на објектот.

5.2.2 Малтер за системот за ѕидно греење/ладење во мокар начин на градба

Стручната изведба на малтерот за грејните ѕидови е предуслов за беспрекорно функционирање на ѕидното греење/ладење.

§ Генерално треба да се почитуваат прописите на производителот на материјалот за малтерисување при употреба на неговиот производ, посебно во поглед на работи кои следат потоа, односно лепење на тапети, поплочување итн.

Видови на глет

Малтерот за плафонот или за ѕидно греење/ладење мора да има добра топлинска спроводливост. Тенка основа или пак малтерисување во форма на топлинска изолација не можат да бидат применети овде.

Генералната област на примена на малтерите за ѕидни површини зависи од
- Користење на просторијата
- Влажноста во просторијата
- Трајна работна температура
- Третирање и одржување на плафонот или ѕидната површина
- Можно оптоварување од влажност при режимот на ладење

Област на примена	Малтер
Внатрешни домашни простории со мала до никаква влажност	Глинен малтер Гипсен/Вар Вар/Цементен Цементен
Домашни влажни простории како кујни или бањи со периодично појавување на зголемена влажност и со плафнско или ѕидно греење	Вар/Цементен Посебни малтери
Мокри простории како јавни влажни простории со голема влажност и ѕидно ладење	Цементен Посебни малтери

Таб. 5-2 Области на примена на различни типови на малтер

Достапноста и составот на малтерот варира значително од една локација до друга. Малтерот мора да биде одобрен за примена со ѕидно греење/ладење во мокар начин на градба.

Барања за подлогата за малтерот

§ Дозволените толеранции во однос на рамноста, правилноста на висината и аглите се дадени и треба да се почитуваат според DIN 18202.

Подлогата за малтерот треба да ги исполнува следните услови:
- Да има рамна површина
- Да има носивост и да биде цврста
- Стабилна форма
- Да не одбива вода
- Да биде хомогена
- Да биде рамномерно впивлива
- Да биде гола и сува
- Да нема прав
- Да нема други нечистотии
- Да не замрзнува
- Да биде темперирана на +5 °C

Претходно третирање на подлогата на малтерот

Претходното третирање на малтерот е корисно за цврстото и трајно поврзување на малтерот и основата и мора да биде договорено уште пред почетокот на монтажата со инсталатерот. За ова, меѓу другото, треба да бидат дефинирани следниве точки:
- Израмнување на нерамни места
- Отстранување/заштита на метални делови кои можат да кородираат
- Отстранување на прашина
- Затворање на фуги, пукнатини, отвори
- Нанесување на материјал за изедначување на впивливост кај јако и/или различно впивливи долни основи (на пример поренбетон)
- Нанесување на материјал за впивање кај густи или слабо впивливи долни основи (на пример изолација на внатрешната страна на надворешни ѕидови и плафони)
- Користете противпожарна бариера доколку е побарано од производителот на малтерот

Предтретманот на основата на малтерот мора да се изврши пред инсталација на прицврстувачката шина 10.

База за малтер

Во зависност од долната основа на малтерот и видот на генералната дебелина на малтерот, може да е потребно производителот на малерот да користи база за малтерот. Ова се однесува на површините на кои е инсталирано ѕидното греење/ладење во влажен начин на градба како и соседните површини без ѕидно греење/ладење.
Монтажата на базата за малтер се изведува по инсталацијата на ѕидното греење/ладење.

Армирање на малтер

Армирањето на малтерот со текстилна мрежа го спречува создавањето на пукнатини и е задолжително за површините со плафонско и ѕидно греење/ладење.

Армирањето на малтерот и самиот малтер се дефинирани од страна на производителот. Затоа треба да се почитуваат прописите на производителот.

Вообичаените текстилни мрежи треба да ги исполнуваат следниве технички услови:
- Да имаат дозвола за армирање на малтер
- Отпорни на кинење по должина и ширина повеќе од 1500 N/5 cm
- Отпорни на малтери за грејни плафони или ѕидови (pH-вредност 8 од 11)
- Димензија на мрежа 7 x 7 mm или 8 x 8 mm при поставена текстилна мрежа.
- Димензија на мрежа 4 x 4 mm или 5 x 5 mm при изглетувана текстилна мрежа

Постапката на преработка треба да биде дефинирана пред почетокот на малтерисување со инсталатерот.
- Треба да се почитуваат прописите на производителот на малтерот.
- Армирањето со текстилна мрежа треба да биде нанесено во надворешната третина на слојот на малтер над врвот на цевката.

За нанесување на текстилната мрежа постојат две постапки:

Поставување на текстилната мрежа

Во оваа постапка, текстилната мрежа се користи на најобичен начин, односно на првото место каде што е полегнат последниот слој. Текстилната мрежа мора да се полегне круто со најмалку 10 cm превиткување. Превиткувањето до неразладените или незагреаните површини мора да биде најмалку 20 cm. Вкупната дебелина на малтерот потоа се подготвува „влажно на влажно“.

Малтерисување на текстилната мрежа

Оваа постапка се применува кај повеќеслојна изведба на малтерисувањето. По целосното сушење на слојот на претходниот малтер, се нанесува слој за армирање на слојот на малтерот. Текстилната мрежа со ширина на мрежата од на пр. 4 x 4 mm се полегнува во глет масата која сеуште е влажна со превиткување од барем 10 cm, и до незагреаните површини од најмалку 20 cm. Потоа, текстилната мрежа се покрива од сите страни со малтерот. Слојот за армирање може да биде последниот слој со понатамошниот третман на горната површина или слојот пред нанесувањето на горниот слој на малтер.

5.2.3 Планирање на системот за ѕидно греење/ладење во мокар начин на градба

Дополнителна потреба од координација

Покрај вообичаената координација на градилиштето, архитектот и стручниот проектант мора да внимаваат на следното:
- Одредување на слободна површина за мебел, вградени ѕидови, можни површини за бушење, итн. со клиентот.
- Навремена координација помеѓу инсталатерот на греењето и изведувачот на малтер, доколку е потребно претходно третирање на површината која ќе биде обложена со ѕидно греење/ладење.
- Доволно време за сушење на малтерот на грејните ѕидови, за да се одбегне нивно оштетување.

Барања за противпожарна заштита и заштита од бучава

Доколку PEXAУ системите за ѕидно греење/ладење се користат во врска со конструкции и суперструктури кои треба да исполнат барања за противпожарна заштита и заштита од бучава тогаш ѕидната конструкција мора да ги исполнува ваквите барања. Соодветните спецификации мора да ги подготви архитектот или стручниот проектант.

Термички услови

За системите за ѕидно греење, површинската температура не смее да надмине 40 °C или температурна разлика помеѓу грејната површина и просторијата не смее да надмине од 20 K, според DIN EN 1264.

Системите за ладење мора да работат во температурен опсег над точката на роса, според DIN EN 1264 Може да се претпостави дека со исполнувањето на границите на точката на роса се задоволуваат и физиолошките ограничувања.

Во случај на повисоки температури на горната површина при загревање или пониски површински температури при ладење, мора да се покаже усогласеноста со физиолошките ограничувања, според DIN EN ISO 7730.

За проектирање на РЕХАУ ѕидното греење/ладење во мокар начин на градба, треба да се задржат минималните и максималните дозволени работни температури, согласно прописите на производителот на малтерот.
Како ориентациони вредности може да бидат поставени:
- При употреба на глинени или гипсани малтери макс. 40 °C температура на довод.
- При употреба на малтери од вар или цемент или нивна комбинација макс. 50 °C температура на довод.

Топлинска изолација

Поместување на температурата во услови на греење

Со системите за ѕидно греење/ладење, температурата низ ѕидот се поместува кон повисоки вредности. Со ова точката на мрзнење се поместува во правец кон надворешната страна на ѕидот. Така опасноста од формирање на мраз, во ѕидната конструкција при постоење на топлинска изолација однадвор, скоро не постои. Исто така, при постоење на надворешна топлинска изолација, се овозможува ѕидот да биде искористен како акумулатор на топлина или студ.

§ Коефициентот на топлинска спроводливост, на слоевите на градежниот објект помеѓу ѕидното греење/ладење и надворешниот воздух или кон делови од објектот со значително ниски внатрешни температури, треба да биде димензиониран според уредбата за заштеда на енергија EnEV. Во даден случај треба да се почитуваат условите дадени во документ за потреба од енергија на самиот објект. Ѕидното греење/ладење на ѕидовите, кон туѓи делови, треба да бидат така изведени, да отпорот на топлинска пропустливост на целосната конструкција не надмине R = 0,75 (m²K)/W. Пресметката се врши од рамнината на грејната цевка.

При поставувањето на изолацијата треба да се смета на можно поместување на точката на роса. Потребната топлинска изолација по можност треба да биде инсталирана на надворешната страна од надворешниот ѕид, плафон или кров, и за ова треба да бидат предвидени соодветни поврзувачки системи за топлинска изолација.



Сл. 5-24 Споредбата на движење на температурата во повеќеслоен надворешен ѕид со U-вредност < 0,35 W/m²K

1 Малтер
2 Лесна цигла со дупки
3 Топлинска изолација
4 Малтер како топлинска изолација
TW Температура на ѕид = 35 °C
TI 1 Внатрешна температура = 24 °C
TI 2 Внатрешна температура = 20 °C
FG Граница на мрзнење

Големини на грејни полиња

За системот за ѕидно греење /ладење во мокар начин на градба важи следното:
Максимална површина на грејно поле: до 4 m, во зависност од растојанието на полегнување
Максимална висина или должина на грејно поле: 2 m

Ѕидните површини со повеќе од 4 m ширина треба да се поделат на повеќе грејни полиња со максимална ширина од 4 m. Поради термичката промена на должината на малтерот, зависно од неговиот производител, треба да се планираат дилатациони фуги помеѓу грејните полиња. Максималните големини на грејните полиња за ѕидното греење/ладење во мокар начин на градба, зависно од растојанието на поставување на цевките и видот на поврзување на грејното поле се дадени во табелата.
Основата за тоа е тежнеењето да се избегне поголема загуба на притисок од 300 mbar кај грејните полиња. Оптимално прилагодените и целосно искористените циркулациони пумпи помагаат за заштеда на енергија.

Растојанија на поставување на цевките:
- Растојание на поставување 5 cm (во двојна меандра)
- Растојание на поставување 10 cm (во едноставна меандра)
- Растојание на поставување 15 cm (во едноставна меандра)

Растојание на поставување	Форма на поставување	Максимална големина на греен круг
5 cm	Двојна меандра	5,0 m²
10 cm	Едноставна меандра	6,5 m²
15 cm	Едноставна меандра	7,5 m²

Таб. 5-3 Ориентациони вредности за величините на грејните кругови за sидното греење/ладење во мокар начин на градба за проток од 10 kg/(h m²) и максимална загуба на притисок од 300 mbar

Хидраулично поврзување

Следните видови на хидраулично поврзување на системите за sидно греење/ладење се можни:
- Посебно спојување
- Сериско спојување
- Збир на неколку кругови на цевни разделници со Тихелман, да се обрне внимание на исината и дебелината на матерот.



Сл. 5-25 Шематски приказ на посебно поврзување на секое поединечно грејно поле на sидното греење/ладење
1 Довод
2 Повратт
3 РЕХАУ разделник на грејни кругови
4 Круг на sидно греење/ладење



Сл. 5-26 Шематски приказ на поврзување на повеќе кругови на sидно греење/ладење во цевен разделник со Тихелман
1 Довод
2 Повратт
3 РЕХАУ разделник на грејни кругови
4 Круг на sидно греење/ладење

Дијаграми за капацитет

Топлинската спроводливост на малтерот може значително да варира во зависност од производителот и видот на малтерот и локалната достапност.

Техника за регулирање

Техниката за регулација за системите за sидно греење/ладење е иста како и онаа за регулација на РЕХАУ системите за подно греење/ладење.

Одредување на загуба на притисок

Загубите на притисок на РЕХАУ цевките за sидното греење/ладење во мокар начин на градба се прикажани во дијаграмот за загуба на притисок.

Упатства за пуштање во работа

Пуштањето во работа на системите за sидно греење/ладење ги содржи следниве чекори:
- Плакнење, полнење и обезводушување
- Проверка на притисок
- Функционално греење

Притоа треба да се внимава на следниве упатства:

Плакнење, полнење и обезводушување

За отстранување на воздушните меури, мора да се постигне најмала вредност на волумен на струење на воздухот при постапката за обезвоздушување. Таа изнесува 0,8 l/min (соодветно на брзина на течење од 0,2 m/s). За завршување на процесот на полнење соодветно на резултатот од планираното полегнување, мора да се изведе хидраулично изедначување на грејните кругови во согласност со резултатот од планирањето на полегнувањето.

Проверката на притисок треба да биде изведена и внесена во протокол според протоколот на РЕХАУ за проверка на притисокот на РЕХАУ подното греење/ладење.

- Проверката на притисокот мора да биде направена пред почетокот на малтерисувањето
- Доколку постои ризик од замрзнување, мора да се преземат соодветни мерки, на пример:
  - Темперирање на објектот
  - Употреба на заштитни средства од мраз (доколку не е потребно заштитно средство од мраз, тогаш тие средства треба да бидат отстранети од системот со празнење и повторно полнење со до најмалку, трипати промена на водата во системот).
- Два часа по првата изведба, проверката на притисок треба повторно да биде изведена.
- Проверката на притисок е успешно помината кога по 12 часа на ниедно место од видното греење/ладење, спојните водови или разделникот, не е појавена вода и нема пад на притисок повеќе од 0,1 на секој час.

Функционално греење

Сојузното здружение за површинско греење и за површинско ладење, регистирано здружение, ги обезбедува следните информации за почетокот на функционалното греење во прописот 7 од јануари 2017 година:

- За малтери кои се базираат на цемент:
  Не пред 21 ден по нанесување на малтерот
- За малтер кој се базира на гипс:
  Може да се започне еден ден по нанесувањето на малтерот
- За глинени малтери:
  Најрано 7 дена по нанесувањето на малтерот или според упатствата на производителот

Како отстапка на ова, производителите на малтерот обезбедуваат поединечни спецификации за времето од кога функционалното загревање може да започне по завршувањето на малтерисувањето.

Функционалното греење треба да биде изведено и внесено во протокол според протоколот на РЕХАУ за пуштање во работа на видното греење/ладење. За функционалното греење пред, за време на и по малтерисувањето, зависно од производител и тип на малтерот, постојат различни одредби. Затоа секогаш треба да се почитуваат тие прописи.

Лоцирање на цевките

Цевките, носители на медиумот, можат да бидат лоцирани со помош на термофолија во процес на загревање. За тоа, термофолијата се поставува на местото кое се испитува и се вклучува видното греење/ладење во режим на греење. Термофолиите може да се употребат повеќе пати.



Сл. 5-27 Лоцирање на цевките низ термофолијата.

6 СИСТЕМИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ПЛАФОН



Систем за плафонско греење/ладење во сув начин на градба

Систем за плафонско греење/ладење во мокар начин на градба

СОДРЖИНА

6	**Системи за плафонот**	**141**
6.1	Систем за плафонско греење/ладење во сув начин на градба	143
6.1.1	Инсталација на плафон на сува начин на градба	150
6.2	Систем за плафонско греење/ладење во мокар начин на градба	152
6.2.1	Основи за плафонско греење/ладење во мокар начин на градба	154
6.2.2	Малтери за плафонското греење/ладење во мокар начин на градба	155
6.2.3	Планирање на плафонското греење/ладење во мокар начин на градба	156

6.1 Систем за плафонско греење/ладење во сув начин на градба



Сл. 6.1 Систем за плафонско греење/ладење во сув начин на градба



Сл. 6-2 Елемент за плафонско греење во сув начин на градба

Сл. 6-3 Спојка

Сл. 6-4 Подвижна навлака

Сл. 6-5 Т-парче

Сл. 6-6 Цевка РАУТЕРМ СПИД

Опис на системот

- Висок капацитет на ладење до 66 W/m²
- Наменето за греење и ладење
- Висок степен на покриена активна површина благодарение на четири големини на плочи
- Добро ракување благодарение на стабилната структура во форма на сендвич
- Едноставно прицврстување со претходно направени дупки за зацврстување
- Кратко време на монтажа благодарение на фабрички внесениот плафонски елемент

Системски компоненти
- Плафонски елемент 2000 x 1250 x 30 mm/2,5 m²
- Плафонски елемент 1500 x 1250 x 30 mm/1,88 m²
- Плафонски елемент 1000 x 1250 x 30 mm/1,25 m²
- Плафонски елемент 500 x 1250 x 30 mm/0,63 m²
- Холендер спојка со стезен прстен 10
- Премин со холендер за поврзување 10
- Спојка 10
- Подвижна навлака 10
- Спојката редуцир 17-10, 20-10, 25-10, 32-10
- Премин со надворешен навој 10–R x R ½“
- Т-парче 17-10-17/20-10-20/25-10-25/32-10-32
- Олучен држач 16/17/20/25/32

Цевки кои се употребуваат
- РАУТЕРМ СПИД 10,1 × 1,1 mm

Водови
- РАУТЕРМ СПИД 16 x 1,5 mm
- РАУТЕРМ С 17 x 2,0 mm
- РАУТЕРМ С 20 x 2,0 mm
- РАУТЕРМ С 25 x 2,3 mm
- РАУТЕРМ С 32 x 2,9 mm

Прибор
- Термална фолија

Опис

Основата на плафонското ладење се готови гипсани плочи според DIN 18180/DIN EN 520. Плафонот за ладење се состои од гипсана плоча со жлебови и фабрички внесена РАУТЕРМ СПИД цевка со 10,1 x 1,1 mm на растојание на полегнување од 45 mm во форма на двојна меандра. Нанесената изолација од полистирол EPS 035 како и траката за зајакнување од гипскартон обезбедуваат сигурна монтажа.

Со четирите плафонски елементи со различни големини може да се добие висок степен на покриени активни разладувачки површини. Неактивните делови на плафонот можат да бидат затворени со вообичаен гипскартон, со дебелина од 15 mm, во форма на двојна прекривка. Полукружната израмнета израмнета трака HRAK која, се наоѓа на зајакнувачката трака нанесена на паралелните страни, овозможува едноставна конструкција на долната основа на плафонот.

Технички податоци

	Единица мерка	Плафонски елемент			
Стандарден капацитет за ладење согласно DIN EN 14240 (8 K)[1)]	W/m²	51,7			
Стандарден капацитет за ладење согласно DIN EN 14240 (10 K)[1)]	W/m²	66,0			
Стандарден капацитет на греење согласно DIN EN 14037 (10 K)[1)]	W/m²	53,3			
Стандарден капацитет на греење согласно DIN EN 14037 (15 K)[1)]	W/m²	82,6			
Однесување при пожар согласно DIN EN 13501	-	B-s1, d0			
Површина на елементот	m²	2,50	1,88	1,25	0,63
Топлински активна површина на елементот	m²	2,10	1,60	1,00	0,50
Должина[2)]	mm	2000	1500	1000	500
Широчина[2)]	mm	1250	1250	1250	1250
Дебелина[2)]	mm	30	30	30	30
Тежина на елементот	kg	42,5	32,0	21,0	10,7
Должина на цевката	m	48	37	23	11
Загуба на притисок на елементот при m = 25 kg/m²·h	Pa (mbar)	17.800 (178)	8.500 (85)	2.700 (27)	415 (4)
Капацитет на ладење на елементот (8 K)[3)]	W	108	83	52	26
Капацитет на ладење на елементот (10 K)[3)]	W	138	105	66	33
Капацитет на греење на елементот (10 K)[3)]	W	112	85	53	27
Капацитет на греење на елементот (15 K)[3)]	W	173	132	82	41

Таб. 6-1 Технички податоци за елементите за плафонско ладење во сув начин на градба

[1)] Во согласност со стандардот за греење/ладење вредностите се врз основа на 1 m² активна површина.

[2)] Наведените димензии и толеранции одговараат на барањата од DIN EN 520.

[3)] Капацитетите за греење/ладење се врз основа на целата површина на елементот.

Капацитет на ладење според DIN EN 14240

Капацитетот на ладење е врз основа на 1 m² од активната површина за ладење.



Сл. 6-7 Дијаграм за капацитетот на ладење според DIN EN 14240

Капацитет на греење според DIN EN 14037

Капацитетот на греење е врз основа на 1 m² од инсталираната површина за греење.



Сл. 6-8 Дијаграм за капацитетот на греење според DIN EN 14037

Области на примена

Системот за плафонско греење/ладење во сув начин на градба е наменет за конструкција на спуштени плафони во објектите.

Плафонот за ладење има оснесување на пожар со Класа B-s1, d0 според DIN EN 13501. Производот не може да биде применет за конструкција на плафон за заштита од пожар со барање за отпорност на пожар (F30 според DIN 4102-2) и повисоко! Мора да се следат барањата за превентивна и структурна заштита од пожар во првите патишта за излез или евакуација!

Употребата е во рамките на класата за изложеност на вода WO-1 согласно DIN 18534-1 Запечатување на ентериери – Дел 1: Барања, планирање и начела за извршување. Примените согласно класата за изложеност на вода WO-1 на пр. се состојат од површини на sидни површини над мијалници и лавабоа во купатила и кујни во домаќинствата.

Плафонските елементи може да се искористат во домашни и комерцијални области како што се канцелариските и административните објекти без изложеност на влага. Системот е несоодветен за користење во влажни простории, како што се комерцијалните влажни простории, сауните и базените. Како исклучоци се сметаат тоалетите и тоалетните простории без тушеви.

Чување

Плафонското греење/ладење во сув начин на градба и приборот треба да бидат заштитени од влажност. Гипсаните производи, во основа треба да се чуваат на суво место. За да се избегнат деформации и кршење на плочите. Плафонските елементи за сув начин на градба, треба да се чуваат на рамно, на пример на палети или на полици во магацин на растојание од околу 35 cm. Несоодветното чување на плафонските елементи на пример со нивно поставување исправено може да доведе до деформација и сето тоа да попречи во правилната монтажа.

При чувањето на плочите во објектите треба да се внимава на носивоста на самите плафони. 20 елементи за sидно греење/ладење во сув начин на градба со димензии од 2.000 x 1250 mm имаат тежина од околу 850 kg.

Транспорт

Плафонските елементи за греење/ ладење се испорачуваат во палети. На градилиштето треба да се носат исправени или пак со соодветни транспортни средства.

Треба да се избегнува носење на плафонските елементи за греење/ладење со страната кај изолација од полистирол, „надолу„.

Монтажа

1. Инсталација на приклучните водови
2. Поставување на подконструкцијата
3. Зацврстување на активните плафонски елементи на подконструкцијата
4. Приклучок на плафонските елементи на приклучните водови
5. Плакнење, изведба на пробата за притисок
6. По потреба целосна изолација на приклучните водови
7. Монтажа на неактивните плафонски делови
8. Глетување на долната основа на плафонот
9. Површински третман на долната основа на плафонот

Градежно-климатски услови

Долгогодишното искуство покажува дека за обработка на гипсани плочи најповолна клима е помеѓу 40 и % 80 % релативна влажност на воздухот на собна температура од +10 °C.

Покривки направени од производи кои се базираат на гипсани плочи не би требало да бидат изведувани при подолготрајна релативна влажност на воздухот од повеќе од 80 % во објектот.

По инсталацијата, елементите за плафонско греење/ладење мора да се заштитат од долготрајна изложеност на влага. Поради тоа потребно е да се осигура соодветно проветрување во внатрешноста на објектите по завршувањето на монтажата. Избегнете дување на жежок или топол воздух директно на плафонската површина. Доколку за естрих е предвиден жежок асфалт, тогаш глетувањето смее да се изврши дури по изладувањето на естрихот. Во зима треба да се избегнува брзо, загревање на просториите, бидејќи можат да настанат резови или откачувања на самата долна основа на плафонот како резултат на промена на должината на елементите.

Конкретно, работата за глетување и за поставување на естрих доведува до драстично зголемување на релативната влага и мора да се заврши пред започнување со работата за сув начин на градба.

Подконструкција

Плафонот за ладење е наменет за монтажа на метални подконструкции според DIN 18181. Подконструкциите врз основа на метални профили може да се проектираат во две различни варијанти:

- Директно прицврстена метална подконструкција
- Висечка метална подконструкција

Подконструкцијата, во тип на градба како метална подконструкција, мора да е наменета за носивост на површина по единечна површина на плафонот за ладење од околу 17 kg/m^2.



Сл. 6-9 Директно прицврстена метална подконструкција според DIN 18181



Сл. 6-10 Висечка метална подконструкција според DIN 18181

Варијанти на подконструкции	Директно зацврстување на металната подконструкција	Висечка метална подконструкција
Висач	1000 mm	750 mm
Основен профил b	не е применливо	1000 mm
Профил за поддршка c	417 mm паралелно на долгата страна на плочата	417 mm паралелно на долгата страна на плочата

Таб. 6-2 Распони за металните подконструкции за хоризонтални површини и коси кровови 10 - 50°

CD-профили со 60 x 27 x 0,6 mm се препорачани за изведување на металната подконструкција

За висечки плафонски конструкции може да се употребат вообичаени висачи според DIN 18181, како нониус висачи, железни ленти со дупки или шлицови, жичани висачи или директни висачи. За зацврстување на овие подконструкции, на масивни плафони, треба да се применат дозволени дибли или средства за зацврстување, за одредена намена и за конкретен случај на оптеретување.

Површување на металните основи и носечките жици мора да се изврши со соодветен прибор на производителот на CD профилот. Детали за изведбата можат да се добијат од конкретните градежно-технички документи на производителот на CD-профилот.

Носечките профили на подконструкцијата секогаш мора да минуваат паралелно на зајакнувачката трака на плафонските елементи. Зацврстувањето на носечките профили се изведува исклучиво на траката од гипскартон нанесена на горната страна на плафонскиот елемент.

Сл. 6-11 Монтиран плафонски елемент

Зацврстување на плафонските елементи

За монтажа на плафонските елементи разумно е да се употреби механички подигнувач на плочи. Притоа монтажата на плафонските елементи со употреба на овој уред може да се изврши само со помош од страна на монтер.

Зацврстувањето на плафонските елементи смее да се изведе само со стандардни брзи завртки со следните карактеристики во претходно направените бушотини за тоа на видливата страна:

- Должина на завртката: 55 mm
- Дијаметар: 3,9 mm
- Вид на навој: Груб навој

Се препорачува користење на дупчалка за сув ѕид со стопер за длабочина.

Користењето на навојни спојки надвор од предвидените точки на зацврстување може да ги оштетат фабрички внесената РАУТЕРМ СПИД цевка. Плафонските елементи се монтираат со тоа што континуираната видлива страна на картонската плоча ќе биде свртена спрема просторијата. Зацврстувањето на плафонските елементи се врши со брзи завртки и тоа исклучиво на траката од гипскартон, нанесена на задната страна. Нанесувањето на завртки во зоните на изолацијата од полистирол нанесена на задната страна може да доведе до кршење на плочата.

При монтажата на плафонското ладење не смеат да се прават накрсни фуги. Треба да се одржи централно растојание од најмалку 400 mm.



Сл. 6-12 Коректно зацврстување на плафонското елементи
1 Изолација
2 Трака од гипскартон
3 CD-профил

Неактивни плафонски делови

Неактивните плафонски делови можат да се изведат со вообичаени плочи од гипскартон со дебелина s = 15 mm како двојна покривка. Подконструкцијата на овие делови треба да ја има соодветно потребната носивост.

Елементите кои се вградуваат, како светла, отвори за проветрување или распрскувачи на вода можат да се интегрираат само на неактивните плафонски делови. Ова мора навремено да биде предвидено, при самото планирање на долната основа на плафонот.

При планирањето на елементи кои се вградуваат во даден случај би требало да се задржи сигурносно растојание со елементите за плафонско ладење. Треба да се почитуваат прописите на производителот на елементи кои се вградуваат.

Глетување

Полукружните израмнети траки на плафонското ладење и главите од завртките треба генерално да се изглетуваат. Напречните траки на плочите треба да се допрат и затоа пред самото глетување потребно е да се исчистат со четка или сунѓер. Во основа, фугите на плочите треба да бидат чисти од прашина.

Гипсаната плоча „LaPlura“ од компанијата Siniat се користи како основа за плафонските елементи за ладење. Во следната табела се наведени материјалите кои треба да се искористат за секој чекор на обработка.

Чекор на обработка	Материјал
1. Прва рака глетување	Pallas fill B
2. Нанесување на заштитна трака	Хартиена заштитна трака[1)]
3. Втора рака глетување	Pallas fill B
4. По потреба Finish (фино глетување)	Pallas finish

Таб. 6-3 Материјали за користење
[1)] За да се спречи формирање на меурчиња, треба хартиената заштитна трака да се навлажни пред обработка.



Сл. 6-13 Глетување со заштитна трака

Плакнење, полнење и обезводушување

Процесот на плакнење мора да се изврши непосредно по монтажата на активните плафонски елементи. На крајот на процесот на полнење мора да се направи хидраулично балансирање на доводоните приклучоци, со поврзување по постапката на Тихелман или на поединечни грејни кругови со директно поврзување на разделникот на грејни кругови.

За отстранување на воздушните меури, мора да се постигне една најмала вредност на волумен на струење на воздухот при постапката за обевоздушување. Таа изнесува 0,8 l/min, што е соодветно за брзина на течење од 0,2 m/s.

Проверка на притисок

Проверката на притисок мора да се направи по обевоздушувањето на системот. Проверката на притисок треба да биде изедена и внесена во протокол согласно протоколот за проверка на притисокот на РЕХАУ површинско греење/ладење. Доколку постои опасност од замрзнување, треба да се преземат соодветни мерки, за да се избегнат штети од замрзнувањето на самиот систем. Тоа може да се направи со загревање на објектот или пак со средства против мрзнење.

Обевоздушувањето на системот, како и проверката на притисокот, се задолжителни предуслови за пуштање во работа, на системите за плафонско греење/ладење.

Третирање на површина

Долна основа

Долната основа, односно онаа страна од просторијата на која ќе бидат поставени плафонските елементи, вклучувајќи ги и фугите, мора да ги исполнува нормите за рамност на површини според DIN 18202. Исто така таа основа мора да е сува, да има носивост, да нема прашина или нечистотии.

При употреба на специјални тапети, сјајни слоеви, индиректно осветлување или светлосни зраци, се јавуваат посебни предуслови за рамност на долната основа на плафонот. Во такви случаи потребно е целосно глетување на долната основа на плафонот.

Задолжително мора да се почитуваат упатствата за изведба на стапките за квалитет Q3 односно Q4.

Длабока основа

Пред нанесување на бои и тапети, плафонските елементи и глетуваните делови треба да бидат третирани со соодветна длабока основа. Различното однесување на впивање на картонскиот глет или глетот за фугите, се изедначува со тн длабока основа. Доколку плочите од гипс гартон се обојат директно со внатрешна дисперзиона боја, поради различното впивање на бојата може да дојде до неправилни нијанси и сенки на плафонот. При повторно боење може да дојде до пукање на бојата.

Тапети и глет

Пред лепење на тапети се препорачува нанесување на основа за промена на тапети. Таа подоцна ја олеснува работата при отстранувањето на тапетите, заради нивна промена.

При лепење на тапети исклучиво се употребува лепак на база на метилцелулоза.

Бои и лакови

Плафонски елементи за ладење може да бидат обложени со слој од вештачки материјал, нанесен со валање или триење. За ова треба да се употребат бази или лепливи облоги според прописите на самиот производител.

Повеќето вообичаени дисперзиони бои може да се употребат за оваа намена. Бојата може да биде нанесена со четка, валјак или со уред за прскање и тоа откако ќе биде нанесена длабоката основа.

Бојадисување со бои на минерална основа како на пример вар, воденото стакло или бои од силикати не се погодни за оваа намена.

Картонските делови кои не се фиксирале со нанесувањето на основата, треба да бидат отстранети пред нанесувањето на бојата. При лакирање се препорачува двослојна основа, и тоа со почитување на прописите за посебно малтерисување според класа на квалитет Q4.

Фуги и приклучоци

Фугите и приклучоците треба да бидат предвидени уште во фазата на планирање.
Притоа треба да се внимава на следните конструктивни и плански основни правила:

- Подвижните фуги на објектот, мораат да бидат конструктивно насочени во долната основа на плафонот со иста можност на движење со помош на дилатациони или подвижни фуги.
- Плафонските површини треба на секои 10 m според DIN 18181 да бидат разграничени со дилатациони или подвижни фуги по должина и напречно.
- Висечките покривки за плафонот се структурно одделени од интегрираните столбови и вградените елементи, како што се светлата.
- Фугите мора да се планираат со значајните промени во напречниот пресек на долната основа на плафонот, како што се коридорите кои се прошируваат или испакнатите ѕидови.

Следните видови на фуги и спојки може да се користат за изведување на плафонското ладење.



Сл. 6-14 Плоча со вметнат ѕид



Сл. 6-15 Плафон со потпора



Сл. 6-16 Плафон во ходник со вдлабнатина

Лизгачко поврзување на ѕид

Поврзувањето на ѕидот на плафонските елементи со површината која ја опкружува просторијата мора да се проектира со лизгачки дизајн. Хоризонталното ширење на плафонските елементи која зависи од температурата се компензира со тие лизгачки спојки. Профилот за поврзување со плафонот е видлив во делот на лизгачката фуга. Предниот раб за плафонското ладење може да биде обложена со рабен профил.

Носечките греди може да имаат максимално растојание од 10 cm од граничната ѕидна површина.



Сл. 6-17 Лизгачко поврзување на ѕид
1 Плафонски елемент за ладење
2 Метална подконструкција
3 Рабен профил
4 Профил за поврзување
5 Заптивка за спојката за подвижната фуга

Подвижна фуга

Во полето на подвижната фуга, целата плафонска конструкција мора да биде одвоена. Таа се употребува при премостување на конструктивни фуги на градежното тело или доколку е потребна поделба на плафонската должина. Ова е потребно најмалку на секои 10 m.



Сл. 6-18 Подвижна фуга (димензии во mm)
1 Плафон за ладење
2 Рабен профил

6.1.1 Инсталација на плафон во сув начин на градба

Основи на планирање

За да се обезбеди стручна изведба на системот за плафонско греење/ладење, планирањето треба да се направи од страна на архитектот во соработка со проектантот на основа на заеднички план за изведба. Плафонската инсталација, како што е инсталацијата за осветлување, отворите за проветрување или распрскувачите мора да се земат во предвид при планирањето за да може да бидат дефинирани потребните активни плафонски елементи кои се потребни за плафонското ладење. За ова е потребна навремена и стручна координација. Мора да се достапни пресметки за оптоварувањето при греење и ладење.

Грееен/Ладилен капацитет

Грејните/ладилните капацитети на плафонското греење/ладење во сув начин на градба се дадени мернотехнички за случај на греење според DIN EN 14037 и за ладење според EN 14240 од страна на еден независен институт за испитување и сертифицирање.

Во случај на греење, максимално дозволената трајна работна температура на плафонски елементи треба да се ограничи на +45 °C. Повисоки температури може да доведат до уништување на плафонските елементи.

Упатства за планирање

Позициите на плафонски елементи за ладење мора да се земат во предвид како дел од планирањето за да може тие потоа да се инсталираат на едноставен, брз и професионален начин , на градежната локација, без некакви проблеми. Поради тоа, следните основни правила треба да се почитуваат.

По можност треба да се користат најголемите можни плафонски елементи, бидејќи со ова ќе се намали бројот на фуги и комплексноста на глетувањето.

Со цел да се искоординираат изведувачите на сувата градба и изведувачите на термотехничките инсталации, уредувањето на елементите за плафонско ладење и позиционирањето на дистрибутивната цевна мрежа мора да се земат предвид во проектот.

Хидраулично спојување



Сл. 6-19 Шематски приказ на одделното спојување



Сл. 6-20 Шематски приказ на Тихелман постапка на спојување

За системот за плафонско греење/ладење разумно е употребување на хидраулично спојување на поединечните плафонски елементи со Тихелман методот. Посебното спојување на поединечните елементи за плафонско ладење до разделникот на грејните кругови обично се користи само за многу мали активни полиња за ладење.

Поврзувањето со Тихелман методот бара користење на разладувачки плафонски елементи со една величина или полиња со иста должина на цевките.

Техника за регулирање

За функционирање на системите за плафонско греење/ладење потребна е примена на регулатори за поединечните простории. За да се избегне формирање на роса на страната од плафонот која гледа спрема просторијата при случај на ладење, задолжително е потребен надзор на точката на роса на воздухот во просторијата. Во случај на ладење за плафонското ладење исто така е потребно, температурата на појдовниот под да се доведе до едно сигурносно растојание од +2 K од температурата на точка на роса:

$$T_{\text{појдовен вод}} = T_{\text{точка на роса}} + 2\ K$$

Формирањето на кондензат на површината може да доведе до нерамнини на површината на плочите. При честа појава на навлажнување на долната основа на плафонот може да се оштетат плафонските елементи.

Удобност

За да се обезбеди удобна собна клима во случај на греење/ладење со користење на плафони за греење/ладење, треба да се земат предвид површинските температури на плафонските елементи при самото поставување.

Во соби со осветлена висина на просторијата од < 2,6 m неопходно е површинската температура на плафонот да се ограничи до +29 °C во режим на греење.

Обезвоздушување

Се препорачува употреба на уреди за обезвоздушување за да се отстрани воздухот од цевната мрежа.

Лоцирање на цевките

Цевките, носители на медиумот, можат да бидат лоцирани со помош на термофолија во процес на загревање. За тоа, термофолијата се поставува на местото кое се испитува и се вклучува плафонското греење/ладење во режим на греење. Термофолиите може да се употребат повеќе пати.



Сл. 6-21 Лоцирање на цевките низ термофолијата

6.2 Систем за плафонско греење/ладење во мокар начин на градба

Сл. 6-22 Систем за плафонско греење/ладење во мокар начин на градба



Сл. 6-23 Прицврстувачка шина 10

Сл. 6-24 Двоен држач 10

Сл. 6-25 Водилка за цевка 90°

Системски компоненти
- Прицврстувачка шина 10
- Двоен држач 10
- Водилка за цевка 10 90°
- Спојка 10
- Преоден дел со надворешен навој 10 x R ½“
- Подвижна навлака 10
- Преодни фитинзи за поврзување на водовите

Прибор
- Заштитна цевка 12/14
- Заштитна цевка за водовите
- Водилка за цевка за водовите

Цевки кои се употребуваат
- РАУТЕРМ СПИД 10,1 x 1,1 mm
- РАУТЕРМ СПИД 16 x 1,5 mm како цевка за поврзување
- РАУТЕРМ С 17 x 2,0 mm како цевка за поврзување
- РАУТЕРМ С 20 x 2,0 mm како цевка за поврзување

- Брзо и флексибилно полегнување на цевките
- Флексибилни можности за поврзување на плафонските грејни полиња
- Мали дебелини на малтер
- Безбедно фиксирање на цевки

Сл. 6-26 Систем за плафонско греење и ладење во мокар начин на градба

Опис
Прицврстувачката шина 10 се состои од високостабилен полипропилен, отпорен на удар. Таа служи за фиксирање на цевки, носители на медиумот на гол плафон. Можни се растојанија на поставување од 5 cm во мрежа од 2.5 cm. Основната плоча на прицврстувачката шина има дебелина од 4 mm и вкупна висина заедно со држачите на цевка од 13 mm. На местата на превиткување на цевката двојниот држач служи за сигурно фиксирање на цевките.
Полињата за плафонско греење/ладење се формираат со РАУТЕРМ СПИД цевка со димензија 10,1 x 1,1 mm.
Грејните кругови се поврзуваат директно во РЕХАУ разделникот на грејни кругови. Алтернативно, водовите за поврзување со РЕХАУ разделникот за грејни кругови може да се формираат со РАУТЕРМ СПИД цевка со димензии 16 x 1,5 mm или со РАУТЕРМ С цевка со димензии 17 x 2,0 mm или 20 x 2,0 mm.
Со Т-парчињата можат да бидат споени во еден греен круг повеќе плафонски полиња во Тихелман системот и да бидат приклучени на еден отвор за РЕХАУ разделникот на грејни кругови.

Водилката за цевка 90° од полиамид засилен со стаклени влакна, овозможува оптимално виткање на цевката без превиткување и тоа од вертикална рамнина на плафонското греење/ладење во хоризонтална рамнина на приклучните водови.

Со РЕХАУ заштитните цевки, се водат поврзувачките водови директно кон ормарот за разделникот сигурно и без оштетување на цевката.

Во зависност од постојните фуги на објектот и од глетот на плафонот за греење, треба да се користат спојни или гипсани профили или рабна изолациона трака за компензација на топлотното ширење.

Монтажа

Пред монтажата на прицврстувачката шина 10 мора да се заврши потребниот претходен третман на плафонот.

1. Поставување на РЕХАУ ормар за разделник
2. Вградување на РЕХАУ разделник за грејни кругови.
3. Фиксирање на прицврстувачките шини паралелно на голиот плафон.
   Притоа да се внимава на следниве растојанија:
   - Помеѓу две шини: < 0,33 m
   - Помеѓу шина и агол на просторија, односно почеток на греен круг: > 0,2m
   - Помеѓу прицврстувачките точки на шината: < 0,2 m
4. Клапнување и зацврстување на двојниот држач 10 во прицврстувачка шина 10 и тоа во потребните растојанија за нутовите на цевките.
5. Клапнување на РАУТЕРМ СПИД цевката 10,1 x 1,1 mm во прицврстувачката шина 10 и во двојниот држач 10.
6. Формирање на полето е во планирано растојание на полегнување.
7. По потреба фиксирање на посебни вертикални доводи во прицврстувачката шина 10.
8. Употребува на водилката за цевка 90° за преминот од нивото на плафонското греење/ладење до нивото доводите.
9. По потреба изолирање на приклучните водови.
10. Поврзување на приклучните водови со разделникот на грејни кругови.

Полегнувањето на цевките се врши во форма на едноставна или двојна меандра.

За зацврстување на прицврстувачката шина 10 и на двојниот држач 10 може да се употребат комерцијално достапните иглични или ударни дибли 6 x 40 односно соодветни средства за зацврстување за таа намена.



Сл. 6-27 Шематски приказ на конструкција на плафонско греење/ладење во мокар начин на градба

1 Гол плафон
2 Прицврстувачка шина 10
3 Двоен држач 10
4 РАУТЕРМ СПИД 10,1 x 1,1
5 Прв слој на глет
6 Армирање на глет
7 Втор слој на глет



Сл. 6-28 Изведба во форма на едноставна меандра. VA 10



Сл. 6-29 Изведба во форма на двојна меандра, VA 5 cm

По правило, ткаенината за армирање треба да се постави во горниот дел на слојот на малтерот или слојот на глетот, со преклопување и со незагреаната страна. Во зависност од барањата на производителот на малтер, потребни се малтерни основи.

Малтерисувањето може да се изведе еднослојно свежо во свежо од гипс или пак двослојно од цемент.

6.2.1 Основи за плафонско греење/ладење во мокар начин на градба

Норми и правила

При планирањето и изведбата на системите за видно плафонско греење/ладење, суштински треба да се почитуваат следниве норми и правила:

- DIN 1186 градежни гипсови
- DIN 4102 заштита од пожар во високоградба
- DIN 4108 заштита од пожар во високоградба
- DIN 4109 заштита од пожар во високоградба
- DIN 4726 цевоводи од вештачки материјали
- DIN 18180 плочи од гипскартон
- DIN EN 520 гипсани плочи
- DIN 18181 плочи од гипскартон во високоградба
- DIN 18182 прибор за преработка на плочи од гипс картон
- DIN 18195 заптивки на градежен објект
- DIN 18202 мерни толеранции во високоградба
- DIN 18350 работи со глет и гипс
- DIN 18557 малтер
- DIN EN 1264 површински грејни системи
- DIN EN ISO 11855 Системи за зрачно греење и ладење кои се интегрирани во површината
- DIN EN ISO 7730 Ергономика на топлинското опкружување
- DIN EN 13162-13171 материјали за топлинска изолација во објект
- Уредба за заштита на енергија (EnEV)
- Обезбедување на VOB код и договорни преговори за градбата
- Упатства на Федералното здружение за површинско греење и за површинско ладење.

Градежни предуслови

Пред почетокот на монтажата на системите за плафонско греење/ладење мора да бидат исполнети следниве предуслови:

- Градежната опрема за инсталација на плафонско греење/ладење треба да биде изготвена уште при самата изработка на карабината.
- Прозорците и вратите треба да се вградени
- Доколку системите за плафонско греење/ладење се поставуваат на надворешни компоненти кои граничат со земја, тогаш треба да се завршени работите на заптивање според DIN 18195.
- Треба да се проверат толеранциите на рамност, правилност во висина и агли според DIN 18202.

Области на примена

Плафонското греење/ладење во мокар начин на градба може да се употреби во скоро сите типови на градби и области на користење, како целосен систем на греење или поддршка на основното греење:

- Новоградба или санирање на станбени згради посебно или во комбинација со системот на РЕХАУ за подно греење/ладење
- Репрезентативни објекти
- Бањи, сауни и тепидарии

Главните области на примена на плафонското греење/ладење во мокар начин на градба се состојат од пасивно ладење со плафонската површина со и без вентилација или климатизација.



Сл. 6-30 Основна структура на системот за плафонско греење/ладење во мокар начин на градба

1 Ѕиден малтер
2 Плафонски малтер
3 РАУТЕРМ СПИД 10,1 x 1,1 mm
4 Прицврстувачка шина 10
5 Гол плафон

Концепти на поставување

Системите за плафонско греење/ладење може да бидат поставени како:

- Како целосно греење и ладење
- Во комбинација со РЕХАУ систем за подно греење и ладење
- Како дополнително греење на статичката грејна површина
- Како дополнително греење на системите за вентилација и климатизација

Системите за плафонско греење/ладење како целосно греење/ладење

Како резултат на зголемените барања во однос на топлинска заштита, денес во објектите е можно потребата од топлина комплетно да се задоволи со системот за плафонско греење/ладење. Особено добри предиспозиции за овој систем имаат нискоенергетските куќи.

Системот за плафонско греење/ладење во комбинација со РЕХАУ системот за подно греење/ладење или системот за видно греење/ладење

Оваа комбинација се препорачува за места со највисоки барања за удобност како:

- Станбени објекти
- Деловни објекти, места за изложба
- Бањи, сауни, тепидарии

Температурата на доводот кај системите за плафонско греење/ладење е иста со температура на доводот и кај систем за видно или систем за подно греење/ладење.

Систем за плафонско греење/ладење како дополнително греење на статичката грејна површина

Со оваа комбинација се покрива основната потреба од греење со системот за плафонско греење/ладење, а врвните потреби со статична грејна површина. Оваа варијанта е особено корисна во областа на реновирање на објекти, како и кај грејните системи со ниска температура на довод, доколку оптоварувањето за греење не може да биде покриено само со плафонското греење.

Системот за плафонско греење/ладење како дополнително ладење на системите за вентилација и климатизација

Со оваа комбинација, дел од оптоварувањето за ладење се покрива со плафонското ладење. Механичката размена на воздух може да се намали до минималната хигиенски потребна количина на воздух. Оваа комбинација со системот за климатизација овозможува економично управување со системот за ладење на објектот.

6.2.2 Малтери за плафонското греење/ладење во мокар начин на градба

Стручната изведба на малтерот за грејните плафони е предуслов за беспрекорно функционирање на плафонското греење/ладење.

§ Генерално треба да се почитуваат прописите на производителот на материјалот за малтерисување при употреба на неговиот производ, посебно во поглед на работи кои следат потоа, односно лепење на тапети, поплочување итн.

Видови на малтер

Малтерите за системот за плафонско греење/ладење мора да имаат добра топлинска спроводливост. Тенка основа или пак малтерисување во форма на топлинска изолација не можат овде да бидат применети.

Генералната област на примена на малтерите зависи од
- Користење на просторијата
- Влажноста во просторијата
- Трајна работна температура
- Третирање и одржување на кровот- или плафонската површина
- Можно оптоварување од влажност при режимот на ладење

Област на примена	Глет
Внатрешни домашни простории со мала до никаква влажност	Глинен малтер Гипсен/Вар Вар/Цементен Цементен
Домашни влажни простории како кујни или бањи со периодично појавување на зголемена влажност и со плафнско или сидно греење	Вар/Цементен Посебни малтери
Мокри простории како јавни влажни простории со голема влажност и плафонско ладење	Цементен Посебни малтери

Таб. 6-4 Области на примена на различни типови на малтер

Достапноста и составот на малтерот варира значително од една локација до друга. Малтерот мора да биде одобрен за областа на примена во врска со плафонското греење/ладење во мокар начин на градба.

Барања за подлогата за малтерот

§ Дозволените толеранции во однос на рамноста, правилноста на висината и аглите се дадени и треба да се почитуваат според DIN 18202.

Подлогата за малтерот треба да ги исполнува следните услови:
- Да има рамна површина
- Да има носивост и да биде цврста
- Стабилна форма
- Да не одбива вода
- Да биде хомогена
- Да биде рамномерно впивлива
- Да биде гола и сува
- Да нема прав
- Да нема други нечистотии
- Да не замрзнува
- Да биде темперирана на +5 °C

Претходно третирање на подлогата за малтерот

Претходното третирање на малтерот е корисно за цврстото и трајно поврзување на малтерот и основата и мора да биде договорено уште пред почетокот на монтажата со инсталатерот. За ова, меѓу другото, треба да бидат дефинирани следниве точки:
- Израмнување на нерамни места
- Отстранување/заштита на метални делови кои можат да кородираат
- Отстранување на прашина
- Затворање на фуги, пукнатини, отвори
- Нанесување на материјал за изедначување на впивливост кај јако и/или различно впивливи долни основи (на пример поренбетон)
- Нанесување на материјал за впивање кај густи или слабо впивливи долни основи (на пример изолација на внатрешната страна на надворешни ѕидови и плафони)
- Користете противпожарна бариера доколку е побарано од производителот на глетот

Предтретманот на основата на малтерот мора да се изврши пред инсталација на прицврстувачката шина 10.

База за малтер

Во зависност од долната основа на малтерот и видот на генералната дебелина на малтерот, може да е потребно производителот на малтерот да користи база за малтерот. Ова се однесува на двете површини на кои е инсталирано плафонското греење/ладење во мокар начин на градба како и соседните површини без плафонско греење/ладење. Монтажата на базата за малтер се изведува по инсталацијата на плафонското греење/ладење.

Армирање на малтер

Армирањето на малтерот со текстилна мрежа го спречува создавањето на пукнатини и е задолжително за површините со плафонско и ѕидно греење/ладење.

Армирањето на малтерот и самиот малтер се дефинирани од страна на производителот. Треба да се почитуваат прописите на производителот на малтерот.

Вообичаените текстилни мрежи треба да ги исполнуваат следниве технички услови:
- Да имаат дозвола за армирање на малтер
- Отпорни на кинење по должина и ширина повеќе од 1500 N/5 cm
- Отпорни на малтери за грејни плафони или ѕидови (pH-вредност 8 од 11)
- Димензија на мрежа 7 x 7 mm или 8 x 8 mm при поставена текстилна мрежа.
- Димензија на мрежа 4 x 4 mm или 5 x 5 mm при изглетувана текстилна мрежа

Постапката на преработка треба да биде дефинирана пред почетокот на малтерисување со инсталатерот.
- Треба да се почитуваат прописите на производителот на малтерот.
- Армирањето со текстилна мрежа треба да биде нанесено во надворешната третина на слојот на малтер над врвот на цевката.

За нанесување на текстилната мрежа постојат две постапки:

Поставување на текстилната мрежа

Во оваа постапка, текстилната мрежа се користи на најобичен начин, односно на првото место каде што е полегнат последниот слој. Текстилната мрежа мора да се полегне цврсто со најмалку 10 cm превиткување. Превиткувањето до неразладените или незагреаните површини мора да биде најмалку 20 cm. Вкупната дебелина на глетот потоа се подготвува „влажно на влажно“.

Малтерисување на текстилната мрежа

Оваа постапка се применува кај повеќеслојна изведба на малтерисувањето. По целосното сушење на слојот на претходниот малтер, се нанесува слој за армирање на слојот на малтерот. Текстилната мрежа со ширина на мрежата од на пр. 4 x 4 mm се полегнува во малтерот кој е сеуште мокар со превиткување од барем 10 cm, и до незагреаните површини од најмалку 20 cm. Потоа, текстилната мрежа се покрива од сите страни со малтер. Слојот за армирање може да биде последниот слој со понатамошниот третман на горната површина или слојот пред нанесувањето на горниот слој на малтер.

6.2.3 Планирање на плафонското греење/ладење во мокар начин на градба

Дополнителна потреба од координација

Покрај вообичаената координација на градилиштето, архитектот и стручниот проектант мора да внимаваат на следното:
- Одредување на слободна површина за плафонски инсталации како што е осветлувањето, прскалките, детекторите за чад и каналите за проветрување со клиентот.
- Навремена координација помеѓу инсталатерот на греењето и изведувачот на малтерот, доколку е потребно претходно третирање на површината која ќе биде обложена со плафонско греење/ладење.
- Доволно време за сушење на малтерот на грејните плафони, за да се одбегне нивно оштетување.

Барања за противпожарна заштита и заштита од бучава

Доколку системите за плафонско греење/ладење се користат во врска со конструкции и суперструктури кои треба да исполнат барања за противпожарна заштита и заштита од бучава тогаш плафонската конструкција мора да ги исполнува ваквите барања. Соодветните спецификации мора да ги подготви архитектот или стручниот проектант.

Термички услови

Површинската температура на плафонот не смее да надмине 29 °C според DIN EN 1264, при нормални висини на просторијата. Доколку плафонот е само делумно покриен со системот за плафонско греење/ладење, тоа треба да се инсталира во близина на надворешните прозорци и ѕидови за да се спречи несиметријата на зрачењето заради постигнување на термичка удобност во просторијата.

Системите за ладење мора да работат во температурен опсег над точката на роса, според DIN EN 1264. Може да се претпостави дека со исполнувањето на границите на точката на роса се задоволуваат и физиолошките ограничувања.

Во случај на повисоки температури на горната површина при загревање или пониски површински температури при ладење, мора да се покаже усогласеноста со физиолошките ограничувања, според DIN EN ISO 7730.

Топлинска изолација

Поместување на температурата во услови на греење

Со системите за плафонско греење/ладење, температурата низ ѕидот се поместува кон повисоки вредности. Со ова точката на мрзнење се поместува во правец кон надворешната страна на плафонот. Така опасноста од формирање на мраз, во плафонската конструкција при постоење на топлинска изолација однадвор, скоро не постои. Исто така, при постоење на надворешна топлинска изолација, се овозможува плафонот да биде искористен како акумулатор на топлина или студ.

§ Коефициентот на топлинска спроводливост, на слоевите на градежниот објект помеѓу плафонското греење/ладење и надворешниот воздух или кон делови од објектот со значително ниски внатрешни температури, треба да биде димензиониран според уредбата за заштеда на енергија EnEV. Во даден случај треба да се почитуваат условите дадени во документ за потреба од енергија на самиот објект. Плафонското греење/ладење на плафони, кон туѓи делови, треба да бидат така изведени, да отпорот на топлинска пропустливост на целосната конструкција не надмине R = 0,75 (m^2K)/W според DIN EN 1264. Пресметката се врши од рамнината на цевката.

При поставувањето на изолацијата треба да се смета на можно поместување на точката на роса. Потребната топлинска изолација по можност треба да биде инсталирана на надворешната страна од надворешниот ѕид, плафон или кров, и за ова треба да бидат предвидени соодветни поврзувачки системи за топлинска изолација.

Големини на грејни полиња

Плафонските површини со повеќе од 4 m ширина треба да се поделат на повеќе грејни полиња со максимална ширина од 4 m. Поради термичката промена на должината на глетот, зависно од неговиот производител, треба да се планираат дилатациони фуги помеѓу плафонските грејни полиња.

Максималните големини на грејните полиња за плафонското греење/ладење во мокар начин на градба, зависно од растојанието на поставување на цевките и видот на поврзување на грејното поле се дадени во табелата. Основата за тоа е тежнеењето да се избегне поголема загуба на притисок од 300 mbar кај грејните полиња. Оптимално прилагодените и целосно искористените циркулациони пумпи помагаат за заштеда на енергија.

Растојанија на поставување на цевките:
- Растојание на поставување 5 cm (во двојна меандра)
- Растојание на поставување 10 cm (во едноставна меандра)
- Растојание на поставување 15 cm (во едноставна меандра)

Растојание на поставување	Форма на поставување	максимална големина на греен круг
5 cm	Двојна меандра	5,0 m^2
10 cm	Едноставна меандра	6,5 m^2
15 cm	Едноставна меандра	7,5 m^2

Таб. 6-5 Ориентациони вредности за големините на грејните кругови за плафонското греење/ладење во влажен начин на градба за проток од 10 kg/(h m^2) и максимална загуба на притисок од 300 mbar

Хидраулично поврзување

Следните видови на хидраулично поврзување на системите за плафонско греење/ладење се можни:
- Посебно поврзување
- Збир на неколку кругови на цевни разделници со Тихелман, да се обрне внимание на висината и дебелината на малтерот



Сл. 6-31 Шематски приказ на посебно поврзување на секој поединчен круг на плафонско греење/ладење
1 Довод
2 Повратен
3 РЕХАУ разделник на грејни кругови
4 Полиња за плафонско греење/ладење



Сл. 6-32 Шематски приказ на поврзување на повеќе кругови на плафонско греење/ладење во цевен разделник со Тихелман
1 Довод
2 Повратен
3 РЕХАУ разделник на грејни кругови
4 Полиња за плафонско греење/ладење

Дијаграми за капацитет
Топлинската спроводливост на малтерот може значително да варира во зависност од производителот и видот на малтерот.

Техника за регулирање
Техниката за регулација за системите за плафонско греење/ладење е иста како и онаа за регулација на PEXAУ системите за подно греење/ладење.

Одредување на загуба на притисок
Загубите на притисок на PEXAУ цевките од вмрежен полиетилен VPE за плафонското греење/ладење во мокар начин на градба се прикажани во дијаграмот за загуба на притисок.

Упатства за пуштање во работа
Пуштањето во работа на плафонското греење/ладење во мокар начин на градба ги содржи следниве чекори:
- Плакнење, полнење и обезводушување
- Проверка на притисок
- Функционално греење

Притоа треба да се внимава на следниве упатства:

Плакнење, полнење и обезводушување

За отстранување на сите воздушни меурчиња мора да се обезбеди најмала вредност на волуменски проток. Таа изнесува 0,8 l/min (соодветно на брзина на течење од 0,2 m/s). - За завршување на процесот на полнење соодветно на резултатот од планираното полегнување, мора да се изведе хидраулично изедначување на грејните кругови во согласност со резултатот од планирањето на поставувањето.

Проверката на притисок треба да биде изедена и внесена во протокол според протоколот на PEXAУ за проверка на притисокот на PEXAУ подното греење/ладење.
- Проверката на притисокот мора да биде направена пред почетокот на малтерисувањето
- Доколку постои ризик од замрзнување, мора да се преземат соодветни мерки, на пр.
  - Темперирање на објектот
  - Употреба на заштитни средства од мраз (доколку не е потребно заштитно средство од мраз, тогаш тие средства треба да бидат отстранети од системот со празнење и повторно полнење со до најмалку, трипати промена на водата во системот)
- Два часа по првата изведба, проверката на притисок треба повторно да биде изведена.
- Проверката на притисок е успешно помината кога по 12 часа на ниедно место од плафонското греење/ладење, спојните водови или разделникот, не е појавена вода и нема пад на притисок повеќе од 0,1 на секој час.

Функционално греење

Сојузното здружение за површинско греење и за површинско ладење, регистрирано здружение, ги обезбедува следните информации за почетокот на функционалното греење во прописот 7 од јануари 2017 година:

- За малтери кои се базираат на цемент:
- Не пред 21 ден по нанесување на глетот или глетната маса
- За малтер кој се базира на гипс:
- Може да се започне еден ден по нанесувањето на малтерот
- За глинени малтери:
  Најрано 7 дена по нанесувањето на глетот или според упатствата на производителот

Како отстапка на ова, производителите на малтерот обезбедуваат поединечни спецификации за времето од кога функционалното загревање може да започне по завршувањето на малтерисувањето.

Функционалното греење треба да биде изведено и внесено во протокол според протоколот на РЕХАУ за пуштање во работа на плафонското греење/ладење (видетеге го прилогот). За функционалното греење пред, за време на и по малтерисувањето, зависно од производител и тип на малтер, постојат различни одредби. Затоа секогаш треба да се почитуваат тие прописи.

Лоцирање на цевките

Цевките, носители на медиумот, можат да бидат пронајдени со помош на термофолија во процес на загревање. За тоа, термофолијата се поставува на местото кое се испитува и се вклучува плафонското греење/ладење во режим на греење. Термофолиите може да се употребат повеќе пати.



Сл. 6-33 Лоцирање на цевките со помош на термофолијата

7 РАЗДЕЛНИЦИ



Разделник на грејни кругови HKV-D AG од оплеменет челик



Разделник HKV Easyflow од оплеменет челик



Додатни елементи за разделник

Ормари за разделник

СОДРЖИНА

7	**Техника на разделници**	**161**
7.1	РЕХАУ Разделник на грејни кругови HKV-DAG	163
7.2	Разделник HKV Easyflow од оплеменет челик	166
7.3	Додатни елементи за Разделникот на грејни кругови од оплеменет челик	168
7.3.1	Куглести вентили	168
7.4	РЕХАУ Разделник на грејни кругови РАУТЕРМ СПИД HKV-P	170
7.4.1	Додатни елементи за хидраулично изедначување	172
7.4.2	Сет за вградување на калориметар (BM3-сет)	173
7.4.3	Пумпи за мешање PMG-25, PMG-32 ErP	174
7.4.4	Сет за вградување на полимерен калориметар за РАУТЕРМ СПИД HKV-D P разделникот на грејни кругови	175
7.4.5	Сет за регулирање flex	176
7.4.6	Полимерен сет за регулирање flex	178
7.5	Ормари за разделник	180
7.5.1	Ормари за разделник за подмалтерна монтажа	180
7.5.2	Ормари за разделник за надмалтерна монтажа	186
7.5.3	Ормари за разделник за надмалтерна монтажа за индустриски разделници	188
7.5.4	Упатства за монтажа	191
7.5.5	Прибор за ормарите за разделник	194

7.1 РЕХАУ Разделник на грејни кругови HKV-D AG

- Висок квалитет на оплеменет челик
- 100%-но обевоздушување преку надворешниот отвор на вентилот за обевоздушување
- Шипки на разделници со рамна заптивка со надворешен навој G1
- Индикатор на количината на протокот 0,5-5 l/min
- Сет за топчест вентил за хоризонтално поврзување
- Сет за топчест вентил за вертикално поврзување
- Memory-прстен за фиксирање на одредената количина на проток

Опис

Разделник со цевки за довод и повратод оплеменет челик со интегрирани приклучоци за термички актуатори на повратод (можност за приклучување на РЕХАУ актуатори) и интегриран индикатор за количината на проток за прецизно визуелно регулирање на количината на вода во доводот. Вентили за обевоздушување ½” со самозатворање, обложени со никел. Славини за испразнување ½” со самозатворање. Sиден држач со приклучок за звучна изолација.

- Главна страна
  - 1“ AG рамно затворање од едната страна
  - Специјална заптивка ½” на едната страна
- Споредна страна
  - Еуроконус 3/4“ според DIN EN 16313. Погодно за РЕХАУ преоден дел со холендер за поврзување 10,1 x 1,1, 14 x 1,5, 16 x 1,5, 16,2 x 2,6, 16 x 2,2, 17 x 2,0 и 20 x 2,0. Максималниот дозволен момент на затегнување на премин со холендер е 40 Nm.

Област на примена

Разделниците HKV-D AG се користат за дистрибуција и регулирање на протокот при површинско греење со ниска температура или површинско ладење. Разделниците HKV-D AG мора да работат со вода за греење според VDI 2035, ÖNORM EN 12828 и ÖNORM H 5195-1. Во системите со честички од корозија или загадување на водата за греење, мора да се инсталираат фаќачи за нечистотија или филтри со ширина на мрежата од максимум 0,8 mm во системот за греење, за заштита на мерната и контролната опрема на разделникот. Максималниот дозволен континуиран оперативен притисок е 6 bar на 70 °C. Максималниот дозволен пробен притисок е 8 bar на 20 °C.

Прибор

- РЕХАУ ормар за разделникот за монтажа над или во sид
- РЕХАУ хоризонтален топчест вентил
- РЕХАУ вертикален топчест вентил
- РЕХАУ сет за термометар 0-80 °C



Сл. 7-3 РЕХАУ HKV-D AG

Технички податоци

Материјал	Оплеменет челик
Разделник/Собирач	се состои од профили со оплеменет челик NW 1“
Грејни кругови	За 2 до 15 грејни кругови (групи)
HKV-D AG	1 мерач на проток за секој греен круг во доводот. 1 интегриран приклучок за термички актуатор на повратод
Приклучок за вентилот	M30 x 1,5 mm
Растојание на приклучината спојка од цевката	50 mm
Приклучок за Еуроконус G ¾“ A	за РЕХАУ холендер со поврзување според DIN EN 16313
Држач/конзола	со приклучок за звучна изолација

Монтажа

- **Во РЕХАУ ормар за разделник:**
  Се прицврстуваат конзолите на разделникот на лизгачките шини со С-профил.
  Држачот на разделникот може да биде хоризонтално и вертикално.
- **Ѕид:**
  Зацврстете го разделникот во дупките на конзолата за разделникот.

Димензии на поврзување на РЕХАУ разделникот HKV-D AG



Грејни кругови	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13	14	15
Должина L [mm]	201	251	301	351	401	451	501	551	601	651	701	751	801	851

Сл. 7-4 Димензии на поврзувањето на РЕХАУ разделникот HKV-D AG

1 Појдовен вод

2 Повратен вод

Обевоздушување

Надворешниот отвор на вентилот кој е обезбеден за обевоздушување овозможува 100% обевоздушување на разделникот. Доколку отворот е свртен кон внатрешната страна тогаш нема да е возможно обевоздушување на горната површина на разделникот (приближно 5 mm), што ќе резултира во намалување на волуменот од приближно 10%.



Сл. 7-5 Вентил за обевоздушување и вентил-термостат

Индикатор за количината на проток 0,5-5 l/min.
Индикаторот за стапката на протокот на доводот на разделникот се обезбедува со капак за затворање. Со вртење на црната навртка, напречниот пресек на отворот на вентилот се менува и, следствено, се поставува саканата стапка на проток. Количината на вода која тече низ вентилот непосредно зависи од степенот на отворот на вентилот. Количината на вода која тече може да се прочита на контролното стакло. За регулирање на системот, сите рачни и термостатски вентили во целиот затворен круг мора да бидат целосно отворени. Со вртење на црната навртка, количината на вода пресметана за грејниот круг се поставува во l/min. По прилагодување на целиот систем, мора повторно да ги проверите почетните поставки и да ги прилагодите доколку е потребно.
По конечното поставување, индикаторот на проток ќе биде заштитен од неовластено или ненамерно подесување со црвен капак за затворање. За да се изврши ова капакот за затворање на индикаторот на проток треба се притисне надолу до крајот. Протокот се прекинува со негово целосно завртување. Мерачот на проток, исто така, има „мемориски“ прстен за да го поправи поставениот проток, така што по промена на поставените вредности, можно е да го вратите оригиналниот проток назад.

- Прецизно и брзо прилагодување без дијаграми, табели или мерни уреди
- Количината на проток се прикажува директно во l/min
- Поставката може да се блокира и затвори за да се спречи нејзиното прилагодување
- Вентилот за регулирање може да се исклучи
- Која било позиција на инсталација



Сл. 7-6 Индикатор за количина на проток

Термостатски вентил
Спојката е опремена со M30 x 1.5 навој (кој е компатибилен со REHAU актуаторите).

Термометар-сет (0-80 °C)
Опционалниот термометар со прикачување има мерен опсег од 0-80 °C и со неговото лежиште тој е специјално дизајниран во формата на разделникот.

Како продолжеток на едниот излез од REHAU разделникот за HKV-D AG од оплеменет челик се користи сет за продолжување. Сетот се состои од продолжеток на појдовниот и повратниот вод, кој може да се заштрафи во REHAU разделникот на HKV-D AG од оплеменет челик. За оваа цел мора фабрички монтираната 1/2“ штопна која е монтирана на цевките на разделникот да се отстрани и наместо него да се заштрафи сетот за продолжување. 1/2“ штопната се заштрафува по монтажа на продолжетокот.



Сл. 7-7 Дијаграм на текот за вентилот за прецизно регулирање и мерачот на протокот на разделник HKV-D AG

7.2 Разделник HKV Easyflow од оплеменет челик



Сл. 7.8 Разделник HKV Easyflow од оплеменет челик

- Автоматско хидраулично реуглирање на количината на проток
- Може да се исклучи во протокот за секој поединечен греен круг
- Висок квалитет на оплеменет челик
- Приклучок на термички актуатор за РЕХАУ на поврат
- Поцинкувани конзоли со звучна изолација
- Обевоздушевување и празнење интегрирани во цевката на разделникот

Област на примена

Разделникот HKV-Easyflow со оплеменет челик се користи за дистрибуција и регулирање на волуменот на проток во затворени системи за греење со нискотемпературно површинско греење или површинско ладење во затворени објекти. Монтажата на разделниците HKV Easyflow мора да се изврши во затворените простории на објектот.

Технички опис

Разделникот HKV-Easyflow од оплеменет челик автоматски го регулира поставениот проток за секој поединечен греен круг. Достапно е постојано автоматско хидрауличко балансирање на поединечните грејни кругови.

Разделникот HKV Easyflow од оплеменет челик може да се употребува со грејна вода според VDI 2035, ÖNORM EN 12828 и ÖNORM H 5195-1.
Во системите со честички од корозија или загадување на водата за греење, мора да се инсталираат фаќачи за нечистотија или филтри со ширина на мрежата од максимум < 0,8 mm во системот за греење, за заштита на мерната и контролната опрема на разделникот.

Максимално дозволениот константен работен притисок изнесува 10 bar на 80 °C.
Максимално дозволениот пробен притисок изнесува 10 bar на 20 °C.

Технички податоци

Материјал	Оплеменет челик/ никлован месинг
Разделник/Собирач	Цевка од оплеменет челик NW DN32
Грејни кругови	За 2 до 15 грејни кругови (групи)
Разделник HKV Easyflow од оплеменет челик	1 вентил за регулирање на секој греен круг во на доводот 1 Easyflow термостатски вентил на секој греен круг на повратот
Спојка за вентилот	M30 x 1,5 mm
Завршни делови на разделник	DN 15 штопна
Растојание на приклучната спојка од цевката	50 mm средина – средина
Приклучок за Евроконус G ¾“A	За РЕХАУ преминот со холендер спојка со стезен прстен
Држач/конзола	Звучно изолиран, за монтажа на ѕид и ормар
Максимален проток	5,1 m^3/h
Максимална дозволена концентрација на гликол во водата	50 %

Таб. 7-3 Технички податоци за разделникот HKV Easyflow од оплеменет челик

Хидраулична пресметка

Со следниот проток, треба еден од следните диференцијални притисоци да се појавува во Easyflow вентилот, без некакви вградбени делови или загуби на притисокот во инсталацијата на цевки:

Минимален диференцијален притисок Δp 20-340 l/h	20 kPa
Максимален тековен притисок во вентилот	60 kPa

Проверка на заптивање

Мора да се изврши проверка на заптивањето по инсталацијата и за време на поставување на естрихот. Пробниот притисок е максимум 10 bar. Мора да се изработи протокол за проверка.

Максималната количина на вода за плакнење не смее да надмине 340 l/h кај целосно отворен вентил на доводот и повратот на разделникот.
Максималниот дозволен притисок при плакнење е 1 bar.

Прибор

- Сет топчести вентили DN25
- Сет топчести вентили DN25 M10 x 1
- Сет аголни топчести вентили
- Сет топчести вентили DN25 со филтер
- Сет за вградување на калориметар
- Ормар за разделникот за подмалтерна или надмалтерна монтажа
- Сет за регулирање flex
- Сет за проширување

При ладење, мора да се спречи појава на кондензат на површината на разделникот. Ова може да се изврши со мерење со техниките за регулирање како на пр. следењето на точката на росење со мерач на точката на росење на разделникот во комбинација со изолација на разделикот.

Монтажа

При монтажа ве молиме почитувајте ги информациите на приложеното упатство за монтажа.

Во РЕХАУ ормар за разделник:

- Зацврстете ги разделниците на грејни кругови на лизгачките шини со С-профил. Зацврстувањето на разделникот може да се поместува хоризонтално и вертикално.

На ѕид:

- Зацврстување на разделникот во дупките на конзолата за разделникот.



Сл. 7-9 Технички податоци

Некористените излези на разделникот мора да се затворат на пр. со заштитни капаци.

Димензии за поврзување на разделникот HKV Easyflow



Сл. 7-10 Димензии за поврзување на разделникот HKV Easyflow

	Разделник-големини		2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13	14	15
	Должина, надворешна димензија	[mm]	201	251	301	351	401	451	501	551	601	651	701	751	801	851
1	Целосна димензија со сет топчести вентили	[mm]	276	326	376	426	476	526	576	626	676	726	776	826	876	926
2	Целосна димензија со сте топчести вентили со сензор	[mm]	264	314	364	414	464	514	564	614	664	714	764	814	864	914
3	Целосна димензија со сет регулирачки вентили	[mm]	321	371	421	471	521	571	621	671	721	771	821	871	921	971
4	Целосна димензија со сет вентили за балансирање	[mm]	291	341	391	441	491	541	591	641	691	741	791	841	891	941
5	Целосна димензија со цет аголни топчести вентили	[mm]	336	386	436	486	536	586	636	686	736	786	836	886	936	986

Таб. 7-4 Димензии на вградување на разделникот HKV Easyflow (во mm)

7.3 Додатни елементи за разделници од оплеменет челик

7.3.1 Топчести вентили

Сет аголни топчести вентили



Сл. 7-11 Сет аголни топчести вентили

Област на примена

За инсталација на разделниците на грејни кругови и за затворање на приклучниот вод.

Технички податоци

Материјал	Никлован месинг
Приклучок за разделникот	G1 со холендер за поврзување и заптивка
Приклучок на цевната мрежа	G1 IG

Таб. 7-5 Технички податоци за аголниот топчест вентил

Куглест вентил-сет со спојка за сензорот



Сл. 7-12 Сет топчести вентили со спојка за сензор

Област на примена:

За инсталација на разделниците на грејни кругови и за затворање на приклучниот вод. Интегрирана спојка за сензорот за директно потопените сензори за калориметрите на топлина според EN 1434.

Технички податоци

Материјал	Никлован месинг
Спојка за разделникот	Приклучок за разделникот G1 со холендер за поврзување и заптивка
Приклучок на цевната мрежа	G1 IG
Спојка за сензорот	M 10 x 1 за директно потопени сензори

Таб. 7-6 Технички податоци за сет топчести вентили со спојка за сензор

Сет топчести вентили



Сл. 7-13 Куглести вентили

Област на примена

За инсталација на разделниците на грејни кругови и за затворање на приклучниот вод.

Технички податоци

Материјал	Никлован месинг
Приклучок за разделникот	G1 со холендер за поврзување и заптивка
Приклучок на цевната мрежа	G1 IG

Таб. 7-7 Технички податоци за сет топчести вентили

Сет топчести вентили со филтер



Сл. 7-14 Сет топчести вентили со филтер

Област на примена

За инсталација на разделниците на грејни кругови и за затворање на приклучниот вод.

Технички податоци

Материјал	Никлован месинг
Спојка за разделникот	G1 со холендер за поврзување и заптивка
Приклучок на цевната мрежа	G1 IG
Филтер	Поставување на филтер, ширина на мрежата 0,8 mm

Таб. 7-8 Технички податоци за сет топчести вентили G1 со филтер

7.4 РЕХАУ Разделник на грејни кругови РАУТЕРМ СПИД HKV-P

- Компактен дизајн /заштеда на простор
- Висококвалитетна пластика која е отпорна на хидролиза
- Може да се затвори без менување на протокот според DIN EN 1264-4
- Пред-монтиран на конзоли
- Вентилите за затворање DN 25 се вклучени во испораката
- Промена на контролното стакло DFM е можна и додека работи греењето/ладењето
- Самоприцврстувачки полимерни конзоли во шините со C-профили во РЕХАУ ормарот за разделник
- Со поврзувањето на главната страна, доводот е секогаш на левата страна

Област на примена

РАУТЕРМ СПИД HKV P се користат за дистрибуција и регулирање на протокот во затворени системи за греење со површинско греење со ниска температура или површинско ладење во затворени објекти. Монтажата на РАУТЕРМ СПИД HKV P мора да се изврши во затворените простории на објектот.

РАУТЕРМ СПИД HKV P може да се употребува со грејна вода во согласност со VDI 2035 Во системите со честички од корозија или загадување на водата за греење, мора да се инсталираат фаќачи за нечистотија или филтри со ширина на мрежата од максимум ≤ 0,8 mm во системот за греење, за заштита на мерната и контролната опрема на разделникот.

Максималниот дозволен константен работен притисок е 6 bar на 60 °C.
Максималниот дозволен пробен притисок е 10 bar на 20 °C.

При ладење, мора да се спречи појава на кондензат на површината на разделникот. Ова може да се изврши со мерење со техниките за регулирање како на пр. следењето на точката на росење со мерач на точката на росење на разделникот во комбинација со изолација на разделикот.



Сл. 7-15 РАУТЕРМ СПИД HKV P конектор 16 / 17

- Мерач на протокот според DIN EN 1264-4 за подесување на проток во довод
- Приклучок за термички актуатори РЕХАУ актуаторот „Мини“ во повратниот вод
- Завршен сегмент на разделникот со обевоздушување/празнаење.
- Полимерни конзоли со граничници за растојанието
- Самоприцврстувачки полимерни конзоли во шините со C-профили во РЕХАУ ормарот за разделник

Испорака

1. РАУТЕРМ СПИД HKV P конектор 16 / 17
2. 2 Вентили за затворање DN 25
3. Внатрешна потпорна навлака за СПИД конекторот со 16 mm или 17 mm
4. Алат за отстранување и обележување на длабочината
5. 4 граничници за растојанието за прикачување на држачот за разделникот
6. Торба за приборот со завртки и дибли
7. Налепници за означување на грејните кругови

Технички податоци

Материјал	Пластика PA 66 GF / никлован месинг
Разделник/Собирач	Пластика PA 66 GF
Грејни кругови	За 2 до 16 грејни кругови (групи)
RAUTHERM SPEED HKV P	1 мерач на проток кој може да се исклучи и однапред да се постави според DIN EN 1264-4 за секој греен круг во појдовниот вод. 1 термостатски вентил за затворање на секој греен круг во повратниот вод.
Спојка за вентилот	M30 x 1,5 mm
Завршен сегмент на разделникот	Со славина за полнење/празнење
Растојание на приклучината спојка од цевката	45 mm
Држач/конзола	Звучноизолиран, полимерен, монтажа на ѕид и ормар
Максимален проток	3,5 m^3/h

Таб. 7-9 Технички податоци

Монтажа

При монтажа ве молиме почитувајте ги информациите на приложеното упатство за монтажа.

Во РЕХАУ ормар за разделник:

- Поставете ги конзолите на РАУТЕРМ СПИД HKV P на лизгачките шини со С-профи. Зацврстувањето на разделникот може да се поместува хоризонтално и вертикално. На крајот на монтажата на РАУТЕРМ СПИД HKV P, фиксирајте ги конзолите со користење на обезбедените завртки.

На sид:

- Разделникот со комплет за вградување (4 пластични дибли (4 пластични дибли S8 и 4 завртки 6 x 70) се прицврстува по пат на бушење во конзолата на разделникот.

Дијаграм за загуба на притисокот



Сл. 7-16 HKV-сет вентили за регулирање

Димензии за поврзување на РАУТЕРМ СПИД HKV P



Сл. 7-17 РЕХАУ полимерен компактен разделник со хоризонтален вентил



Сл. 7-18 РЕХАУ полимерен компактен разделник со вертикален вентил

РЕХАУ полимерен компактен разделник со хоризонтален вентил																
Излези		**2**	**3**	**4**	**5**	**6**	**7**	**8**	**9**	**10**	**11**	**12**	**13**	**14**	**15**	**16**
Должина на разделникот вклучувајќи го и вентилот	[mm]	320	365	410	455	500	545	590	635	680	725	770	815	860	905	950
Длабочина со граничници на растојанието	[mm]	85 (74 без граничници за растојанието)														
Висина	[mm]	215														

РЕХАУ полимерен компактен разделник со вертикален вентил																
Излези		**2**	**3**	**4**	**5**	**6**	**7**	**8**	**9**	**10**	**11**	**12**	**13**	**14**	**15**	**16**
Должина на разделникот вклучувајќи колено од 90° и вертикален вентил	[mm]	282	327	372	417	462	507	552	597	642	687	732	777	822	867	912
Длабочина со граничници на растојанието	[mm]	85 (74 без граничници за растојанието)														
Висина	[mm]	253														

7.4.1 Додатни елементи за хидрауличко балансирање

Област на примена

И во Уредбата за заштеда на енергија (EnEV) и доделувањето на субвенциите на KfW пропишуваат дека површинското греење што го инсталира овластен инсталатер мора да биде хидраулично избалансирано. Правилното извршување на хидрауличкото балансирање мора писмено да го потврди специјалистот кој ја извршил работата. Разделниците мора да бидат меѓусебно усогласени. Мора да се гарантира изедначено снабдување на сите потрошувачи кои се поврзани со изворот на топлината и поединечно за секој потрошувач. Следните артикли се компатибилни со PEXAУ разделникот кругови со 1“ G според ISO 228 со со навој со рамно заптивање.

HKV-Сет регулирачки вентили



Сл. 7-19 HKV-Сет регулирачки вентили

Технички податоци

Материјал	Месинг
Спојка за вентилот	M30 x 1,5
Димензија	DN 25
Дозволена трајна работна температура	80 °C
Дозволен максимален притисок при проверка	10 bar

Таб. 7-10 Технички податоци на HKV-Сет регулирачки вентили



Сл. 7-20 Дијаграм на HKV- регулирачки вентил

Сет балансирачки вентили



Сл. 7-21 Сет балансирачки вентили

Технички податоци

Материјал	Никлован месинг
Димензија	DN 25
Опсег на проток	4 до 36 l/min
Дозволена трајна работна температура	80 °C
Дозволен максимален притисок при проверка	10 bar

Таб. 7-11 Технички податоци за сет балансирачки вентили

Број на вртежи	Kv-вредност
	m^3/h
0,5	0,7
1	1,0
1,5	1,3
2	1,6
2,5	1,9
3	2,3
3,5	2,7
4	2,9
4,5	3,0
5	3,1
5,5	3,2
6	3,3
7	3,5

Таб. 7-12 Хидруалично приспособување на балансирачки вентил

7.4.2 Сет за вградување на калориметар (WMZ-сет за монтирање)



Сл. 7-22 Сет за вертикално монтирање



Сл. 7-23 Сет за хоризонтално монтирање

- Опционално поврзување од долната страна (стандардно) или од страната
- Поврзување со рамна заптивка на разделникот
- Монтажа на левата или десната страна на разделникот
- Опција за поврзување за сите заеднички директно потопени сензори

WMZ-комплетот за монтирање се состои од G1 приклучна единица со приклучок со соодветен дел за сместување на комерцијално достапен калориметар. WMZ-комплетот за монтирање може да се поврзе на PEXAУ разделникот на левата или на десната страна.
Приклучната единица ги содржи следните вентили:
- Топчест вентил на поврат (син)
- Топчест вентил на поврат (син) со интегрирана спојка за сензорот M 10 x 1 за директно потопените сензори
- Топчест вентил на довод (црвен) со интегрирана спојка за сензорот M 10 x 1 за директно потопените сензори

WMZ-комплетите за поврзување се опционално достапни во вертикална верзија (поврзување од долната страна, арт. бр. 12197571001) или хоризонтална верзија (поврзување од страната, арт. бр. 12197581001). За прифаќање на калориметрите со вкупна должина на уредот од 110 mm (G¾) или 130 mm (G1).
- Опција за поврзување на сензор кој е директно потопен во медиумот во топчестиот вентил на довод.
- Опција за поврзување на сензор кој е директно потопен во медиумот во топчестиот вентил на поврат.

При поставување на ормари за разделници, вкупната длабочина на вградување на калориметарот-сензорот треба да се почитува. Доколку е потребно, препорачано е инсталација на посебен сензор.



Сл. 7-24 Димензии на WMZ сетот за вертикално монтирање



Сл. 7-25 Димензии на WMZ сетот за хоризонтално монтирање

7.4.3 Мешачка пумпна група PMG-25, PMG-32 ErP



Сл. 7-26 Мешачка пумпна група PMG-32 ErP

- Компактни единици кои се подготвени за монтажа
- Спојни места со рамни заптивки, без исклучок
- Заштеда на електрична енергија преку електронски управувана пумпа
- Топлинска изолација од EPP

Системски компоненти

- Трокрак мешачки вентил DN 25 или DN 32 со термостатска глава (актуатор) 3-point, 230 V
- Високо ефикасна пумпа Wilo Yonos Para со црвен потенциометар 25/6 (PMG 25) или 30/6 (PMG 32)
- Термометар во појдовниот и повратниот вод

Области на примена

Мешачка пумпна група за површинското греење наменета за монтажа во централна положба или на котел.

Опис

Групата е монтирана врз конзола за видно зацврстување. Со доградување со РЕХАУ сет за регулирање на температурата на појдовен вод може да се направи самостојна станица за регулирање.

ВНИМАНИЕ

Инсталацијата на системот смее да ја врши само стручно лице за електрика.

Внимавајте на:

- Важечките VDE-одредби
- Упатствата за монтажа добиени со испораката

Технички податоци

Ширина	250 mm
Висина	404 mm
Длабочина	230 mm

Таб. 7-13 Технички податоци

Трокрак мешачки вентил

kvs-вредност	8,0 m^3/h или 18,0 m^3/h
Димензија	DN 25 или DN 32
Куќиште	црвен гус, никловано матно

Таб. 7-14



Сл. 7-27 Мешачка пумпна група PMG-25/32 ErP

7.4.4 Сет за вградување на полимерен калориметар за разделник РАУТЕРМ СПИД HKV-D P



Сл. 7-28 Испорака на сетот за вградување на полимерен калориметар

- Вертикално или хоризонтално поврзување кое слободно може да се одбере
- Сигурно поврзување со разделникот РАУТЕРМ СПИД HKV-D P
- Монтажа на левата или десната страна на разделникот
- Опција за поврзување за сите заеднички директно потопени сензори

Сетот за вградување на полимерен калориметар се состои од G1 приклучна единица со приклучок со соодветен дел за сместување на комерцијално достапен калориметар. Сетот за вградување на полимерен калориметар може да се поврзе на левата или десната страна на РАУТЕРМ СПИД HKV-D P
Приклучната единица ги содржи следните компоненти:
- 2 адаптери за поврзување со интегрираната спојка за сензорот M10x1 за директно потопени сензори
- Приклучок DN 25 IG за приклучокот за разделникот DN 25
- Соодветен дел за прифаќање на калориметрите со вкупна должина на уредот од 110 mm (G¾) или 130 mm (G1).

WMZ-сетот за поврзување може да се користи вертикално или хоризонтално. Тој може да се користи за прифаќање на калориметри со вкупна должина на уредот од 110 mm (G¾) или 130 mm (G1).
- Опција за поврзување на сензор кој е директно потопен во медиумот во топчестиот вентил во појдовниот и во повратниот вод.

При поставување на ормари за разделници, вкупната длабочина на вградување на калориметарот-сензорот треба да се почитува. Може да биде потребна инсталација на посебен сензор.



Сл. 7-29 Инсталација на WMZ-Сет за вертикално монтирање

Доколку WMZ-полимерниот сет за монтирање е вграден вертикално на левата страна на РАУТЕРМ СПИД HKV-D P, калориметарот е поставен во појдовниот вод. Ве молиме координирајте се со производителот на калориметарот пред инсталација.



Сл. 7-30 Вградување на WMZ-сетот за хоризонтално вградување

7.4.5 Сет за регулирање flex

Сл. 7-31 Сет за регулирање flex со термостатска глава

Сл. 7-32 Сет за регулирање flex со актуатор

- Поврзување на PEXAУ систем за подно греење на постоен систем за радијаторско греење
- Регулирање на саканата температура на појдовен вод
- Рамнозаптивачки приклучок на PEXAУ разделници
- Монтажа на левата или десната страна на разделникот
- Може да се конвертира во станица за греење/ладење

Област на примена

PEXAУ сетот за регулирање flex се користи за проширување на постоечки систем на радијаторско греење на комбиниран систем на радијатори/површинско греење.
Компактниот додаток со контролна станица е соодветен за директно поврзување со PEXAУ разделник за грејни кругови од 1". Тој е проверен и делумно фабрички монтиран. Електронската високоефикасна пумпа е усогласена со ErP 2013 и 2015.

Опис

Преку контролираното снабдување на грејна вода со висока температура (на пр. 70 °C) од главниот круг, температурата на појдовниот вод се намалува на нивото на подното греење со додавање на поладна вода од повратниот вод на подното греење. Хидруаличното регулирање функционира според принципот на мешачки круг. Во зависност од големината на разделникот, температурата во главниот круг треба да биде најмалку 10 или 15 K повисока од посакуваната температура во кругот на подното греење. Сигурносниот надзор на температурата ја исклучува пумпата за грејниот круг доколку сигурносната температура е надмината (на пр. 55 °C). Термостатскиот вентил може да се затвори.
Сет за регулирање flex со термостатска глава: Со термостатската глава, површинското греење се управува со константна температура на протокот. Температурата на протокот директно се поставува на термостатската глава.
Сет за регулирање flex со актуатор: Со актуаторот може да се контролира температурата на протокот со надворешен регулатор. Ова овозможува регулирање на температурата на појдовниот вод според временските услови. Сензорот за температурата на појдовниот вод на надворешниот регулатор мора да биде прикачен на метален дел на појдовниот вод.

Управување на пумпата

При користење на актуатори, во случај на потреба на контрола на циркулационата пумпа главното напојување на сетот за регулирање (фаза L) се насочува преку релејот за пумпата на контролниот разделник (видете ги упатствата за инсталација за HEA / HEA CMAPT 2.0 разделникот за регулирање).

Преструен вентил со неповратен вентил

Со преструен вентил, протокот на секундарниот вод е пригушен, така што се дава предност на мешање со протокот од примарната страна. Во спротивно, на пример, ако е притисокот на примарната страна е низок, количината на проток од повратиот вод може да биде преголема и поставената температуа нема да може да се постигне.

Технички податоци

Главен приклучок	G 1 IG на термостатски вентил G 1 AG рамно заптивање на повратот
Секундарен приклучок	G 1 IG холендер за поврзување со рамно заптивање
Централно растојание помеѓу предната и задната страна	210 mm
Преносliв капацитет	до приближно 10 kW во зависност од Δt
Прилагодлива температура на појдовниот вод	Помеѓу 20 °C и 55 °C
kVs-вредност на термостатски вентил	3,5 m^3/h
kVs-вредност на внатрешната циркулација	5,7 m^3/h
Висина на пумпата	6,2 m
Максимален проток	1,65 m^3/h
Максимална работна тем.	95 °C
Максимална тем. на секундарен вод	55 °C
Максимална тем. на поврат	55 °C
Максимален работен	10 bar
Напон на напојувањето	230 V AC
Должина на уредот	230 mm
Висина на уредот	360 mm
Длабочина на уредот	103 mm

Таб. 7-15 Технички податоци на сетот за регулирање flex

Системски компоненти
- Пумпа Wilo Para 15-130/6-43/SC-12 со должина на уредот 130 mm
- Прилагодлив ограничувач за температурата, поврзан со пумпата – Интегриран преструен вентил со неповратен вентил
- Термостатски вентил
- Екцентричен аголен приклучок за поврзување на разделникот на левата или десната страна
- Термометар со држач

Сет за регулирање flex со термостатска глава:
- Термостатска глава која е прилагодлива од 20 °C - 55 °C со потопувачки сензор

Сет за регулирање flex со актуатор:
- Актуатор, работен напон од 24 V, 0 – 10 V со постојано регулирање

Термостатската глава и актуаторот може наизменично да се заменат на сетот за регулирање flex P. Подигањето на актуаторот мора да биде најмалку 4,2 mm.

Монтажа

Инсталацијата на системот смее да ја врши само стручно лице за електрика.
При поставувањето на единицата за грејни пумпи со класа на заштита 1, стручното лице за електрика мора да го обезбеди правилното поврзување на единиците и почитувањето на мерките за заштита. Во зависност од локалните услови, ова опфаќа интеграција на разделникот на грејни кругови и метални цевни делови во изедначувањето на потенцијалот со користење на соодветна техника на спојување. Сите кабли за поврзување со струја мора да се обезбедени со растеретување. Внимавајте на:
- Важечките VDE-одредби
- Упатсвата за монтажа добиени со испораката

Капиларната цевка на сензорот за температура не смее да биде превиткана.

1. Извршете ја инсталацијата во согласност со шемата.



Сл. 7-33 Шема на систем со главна циркулациона пумпа во генераторот на топлина



Сл. 7-34 Шема на систем со екстерна главна циркулациона пумпа

Во системите со преклопни вентили за производство на топла вода, може да се појават проблеми во хидрауликата, бидејќи појдовниот или повратниот вод од главната страна е блокиран. Претходно проверете ја хидрауличната соодветност!

7.4.6 Полимерен сет за регулирање flex

Сл. 7-35 Сет за регулирање flex P со термостатска глава

Сл. 7-36 Сет за регулирање flex P со актуатор

- Поврзување на РЕХАУ систем за подно греење на постоен систем за радијаторско греење
- Регулирање на саканата температура на појдовен вод
- Рамнозаптивачки приклучок на РЕХАУ разделници
- Може да се конвертира во станица за греење/ладење

Област на примена

РЕХАУ сетот за регулирање flex P се користи за проширување на постоечки систем на радијаторско греење на комбиниран систем на радијатори/површинско греење.
Компактниот додаток со контролна станица е соодветен за директно поврзување со РАУТЕРМ СПИД HKV-D P разделникот. Тој е проверен и делумно фабрички монтиран. Електронската високоефикасна пумпа е усогласена со ErP 2013 и 2015.

Сетот за регулирање flex P мора да се инсталира на левата страна на разделникот РАУТЕРМ СПИД HKV-D P.

Поврзувањето на десната страна на разделникот РАУТЕРМ СПИД HKV-D P не е возможна, бидејќи појдовниот и повратниот вод од разделникот се заменуваат како резултат на конверзијата.

Опис

Преку контролираното снабдување со грејна вода со висока температура (на пр. 70 °C) од главниот круг, температурата на појдовниот вод се намалува на нивото на подното греење со додавање на поладна вода од повратниот вод на подното греење.Хидруаличното регулирање функционира според принципот на регулирање на мешачки круг. Во зависност од големината на разделникот, температурата на главниот круг треба да биде најмалку 10 или 15 K повисока од посакуваната температура за подното греење. Сигурносниот мерач на температурата ја исклучува пумпата за грејниот круг доколку безбедната температура од 55 °C е надмината. Интегрираниот термостатски вентил може да се затвори.

Сет за регулирање flex P со термостатска глава:
Со термостатската глава, површинското греење со управува со константна температура на протокот. Температурата на протокот директно се поставува на термостатската глава.

Сет за регулирање flex P со актуатор:
Со актуаторот може да се контролира температурата на протокот со надворешен регулатор. Ова овозможува регулирање на температурата на појдовниот вод според временските услови.
Сензорот за температурата на појдовниот вод на надворешниот регулатор мора да биде прикачен на метален дел на појдовниот вод.
Термостатската глава и актуаторот може наизменично да се заменат на сетот за регулирање flex P. Подигањето на актуаторот мора да биде најмалку 4,2 mm.

Управување на пумпата

При користење на актуатори, во случај на потреба на контрола на циркулационата пумпа главното напојување на сетот за регулирање flex P (фаза L) се насочува преку релејот за пумпата на контролниот разделник (видете ги упатствата за инсталација за HEA / HEA SMART 2.0 разделникот за регулирање).

Преструен вентил со неповратен вентил

Со преструен вентил, протокот на секундарниот вод е пригушен, така што се дава предност на мешање со протокот од примарната страна. Во спротивно, на пример, ако е притисокот на примарната страна е низок, количината на проток од повратиот вод може да биде преголема и поставената температуа нема да може да се постигне.

Технички податоци

Главен приклучок	G 1 AG, рамно заптивање
Секундарен приклучок	G 1 IG холендер за поврзување со рамно заптивање
Преносliв капацитет	10 kW во зависност од Δt
Прилагодлива температура на појдовниот вод	Помеѓу 20 °C и 55 °C
kVs-вредност на термостатски вентил	3,5 m^3/h
kVs-вредност на внатрешната циркулација	5,1 m^3/h
Висина на пумпата	6 m
Максимален проток	1,65 m^3/h
Максимална работна тем.	95 °C
Максимална тем. на секундарен вод	55 °C
Максимална тем. на поврат	55 °C
Максимален работен притисок	6 bar
Напон на напојувањето	230 V AC
Должина на уредот	245 mm
Висина на уредот	309 mm
Длабочина на уредот	90 mm

Таб. 7-16 Технички податоци на сетот за регулирање flex P

Системски компоненти

- Пумпа Wilo Yonos Para RS 15/6 RKA Co должина на уредот од 130 mm
- Прилагодлив ограничувач за температура, поврзан со пумпата
- Интегриран преструен вентил со неповратен вентил
- Термостатски вентил
- Екцентричен аголен приклучок за поврзување на разделникот РАУТЕРМ СПИД HKV-D P
- Термометар

Сет за регулирање flex P со термостатска глава:
- Термостатска глава која е прилагодлива од 20 °C - 55 °C со потопувачки сензор

Сет за регулирање flex P со актуатор:
- Актуатор, работен напон од 24 V, 0 - 10 V со постојано регулирање
- Навлака за адаптерот за инсталација на РЕХАУ НЕА СМАРТ 2.0 сензорот за температурата на појдовниот вод или на сензор со надворешен дијаметар од 5 mm

Потребна е дополнителна шина за монтажа за инсталација во РЕХАУ ормарот за разделникот.
Соодветната РЕХАУ шина со C-профил и крилните матици за соодветниот РЕХАУ ормар за разделникот мора посебно да се порачаат.

Сетот за регулирање flex P не може да се комбинира со полимерниот сет за прицврстување WMZ за RAUTHERM SPEED HKV-D P разделник.

Монтажа

Инсталацијата на системот смее да ја врши само стручно лице за електрика.
При поставувањето на единицата за грејни пумпи со класа на заштита 1, стручното лице за електрика мора да го обезбеди правилното поврзување на единиците и почитувањето на мерките за заштита. Во зависност од локалните услови, ова опфаќа интеграција на разделникот на грејни кругови и метални цевни делови во изедначувањето на потенцијалот со користење на соодветна техника на спојување. Сите кабли за поврзување со струја мора да се обезбедени со растеретување. Внимавајте на:
- Важечките VDE-одредби
- Упатсвата за монтажа добиени со испораката

Капиларната цевка на сензорот за температура не смее да се превиткува.

Извршете ја инсталацијата во согласност со шемата.



Сл. 7-37 Шема на систем со главна циркулациона пумпа во генераторот на топлина



Сл. 7-38 Шема на систем со екстерна главна циркулациона пумпа

Во системите со преклопни вентили за производство на топла вода, може да се појават проблеми во хидрауликата, бидејќи појдовниот или повратниот вод од главната страна е блокиран. Претходно проверете ја хидрауличната соодветност!

7.5 Ормари за разделник

7.5.1 Ормари за разделник за монтажа во ѕид

Ормар за разделник UP 110

Сл. 7-39 Ормар за разделник UP 110, длабочина на ормарот 110 mm

Ормарот за разделник UP 110 е наменет за монтажа под малтерот. Тој може да се подесува висински и длабочински. Страничните ѕидови се со позициони маркери за појдовниот и повратниот вод, кои по можност се стават на десната или левата страна. С-шината може да се движи хоризонтално и е опремена со вертикално прилагодливи прицврстувачи за монтажа на разделниците. Водилката, која го осигурува безбедното водење на цевката во местото на поврзување, може да се прилагоди и отстрани. Понатаму, подесувачката завршна маска на естрих овозможува сигурно прилагодување на површината. Лакираната врата и рамките се посебно спакувани во кеса со воздушни меурчиња.
За заштита на ормарот за разделникот-куќиштето од нечистотија, во обемот на испораката е вклучена и картонска кутија за покривање.
Материјал: Поцинкуван челичен лим, со тоа што сите видливи површини се лакирани со бела боја (слично на RAL 9016).

Димензии на ормар за разделник UP 110

Тип на ормар UP 110		A	550	750	950	1150	1300
Минимална висина на ормарот	[mm]	B	705	705	705	705	705
Максимална висина на ормарот	[mm]	C	885	885	885	885	885
Ширина на рамката на поклопецот	[mm]	D	600	800	1000	1200	1350
Ширина на инсталацијата на ормарот без рабовите	[mm]	E	552	752	952	1152	1302
Потребен зарез на структурата, минимална висина	[mm]		707	707	707	707	707
Потребен зарез на структурата, максимална висина	[mm]		887	887	887	887	887
Потребен зарез на структурата, минимална длабочина	[mm]		110	110	110	110	110
Потребен зарез на структурата, максимална длабочина	[mm]		175	175	175	175	175
Тежина на ормарот	[kg]		13,7	17,4	20,3	23,2	26,6

Таб. 7-17 Димензии на ормар за разделник UP 110



Сл. 7-40 Димензии на ормар за разделник UP 110

Избор на големина на ормар за разделници за вградување во ѕид UP 110 според број на грејни кругови на разделникот
Легенда: ● со / ○ без

Број на излези на грејните кругови	Поединечна опрема	Монтажа во ѕид, варијанта UP 110							
	Сет топчести вентили	○	●	○	○	○	○	○	○
	Сет аголни топчести вентили	○	○	●	○	○	○	○	○
	Сет регулирачки вентили	○	○	○	●	○	○	○	○
	Сет балансирачки вентили	○	○	○	○	●	○	○	○
	Калориметар со вертикално монтирање	○	○	○	○	○	●	○	○
	Калориметар со хоризонтално монтирање	○	○	○	○	○	○	●	○
	Сет за регулирање flex	○	○	○	○	○	○	○	●
2		550	550	550	550	550	550	750	550
3		550	550	550	550	550	550	750	750
4		550	550	550	550	550	550	750	750
5		550	550	750	550	750	750	750	750
6		550	550	750	750	750	750	950	750
7		550	750	750	750	750	750	950	950
8		750	750	750	750	750	750	950	950
9		750	750	950	750	750	950	950	950
10		750	750	950	950	950	950	1150	950
11		750	950	950	950	950	950	1150	1150
12		950	950	950	950	950	950	1150	1150
13		950	950	1150	950	950	1150	1150	1150
14		950	950	1150	1150	1150	1150	1300	1150
15		950	1150	1150	1150	1150	1150	1300	1300

Таб. 7-18 Табела за избор на големина на ормар за разделници за вградување во ѕид UP 110, поединечна опрема

Легенда: ● со / ○ без

Број на излези на грејните кругови	Комбинации на опрема	Монтажа во ѕид, варијанта UP 110							
	Сет топчести вентили	○	○	○	○	○	●	○	○
	Сет регулирачки вентили	●	○	●	○	○	○	●	○
	Сет балансирачки вентили	○	●	○	●	○	○	○	●
	Калориметар со вертикално монтирање	●	●	○	○	○	○	○	○
	Калориметар со хоризонтално монтирање	○	○	●	●	●	○	○	○
	Сет за регулирање flex	○	○	○	○	●	●	●	●
2		550	550	750	750	950	550	550	550
3		550	550	750	750	950	750	750	750
4		550	550	950	950	950	750	750	750
5		750	750	950	950	1150	750	750	750
6		750	750	950	950	1150	750	750	750
7		750	750	950	950	1150	950	950	950
8		750	750	1150	1150	1150	950	950	950
9		950	950	1150	1150	1300	950	950	950
10		950	950	1150	1150	1300	950	950	950
11		950	950	1150	1150	1300	1150	1150	1150
12		950	950	1300	1300		1150	1150	1150
13		1150	1150	1300	1300		1150	1150	1150
14		1150	1150	1300	1300		1150	1150	1150
15		1150	1150				1300	1300	1300

Таб. 7-19 Табела за избор на големина на ормар за разделници за вградување во ѕид UP 110, комбинации на опрема

Ормар за разделник UP 75

Сл. 7-41 Ормар за разделник UP 75, длабочина на ормарот 75 mm

Ормарот за разделник UP 75 е наменет за монтажа во ѕидот. Поради малата длабочина на вградување со само 75 mm, тој е особено погоден за суви ѕидови. Тој може да се подесува висински и длабочински. Страничните ѕидови се со позициони маркери за појдовниот и повратниот вод, кои по можност се стават на десната или левата страна. С-шината може да се движи хоризонтално и е опремена со вертикално прилагодливи прицврстувачи за монтажа на разделниците. Вклучени се носачи за прицврстување (Z-сет) за директно монтирање на разделниците на нивото на задниот ѕид на ормарот за разделникот. Водилката, која го осигурува безбедното водење на цевката во местото на поврзување, може да се прилагоди и отстрани. Понатаму, подесувачката завршна маска на естрих овозможува сигурно прилагодување на површината.
Лакираната врата и рамките се посебно спакувани во кеса со воздушни меурчиња. За заштита на ормарот за разделникот-куќиштето од нечистотија, во обемот на испораката е вклучена и картонска кутија за покривање.
Материјал: поцинкуван челичен лим, со тоа што сите видливи површини се лакирани со бела боја (слично на RAL 9016).

Поради малата длабочина на ормарот, не може да се инсталираат додатни елементи како flex сетот за регулирање. Со длабочина на ормарот од 75 mm до 90 mm, испакнатата шипка на разделникот мора да се монтира на задниот дел на држачот на разделникот.

Димензии на ормар за разделник UP 75

Тип на ормар UP 75			550	750	950	1150
Минимална висина на ормарот	[mm]	B	705	705	705	705
Максимална висина на ормарот	[mm]	C	885	885	885	885
Потребен зарез на структурата, минимална висина	[mm]		707	707	707	707
Потребен зарез на структурата, максимална висина	[mm]		852	852	852	852
Потребна ширина на зарезот на структурата	[mm]	D	600	800	1000	1200
Потребен зарез на структурата, минимална длабочина	[mm]		75	75	75	75
Потребен зарез на структурата, максимална длабочина	[mm]		135	135	135	135
Тежина на ормарот	[kg]		12,1	16,3	18,9	21,5

Таб. 7-20 Димензии за ормарот за разделникот UP 75



Сл. 7-42 Димензии на ормар за разделник UP 75

Избор на големина на ормар за разделници за вградување во ѕид UP 75 според број на грејни кругови на разделникот

Легенда: ● со / ○ без

Број на излези на грејните кругови	Поединечна опрема	Монтажа во ѕид, варијанта UP 75						
	Сет топчести вентили	○	●	○	○	○	○	○
	Сет аголни топчести вентили	○	○	●	○	○	○	○
	Сет регулирачки вентили	○	○	○	●	○	○	○
	Сет балансирачки вентили	○	○	○	○	●	○	○
	Калориметар со вертикално монтирање	○	○	○	○	○	●	○
	Калориметар со хоризонтално монтирање	○	○	○	○	○	○	●
2		550	550	550	550	550	550	750
3		550	550	550	550	550	550	750
4		550	550	550	550	550	550	750
5		550	550	750	550	550	750	750
6		550	550	750	750	750	750	950
7		550	750	750	750	750	750	950
8		750	750	750	750	750	750	950
9		750	750	950	750	750	950	950
10		750	750	950	950	950	950	1150
11		750	950	950	950	950	950	1150
12		950	950	950	950	950	950	1150
13		950	950	1150	950	950	1150	1150
14		950	950	1150	1150	1150	1150	
15		950	1150	1150	1150	1150	1150	

Таб. 7-21 Табела за избор на големина на ормар за разделници за вградување во ѕид UP 75, поединечна опрема

Легенда: ● со / ○ без

Број на излези на грејните кругови	Комбинации на опрема	Монтажа во ѕид, варијанта UP 75			
	Сет топчести вентили	○	○	○	○
	Сет регулирачки вентили	●	○	●	●
	Сет балансирачки вентили	○	●	○	○
	Калориметар со вертикално монтирање	●	●	○	●
	Калориметар со хоризонтално монтирање	○	○	●	○
2		550	550	750	550
3		550	550	750	550
4		550	550	950	550
5		750	750	950	750
6		750	750	950	750
7		750	750	950	750
8		750	750	1150	750
9		950	950	1150	950
10		950	950	1150	950
11		950	950	1150	950
12		950	950		950
13		1150	1150		1150
14		1150	1150		1150
15		1150	1150		1150

Таб. 7-22 Табела за избор на големина на ормар за разделници за вградување во ѕид UP 75, комбинации на опрема

Ормар за разделник UP 75 компакт за РАУТЕРМ СПИД HKV-D P

Сл. 7-43 Ормар за разделник UP 75 компакт, длабочина на ормарот 75 mm

Ормарот за разделник UP 75 компакт е наменет за монтажа во ѕидот. Поради малата длабочина на вградување со само 75 mm, тој е особено погоден за суви ѕидови и висината и длабочината е прилагодлива. Страничните ѕидови се со позициони маркери за појдовниот и повратниот вод, кои по можност се стават на десната или левата страна. С-шините за прифаќање на држачите на РАУТЕРМ СПИД HKV-D P може да се движат хоризонтално. Водилката кој осигурува безбедно водење на цевката во местото на поврзување, може да се прилагоди и отстрани. Понатаму, подесувачката завршна маска на естрих овозможува сигурно прилагодување на површината. Лакираната врата и рамките се посебно спакувани во кеса со воздушни меурчиња. За заштита на ормарот за разделникот-куќиштето од нечистотија, во обемот на испораката е вклучена и картонска кутија за покривање.

Материјал: поцинкуван челичен лим, со тоа што сите видливи површини се лакирани со бела боја (слично на RAL 9016).

Поради малата длабочината на ормарот, не може да се инсталираат додатни елементи како flex сетот за регулирање. Со длабочина на ормарот од 75 mm до 90 mm, траките за звучна изолација кои се испорачани со РАУТЕРМ СПИД HKV-D P мора да бидат прикачени помеѓу шипката на разделникот и задниот ѕид на ормарот за разделникот.

Димензии на ормар за разделник UP 75 компакт

Тип на ормар UP 75		A	550	750	950	1150
Минимална висина на ормарот	[mm]	B	555	555	555	555
Максимална висина на ормарот	[mm]	C	735	735	735	735
Ширина на рамката на поклопецот	[mm]	D	600	800	1000	1200
Ширина на инсталацијата на кабинетот без рабовите	[mm]	E	552	752	952	1152
Потребен зарез на структурата, минимална висина	[mm]		557	557	557	557
Потребен зарез на структурата, максимална висина	[mm]		732	732	732	732
Потребен зарез на структурата, минимална длабочина	[mm]		75	75	75	75
Потребен зарез на структурата, максимална длабочина	[mm]		135	135	135	135
Тежина на ормарот	[kg]		12,1	16,3	18,9	21,5

Таб. 7-23 Димензии на ормар за разделник UP 75 компакт



Сл. 7-44 Димензии на ормар за разделник UP 75 компакт

Избор на големина на ормар за разделници за вградување во ѕид UP 75 компакт според број на грејни кругови на разделникот РАУТЕРМ СПИД HKV-D P

Легенда: ● со / ○ без

Број на излези на грејните кругови	Поединечна опрема		Монтажа во ѕид, варијанта UP 75 компакт
	Вентил за гаснење DN 25		●
	РАУТЕРМ СПИД разделник HKV-D Полимерен конектор 16	РАУТЕРМ СПИД разделник HKV-D Полимерен конектор 17	
2	14707001001	14709001001	550
3	14707101001	14709101001	550
4	14707201001	14709201001	550
5	14707301001	14709301001	550
6	14707401001	14709401001	550
7	14707501001	14709501001	750
8	14707601001	14709601001	750
9	14707701001	14709701001	750
10	14707801001	14709801001	750
11	14707901001	14709901001	950
12	14708001001	14710001001	950
13	14708101001	14710101001	950
14	14708201001	14710201001	950
15	14708301001	14710301001	1150
16	14708401001	14710401001	-

Таб. 7-24 Табела за избор на големина на ормар за разделници за вградување во ѕид UP 75 компакт, поединечна опрема

7.5.2 Ормари за разделник за монтажа над ѕид

Ормарот за разделникот AP 130 е наменет за монтажа над ѕидот. Тој не може да се подесува висински или длабочински. C-шината може да се движи хоризонтално и е опремена со вертикално прилагодливи прицврстувачи за монтажа на разделниците. Подесувачката завршна маска на естрих може да се отстрани.

Материјал: поцинкуван челичен лим, со тоа што сите видливи површини се лакирани со бела боја (слично на RAL 9016).

Ормар за разделник AP 130

Сл. 7-45 Ормар за разделник AP 130, длабочина на ормарот 130 mm

Димензии на ормар за разделник AP 130

Тип на ормар AP 130		A	605	805	1005	1205	1353
Висина на ормарот	[mm]	B	730	730	730	730	730
Вкупна ширина на ормарот	[mm]		605	805	1005	1205	1353
Вкупна длабочина на ормарот надвор	[mm]	G	130	130	130	130	130
Тежина на ормарот	[kg]		12,5	16,1	19,1	22,7	23,9

Таб. 7-25 Димензии на ормар за разделник AP 130



Сл. 7-46 Димензии на ормар за разделник AP 130

Избор на големина на ормар за разделници за монтажа над ѕид AP 130 според број на грејни кругови на разделникот

Легенда: ● со / ○ без

Број на излези на грејните кругови	Поединечна опрема	Монтажа над ѕид, варијанта AP 130							
	Сет топчести вентили	○	●	○	○	○	○	○	○
	Сет аголни топчести вентили	○	○	●	○	○	○	○	○
	Сет регулирачки вентили	○	○	○	●	○	○	○	○
	Сет балансирачки вентили	○	○	○	○	●	○	○	○
	Калориметар со вертикално монтирање	○	○	○	○	○	●	○	○
	Калориметар со хоризонтално монтирање	○	○	○	○	○	○	●	○
	Сет за регулирање flex	○	○	○	○	○	○	○	●
2		605	605	605	605	605	605	605	605
3		605	605	605	605	605	605	805	605
4		605	605	605	605	605	605	805	605
5		605	605	605	605	605	605	805	805
6		605	605	805	605	605	805	805	805
7		605	605	805	805	805	805	1005	805
8		605	805	805	805	805	805	1005	805
9		805	805	805	805	805	805	1005	1005
10		805	805	1005	805	805	1005	1005	1005
11		805	805	1005	1005	1005	1005	1205	1005
12		805	1005	1005	1005	1005	1005	1205	1005
13		1005	1005	1005	1005	1005	1005	1205	1205
14		1005	1005	1205	1005	1005	1205	1205	1205
15		1005	1005	1205	1205	1205	1205	1353	1205

Таб. 7-26 Табела за избор на големина на ормар за разделници за монтажа над ѕид AP 130, поединечна опрема

Легенда: ● со / ○ без

Број на излези на грејните кругови	Комбинации на опрема	Монтажа над ѕид, варијанта AP 130						
	Сет топчести вентили	○	○	○	○	●	○	○
	Сет регулирачки вентили	●	○	●	○	○	●	○
	Сет балансирачки вентили	○	●	○	○	○	○	●
	Калориметар со вертикално монтирање	●	●	○	○	○	○	○
	Калориметар со хоризонтално монтирање	○	○	●	●	○	○	○
	Сет за регулирање flex	○	○	○	●	●	●	●
2		605	605	805	805	605	605	605
3		605	605	805	1005	605	605	605
4		605	605	805	1005	605	605	605
5		605	605	1005	1005	805	805	805
6		805	805	1005	1005	805	805	805
7		805	805	1005	1205	805	805	805
8		805	805	1005	1205	805	805	805
9		805	805	1205	1205	1005	1005	1005
10		1005	1005	1205	1205	1005	1005	1005
11		1005	1005	1205	1353	1005	1005	1005
12		1005	1005	1205	1353	1005	1005	1005
13		1005	1005	1353	1353	1205	1205	1205
14		1205	1205	1353		1205	1205	1205
15		1205	1005	1353		1205	1205	1205

Таб. 7-27 Табела за избор на големина на ормар за разделници за монтажа над ѕид AP 130, комбинации на опрема

7.5.3 Ормари за разделник за монтажа над ѕид за индустриски разделници

АР ормарите за разделниците немаат заден ѕид и поради тоа може лесно да се навлечат врз целосно монтираните индустриски разделници. Ормарите за разделниците се поставени рамно на подот. Нема простор помеѓу подот и поклопецот од естрих. Монтажата се одвива во внатрешноста на градбите. Ормарите за разделниците треба да бидат заштитени од временските услови.
Материјал: поцинкуван челичен лим

Ормар за индустриски разделник АР 180

Сл. 7-47 Ормар за разделник АР 180, длабочина на ормарот 180 mm

Тип на ормар			АР 180	
Вкупна ширина на ормарот	[mm]	A	950	1300
Висина на ормарот	[mm]	B	730	730
Вкупна длабочина на ормарот надвор	[mm]	G	180	180
Растојание помеѓу дупките	[mm]	X	845	1195
Тежина на ормарот	[kg]		26,5	33,0

Таб. 7-28 Димензии на ормар за индустриски разделник АР 180



Сл. 7-48 Ормар за индустриски разделник АР 180

Избор на големина на ормар за разделници за монтажа над ѕид AP 180 според број на грејни кругови на индустрискиот разделник

Легенда: ● со / ○ без

Број на излези на грејните кругови	Поединечна опрема	Надмалтерна варијанта AP 180			
	IM S 32 со вклучен сет топчести вентили	●	○	○	○
	DN32 (1 ¼“) IVK со вклучен сет топчести вентили	○	●	○	○
	DN40 (1 ½“) IVKE со вклучен сет топчести вентили	○	○	●	○
	DN40 (1 ½“) IVKK со вклучен сет топчести вентили	○	○	○	●
2		950	950	950	950
3		950	950	950	950
4		950	950	950	950
5		950	950	950	950
6		950	950	950	950
7		950	950	950	950
8		950	950	950	950
9		950	950	950	1300
10		950	950	950	1300
11		950	950	950	1300
12		1300	950	950	1300

Таб. 7-29 Табела за избор на големина на ормар за разделници за монтажа над ѕид AP 180, поединечна опрема

Димензии на ормар за индустриски разделник AP 305

Сл. 7-49 Ормар за индустриски разделник AP 305, длабочина на ормарот 305 mm

Вид на ормар			AP 305		
Вкупна ширина на ормарот	[mm]	A	950	1300	1850
Висина на ормарот	[mm]	B	730	730	730
Вкупна длабочина на ормарот надвор	[mm]	G	305	305	305
Растојание помеѓу дупките	[mm]	X	845	1195	1745
Тежина на ормарот	[kg]		45,0	56,0	79,0

Таб. 7-30 Димензии на ормар за индустриски разделник AP 305



Сл. 7-50 Индустриски ормар за разделник AP 305

Избор на големина на ормар за разделници за монтажа над ѕид AP 305 според број на грејни кругови на индустрискиот разделник

Легенда: ● со / ○ без

Број на излези на грејните кругови	Поединечна опрема	Надмалтерна варијанта AP 305	
	DN40 (1 ½“) IVKK со вклучен сет топчести вентили	●	○
	DN50 (2“) IVKK со вклучен сет топчести вентили	○	●
2		950	950
3		950	950
4		950	950
5		950	950
6		950	950
7		950	950
8		950	950
9		1300	1300
10		1300	1300
11		1300	1300
12		1300	1300
13		1300	1300
14		1300	1300
15		1300	1300
16		1300	1300
17		1300	1300
18		1300	1300
19		1300	1300
20		1300	1300

Таб. 7-31 Табела за избор на големина на ормар за разделници за монтажа над ѕид AP 305, поединечна опрема

7.5.4 Упатства за монтажа

При поставувањето на единицата за грејни пумпи со класа на заштита 1, стручното лице за електрика мора да го обезбеди правилното поврзување на единиците и почитувањето на мерките за заштита. Во зависност од локалните услови, ова опфаќа интеграција на ормарите за разделникот на грејни кругови и метални цевни делови во изедначувањето на потенцијалот со користење на соодветна техника на спојување.
Сите кабли за поврзување со струја мора да се обезбедени со растеретување.

Монтажа со градежна пена
Не е препорачана монтажа на ормарите за разделниците со градежна пена.
Пополнувањето на растојанието помеѓу ѕидот и ормарот за разделникот е само можно со градежна пена без набубрување и со соодветно зацврстување на ормарот за разделникот.

Ормари за монтажа во ѕид UP 110 и UP 75 со зарез за растојанието

Ормарите за монтажа во ѕид UP 110 и UP 75 може да се подесуваат висински за да се овозможи точно позиционирање. Ормарите за разделници UP 110 и UP 75 имаат граничник кој го покажува нивото на горната трака на завршениот под (на пр. 1 m под линијата на граничникот). Со овој вид на монтажа, поклопецот од естрих не може да се деинсталира. Исто така не е планирана последователна инсталација.



Сл. 7-51 Ормарот за разделникот UP со означен поклопец со зарези за поставување на граничникот на нула со висинско приспособување помеѓу 85 mm и 264 mm

Упатства за монтажа UP 110 и UP 75

1



1 Поставување на ормарот во зарезот.

2



2 Порамнување на ормарот за разделник со помош на ногарките кои може висински да се прилагодат.

3



3 Зацврстување на ормарот за разделник на подот и на ѕидот.

4



4 Монтажа на водилката за цевки.

5



5 Вметнување на поклопецот од естрих по инсталација на водилката за цевки.

6



6 Завршна монтажа на рамката и вратата.

Упатства за монтажа за AP 130



1 Мерење на висината за монтажа.



2 Монтажа на разделникот и поклопец од естрих.



3 Вметнување на вратата.

Позиција на разделникот UP 110 / UP 75 / AP 130



Сл. 7-52 Препорачана висина на инсталација на разделникот

7.5.5 Прибор за ормарите за разделник

Клапни за ревизија

Клапните за ревизија се изработени од алуминиумски рамки со гипсани плочи за монтажа во монтажните ѕидови и цврсти ѕидови. Клапните за ревизија може да се комбинираат со РЕХАУ ормарите за разделници UP 75 и UP 110. Ѕидната структура треба да биде најмалку 18 mm. Доколку ѕидната структура е со помала дебелина од 18 mm, потребно е приспособување на држачите на Клапните за ревизија (скратување на држачот). Внатрешната врата може целосно да се размонтира, директно да се гипсува и поплочи.
Не е потребен поклопец од естрих. Површината на поклопецот од естрих мора да биде обложена со гипс картон.



Сл. 7-53 Димензии на длабочината на клапните за ревизија

Монтажа



1 Навлекување на монтажните делови до соодветниот мерач на длабочина на агол од 45° во зависност од потребната длабочина (видете погоре).



2 Преклопување на јазичињата за монтирање наназад.



3 Поставување на рамки.





4 Прицврстување на рамката со крилна матица или завртка.



5 Поставување на вратата.

Цилиндрична брава за ормарот

Сл. 7-54 Цилиндрична брава за ормарот

Цилиндричната брава за ормарот е изработена од челик за инсталација во РЕХАУ ормарите за разделници. Сите цилиндрични брави користат систем со еден клуч.

8 СИСТЕМ ЗА РЕГУЛАЦИЈА HEA

Собен регулатор Hea

Регулатор на температура E



Разделник за регулирање Hea

Актуатори

СОДРЖИНА

8	**Систем за регулација Hea**	**197**
8.1	Структура на системот	199
8.2	Систем за регулација Hea	199
8.2.1	Регулатор за просторијата Hea	199
8.2.2	Разделник за регулирање	200
8.2.3	Прибор за собен регулатор Hea	201
8.3	Регулатор на температурата E	202
8.4	Актуатори	203
8.5	Прибор	203
8.6	Упатства за планирање	204
8.7	Монтажа и инсталација	205

8.1 Структура на системот



Сл. 8-1 Структура на Системот за регулација Hea 230 V [1)]
1 Собен регулатор Hea
2 Разделник за регулирање Hea
3 Актуатори UNI
4 Тајмер Hea
5 Далечински сензор Hea

[1)] За верзијата 24 V, потребен е дополнителен SELV-трансформатор 50 VA.

Hea собниот регулатор и термичките актуатори се поврзани со разделникот за регулирање Hea, но тие исто така можат да се користат и без разделник за регулирање. Разделникот за регулирање Hea овозможува безбедно и прегледно поврзување на системот во ормарот за разделник. На разделникот за регулирање може да се поврзат максимум 6 регулатори за просторијата и максимум 12 актуатори UNI. По можност надворешниот тајмер Hea може да се користи за централна контрола на времето на редуциран режим на работа.

Област на примена
Компонентите на Hea системот се предвидени за регулирање на температурата во просторијата кај системите за површинско греење или површинско греење/ладење во затворени простории.

8.2 Систем за регулација Hea

8.2.1 Регулатор за просторијата Hea

Сл. 8-2 Регулатор за просторијата Hea

- Атрактивен дизајн
- Осветлен ЛЦД екран
- Лесно ракување
- Лесна монтажа
- Високо ниво на комфор како резултат на самооптимизацијата[1)]
- Достапно како 24 V и 230 V систем

[1)] Самооптимизирање: Регулаторите од фамилијата Hea постепено и континуирано ја подобруваат нивната функција на регулирање со помош на интегрирана самооптимизација. За оваа цел, текот на температурата во просторијата, која се поставува во текот на денот, континуирано се анализира. Доколку има несогласување во однос на функционирањето – на пр. ако хидрауличкото балансирање не се изврши внимателно или ако кривата на греење не е правилно поставена, резултатот е трајно отстапување од потребната зададена точка. Во тој случај, регулаторот ги приспособува своите параметри со мали стапки, така што собната температура се приближува што е можно поблиску до потребната зададена точка во рок од неколку дена.

Системски компоненти Hea

- Регулатор за просторијата Hea H, регулатор за просторијата Hea HT, регулатор за просторијата Hea HCT
- Далечински сензор Hea 24 V, Далечински сензор Hea 230 V
- Разделник за регулирање Hea H, разделник за регулирање Hea HC
- Тајмер Hea
- Актуатор UNI/MINI
- Трансформатор 50 VA

Опис на компонентите

- Рамното куќиште може да се монтира во дозна во долниот слој или директно на ѕидот
- Бел осветлен екран
- Прегледен екран за состојбата со јасни симболи
- Управувањето се извршува преку 3 копчиња
- Поставување на потребните вредности во стапки од 0,5 степени
- Поле на поставување 6 - 37 степени, прилагодливо спуштање
- Може да се контролираат најмногу 5 UNI актуатори
- Избор на различни режими на работа: Автоматски, нормален, намален и опционално исклучување
- Можност за заклучување на копчињата
- Интегрираната самооптимизација го намалува влијанието на грешките при хидраулично изедначување или изборот на грејната крива

Преглед на функциите на регулаторот за просторијата Hea

	Hea H	Hea HT	Hea HCT
Греење	✓	✓	✓
Ладење	–	–	✓
Намалување на температурата преку интегрирана програма за менување на времето	–	✓	✓
Прикажување на моменталната температура	✓	✓	✓
Самооптимизирање:	✓	✓	✓
Прикажување на времето и денот од неделата	–	✓	✓
Поставување на 3 временски програми по ден	–	✓	✓
Режим на забава и одмор	–	✓	✓
Интегрирана функција за заштита од замрзнување и заштита на вентилот	✓	✓	✓
Рачно или екстерно менување помеѓу режимот на греење/ладење	–	–	✓
Може да се поврзе далечински сензор	–	–	✓

Таб. 8-1 Преглед на функциите на регулаторот за просторијата Hea

Технички податоци за регулаторот за просторијата Hea

	Hea 230 V	Hea 24 V [2]
Боја	Предно куќиште: слично на стандардна бела боја Задно куќиште: слично на антрацитна сива боја	
Работен напон	230 V AC ±10 %	24 V AC -10 % / +20 %
Макс. електрична енергија на вклучување	0,2 A (омски терет)	1 A (омски терет)
Осигурувач	0,63 A T	1 A T
Класа на заштита[1]	Класа II	Класа III
Макс. број на термички актуатори	5 РЕХАУ актуатори UNI / MINI или 5 x 3 W	
Вид на заштита	IP30	
Начин на работа	1.Y	
Степен на загадување	2	
Номинален пренапонски напон	4 kV	
Режим за заштита од мраз	5 °C	
Функција за заштита на вентилот	5 мин./недела	
Димензии, напред	88 x 88 mm	
Димензии, позади	75 x 75 mm	
Длабочина	26 mm	
Работен тем. опсег	+6 … +37 °C	
Температура на складирање	–20 … +60 °C	
Собна температура	0 … +50 °C	
Релативна влажност	макс. 80%, без кондензација	
Област на примена	во затворени простории	

Таб. 8-2 Технички податоци за регулаторот за просторијата Hea
[1] По правилно склопување, барањата на класата за заштита ќе бидат исполнети.
[2] Напојувањето мора да биде обезбедено од SELV-трансформатор .

8.2.2 Разделник за регулирање

Разделник за регулирање Hea



Сл. 8-3 Разделник за регулирање Hea 230 V

- За поврзување на максимум 6 регулатори за просторијата и 12 термички актуатори UNI/MINI со 230 V AC или 24 V AC
- Интегрирано префрлување во режим на греење и ладење
- Технологија за поврзување без завртки преку стезни-спојки за поврзување
- За стандардни шини или sидна монтажа во ормар за разделници
- Разделник за регулирање со интегрирана контрола на пумпа
- Автоматско намалување на температурата за 2 програми на греење е можно преку екстерен дигитален тајмер
- Интегрирано растеретување
- Прегледно распоредени приклучоци

Изведби

Вид	Работни вредности	Интегриран осигурувач
Разделник за регулирање Hea H 230 V	Греење	T 4 A H
Разделник за регулирање Hea HC 230 V	Греење и ладење	T 4 A H
Разделник за регулирање Hea H 24 V	Греење	T 2 A
Разделник за регулирање Hea HC 24 V	Греење и ладење	T 2 A

Таб. 8-3 Варијанти

Разделникот за регулирање Hea 24 V мора да се користи со SELV-трансформаторот 50 VA.

Боја на долниот дел од куќиштето и делот од главата	црно-сива слична на RAL 7021
Боја на капакот од куќиштето	светло сива слична на RAL 7035

8.2.3 Прибор за собен регулатор Hea

Далечински сензор Hea



Сл. 8-4 Далечински сензор Hea 24 V

Сл. 8-5 Далечински сензор Hea 230 V

Опционално може да се поврзе далечински сензор на собниот регулатор Hea HCT, кој може да се користи како сензор за температурата на подот, и во посебни случаи и за мерење на температурата во просторијата.

При користење како сензор за температурата на подот, тој може да се користи
- со цел да се одржи минималната вредност на подната температура во случај на ладење
- со цел да се одржи максималната вредност на подната температура или минималната вредност на подната температура во случај на греење

Во ваквите случаи, Hea HCT собниот регулатор функционира како регулатор за температурата во просторијата; дополнително измерената подна температура има ограничено влијание на капацитетот за греење/ладење. Ако е потребна минимална подна температура при греење - на пр. во бањи - излезниот капацитет на греењето се прилагодува така што таа не смее да падне под оваа потребна подна температура.

Исто така можно е да се спроведе и директна контрола на температурата на подот, независно од собната температура.

Доколку далечинскиот сензор Hea е инсталиран во просторија, тој може исто да се користи и за контролирање на собната температура наместо сензорот кој е интегриран во регулаторот.

Технички податоци за далечинскиот сензор Hea 24 V

Вид на сензор	NTC 10K (10 kOhm, 1 % bei 25 °C)
Работен опсег	–40 … +120 °C
Должина на кабелот	4 m
Вид на заштита	IP67
Боја	Бела

Таб. 8-4 Технички податоци за далечинскиот сензор Hea 24 V

Далечинскиот сензор Hea 24 V е само погоден за собниот регулатор Hea HCT 24 V.

Технички податоци за далечинскиот сензор Hea 230 V

Вид на сензор	NTC 10K (10 kOhm, 1 % на 25 °C)
Работен опсег	–10 … +70 °C
Кабел за сензорот	H03V V - F
Должина на кабелот	4 m
Вид на заштита	IP67
Боја	Црна

Таб. 8-5 Технички податоци за далечинскиот сензор Hea 230 V

Далечинскиот сензор Hea 230 V е само погоден за собниот регулатор Hea HCT 230 V.

Според DIN EN 60730, далечинскиот сензор Hea мора да ја почитува Класата на заштита II по инсталација на собниот регулатор Hea HCT 230 V. За исполнување на горенаведеното, сензорот и кабелот за далечинскиот сензор Hea мора да биде инсталиран во заштитна цевка.

Тајмер Hea

Сл. 8-9 Тајмер Hea

Дигитален тајмер Hea со 2-канали со неделна програма за поврзување со разделникот за регулирање Hea.
Интерната програма за менување на времето е веќе интегрирана во Hea HT и Hea HCT регулаторите. Исто така, типовите на регулатори Hea H, Hea HT и Hea HCT може да се контролираат со екстерен тајмер. Во овој случај, интерната програма за менување на времето се заобиколува.
Екстерниот тајмер Hea овозможува централно контролирање на намаленото работење на сите поврзани регулатори за просторијата.
Секој Hea регулатор за просторијата може да се назначи за една од двете неделни програми за тајмерот.

Технички податоци за тајмерот Hea

Работен напон	230 V AC
Места за складирање	84
Резервна енергија	10 години

Таб. 8-6 Технички податоци за тајмерот Hea

Тороидален трансформатор 24 V



Сл. 8-7 SELV трансформатор 50 VA

Тороидалниот трансформатор 24 V се користи за напојување на разделникот за регулирање Hea 24 V.
SELV безбедносниот трансформатор 230 V AC/24 V AC според EN 61558, со моќност според EN 61558, со моќност 36 VA.

- Условно отпорен на краток спој, со интегрирана заштита од превисока температура
- Кабел за напојување со лиен приклучок, со должина од приближно 90 cm, кабел на споредната страна со приближна должина од 24 cm.
- Вклучена профилна шина за прицврстување на трансформаторот
- Димензии (Ш x В x Д): 80 x 84 x 53 mm

8.3 Регулатор на температурата E

Сл. 8.8 Регулатор на температурата E

- Едноставен дизајн со висок квалитет
- Ниска висина на вградување

- Погодно за системи за површинско греење
- Докажана и цврста биметална технологија
- Висока прецизност на регулирање
- Влез за намалување на температурата
- Опсег на прилагодување на температурата 5 - 30 °C
- Опсегот на поставената точка може да се ограничи
- Директна монтажа на ѕид или дозна со растојание на завртките од 60 mm
- Поврзување преку терминали за завртки
- Компатибилно со компонентите на собниот регулатор Hea (230V)

Не може да се користи за ладење.

Технички податоци

Прекинувач за контакт	Отворен, а за актуаторите UNI/MINI 230 V затворен кога е исклучен
Намалување на температурата со тајмер или со рачно менување	
Диференцијален прекинувач	приближно 0,5 K, топлинско враќање
Пад	приближно 3 K
Собна температура	0 °C … 30 °C
Дозволена влажност	макс 95% рел.влаж. без кондензација
Температура на складирање	–20 °C … +70 °C
Материјал за куќиштето:	АБС пластика
Ширина	78 mm
Висина	78,5 mm
Длабочина	13,9 mm
Боја на куќиштето	Чиста бела, слична на RAL 9010
Работен напон	230 V
Капацитет за пренасочување	2(1) A, 250 VAC
Вид на заштита	IP30
Класа на заштита	II, по соодветната монтажа
Безбедност и EMC	според DIN EN 60730

Прекинувач за контакт	Отворен, а за актуаторите UNI/MINI 230 V затворен кога е исклучен
Прекинувач за контакт	Во суви затворени простории

Таб. 8-7 Технички податоци на регулаторот на температура E

8.4 Актуатори

Актуатор UNI

Сл. 8-9 Актуатор UNI (приказ на слика со „функција на прво отворање“)

- Термички актуатор UNI, нормално затворен
- Енергетска ефикасност, само 1 W потрошувачка на енергија
- Прегледен приказ на состојбата
- Лесна монтажа
- Можна монтажа над глава
- “Функција на прво отворање“ за управување на површинското греење во фазата на градба (пред инсталација на регулаторот)
- Прилагодување на разни вентили и разделници
- Ниво на заштита IP54
- Достапна е верзија на 24 V или 230 V

Актуатор UNI GLT



Сл. 8-10 Актуатори UNI GLT

- Термички актуатор UNI GLT, затворен кога е исклучен
- За директно поврзување со градежната технологија (ГЛТ)
- Имплементација на сигналот од регулаторот на начин кој е пропорционален на пулсот
- Управувачки напон 0 - 10 V DC
- Самокалибрирање, одредување на точката на затворање
- Дисплеј за одот со контролно подесување
- “Функција на прво отворање“ за управување на површинското греење во фазата на градба (пред инсталација на регулаторот)
- Изведба 24 V
- Должина на кабелот за поврзување 1 m

Актуатор MINI

Сл. 8-11 Актуатор MINI (приказ на слика со „функција на прво отворање“)

- Компактен дизајн, (Ш x В x Д) 36 mm x 47,5 mm x 48 48,85 mm
- Идеален за монтажа со растојание помеѓу вентилите < 45 mm
- Едноставна монтажа на приклучокот
- Енергетска ефикасност благодарение на потрошувачката на енергија од само 1 W
- Со адаптер за вентилот VA 80 S
- Бесшумно и без одржување
- Достапна е верзија на 24 V или 230 V

8.5 Прибор

Трокрак вентил MV со актуатор

Сл. 8-12 Трокрак вентил MV со актуатор

- За регулирање на температурата на појдовниот вод со мешање со проток од повратниот вод
- Комплет со погон 24 V AC/DC
- Погон 0 - 10 V

Следните вентили се достапни како стандард:
- Трокрак вентил MV 15
Димензија DN 15, kvs-вредност 2,5 m^3/h
- Трокрак вентил MV 20
Димензија DN 20, kvs-вредност 4,5 m^3/h
- Трокрак вентил MV 25
Димензија DN 25, kvs-вредност 6,5 m^3/h

Технички податоци
- Телото на вентилот е гусано со надворешен навој
- Никлована глава на вентилот
- Навртката е изработена од оплеменет челик со диск за вентилот со мека заптивка
- Кутија за заптивање со двојна заптивка со О-прстен
- Номинален притисок PN 16
- Испарака со постојан актуатор за вентилот како и со соодветен сет со наставки со навој, холендер за поврзување и заптивка

Вентил	Димензија	kvs
MV 15	DN 15	2,5 m^3/h
MV 20	DN 20	5,0 m^3/h
MV 25[1)]	DN 25	6,5 m^3/h

Таб. 8-8 Трокраки вентили
[1)] Главата на вентилот не е никлована

Актуатор за трокракиот вентил:
- Интегриран ЛЕД за контрола на статусот на работење
- Време на работење 60 min
- Од 4,5 mm
- Потисна сила 120 N
- Работен напон од 24 V DC/AC
- Потрошувачка на електрична енергија 5 VA
- Пластика за куќиштето, светло сива
- Кабел за поврзување 1,5 m
- Ниво на заштита IP40 според EN 60529

Монитор за точката на роса TPW

Сл. 8-13 Монитор за точката на роса TPW

Мониторите за следење на точката на роса се важен безбедносен инструмент кој исто така интервенира во случај на грешка во системот. Користењето на монитори за следење на точката на роса се обезбедува за најладните делови од цевките.

Се испраќа сигнал до уредот за контрола кога ќе започне росењето. Температурата во појдовниот вод потоа се зголемува и означениот одвлажнувач се вклучува, доколку е достапен. Алтернативно, работниот напон на поединечните регулатори на простории или двонасочни вентили може да се исклучат со цел да се исклучи протокот.

Со правилна примена се спречува
- Опасност од лизгање на изладени површини
- Штета на компоненти поради росење
Поради тоа е потребно за секој поединечен случај да се провери во кои точки од системот може да се користат монитори за точката на роса.

Технички податоци
- За заштита од роса. Прицврстување со стезна трака на цевката, со дијаметар од 15 ... 60 mm
- Преклопен контакт 1 A, 24 V (одговара на 95 % ± 4 %) и излезен сигнал 0. 10 V за 70%, 85 % rF
- Куќиште изработено од светло сив термопласт, отпорен на оган со сензор за точката на роса кој е поставен на на пружина
- Кабел за поврзување со PG-навојни спојки, должина 1,5 m, 5 x 0,5 mm^2
- Работен напон 24 V AC ±20 %
- Потрошувачка на електрична енергија: макс 1 VA
- Опсег на мерење: 70 - 85 % rF
- Вид на заштита IP 40 според EN 60529

8.6 Упатства за планирање

Во зависност од видот на регулаторот и посакуваната функција:

	Греење		Греење / ладење
	H	HT	HCT
Без надворешна контрола на времето	3	3	4[1)]
Со надворешна контрола на времето	4	4	5[1)]

[1)] Бројот на жици не ги зема во предвид жиците за далечинскиот сензор Каблите за поврзување на далечинскиот сензор не смее да се продолжуваат.

Внимавајте на: При поврзување на собниот регулатор Hea, ПЕ-водот (жолта зелена) не смее да се користи. ПЕ-водот е предвиден исклучиво за функцијата на заштитниот вод.

Генерално се препорачува кабел со 4-јадра за поврзување на собниот регулатор Hea H и собниот регулатор Hea HT (од кои еден е за екстерна контрола на времето).

Препорачани кабли

	Hea H / Hea HT	Hea HCT
24 V / 230 V	NYM-O 4 x 1,5	NYM-O 5 x 1,5
	NYM-J 5 x 1,5	NYM-J 7 x 1,5
Алтернатива за 24 V[1)]	4-јадрен кабел	4-јадрен кабел
	до 40 m должина на водот: мин. 1 mm²	
	до 70 m должина на водот: мин. 1,5 mm²	

Таб. 8-9 Препорачани кабли за регулаторите Hea H, Hea HT, Hea HCT
[1)] Се препорачува да се користат крути кабли за 24-V-системот, бидејќи тие лесно може да се инсталираат во терминалите.

- Монтажата на регулаторот се извршува на и дозни во според DIN 49073 или директно на ѕидот
- Напојувањето за разделниците за регулирање треба да бидат обезбедени со сопствен осигурувач.
- При инсталација на регулатори во купатилата (видете DIN VDE 100 дел 701), пожелно е користење на 24-V-системот

Со цел да се детектира формирањето на кондензација за време на ладењето, потребно е да се користат монитори за следење на точката на роса на критичните локации.

Позиција на инсталирање

1. Поставување на изолацијата и покривање на со фолија (видете „разделни и порамнувачки слоеви“, страна 277).
2. Монтажа на подлогите и долните арматурни подлоги (жичана плетенка од градежната компанија).
3. Ако се планира посебна конструкција „Цевки во неутрална зона“ (види „Основна плоча“, стр. 276), треба да се монтираат специјални корпи или специјални ногарки.
4. Поставување на грејните цевки според планот и поврзување со разделникот.
5. Плакнење, полнење со вода и обевоздушување на грејните кругови.
6. Проверка на притисок.
7. Дополнување на горни армирања.
8. Бетонирање на подната плоча.

Ние препорачуваме присуство на изведувач на греењето додека се одвива процесот на бетонирање.

11.2.2 Планирање

Подна плоча

Рехау индустриското површинско греење може да биде вградено во подните плочи од челичен, иберичен, бетон од челични влакна и вакуум бетон (со цемент како врзувачки материјал). Исклучени се сите видови на асфалтен бетон (ладно т.е. топло нанесен). Намената на индустриската хала и од тоа резултираниот сообраќаен и тежок товар не влијаат врз положбата на РЕХАУ индустриското површинско греење, туку само на статичното димензионирање на подната плоча. Од оваа причина, конструкцијата на бетонската подна плоча, земајќи ги во предвид горе наведените побарувања, како преформанси на подземјето и длабочината на подземната вода, е дозволена само доколку биде димензионирана од статичар. Статичарот исто така ја утврдува положбата на грејните цевки во подната плоча и распоредувањето на фугата.

Кај бетонските плочи армирани со челични мрежи, по правилно долното армирање може да се користи како носач на цевките, тоа значи дека грејните цевки се зацврстуваат под долниот армирачки слој директно на мрежата со РЕХАУ прицврстувачи за кабли. Дури потоа се монтираат арматурните корпи за растојание и горната арматурна мрежа. Ова стандардно решение има повеќе предности (види сл. 10-9):

- Едноставна монтажа
- Нема дополнителни трошоци за елементи за полегнување на цевката
- Поголема слобода за прицврстување на цевките

Доколку статичарот посакува неутрална позиција на грејните цевки, тогаш мора да се изведе посебно решение (Види Сл. 10-8). Грејните цевки се монтираат на дијаметралните метални прачки на специјално произведените корпи за растојание. Тие истовремено се држачи на растојание, на кои потоа се местат горните арматурни мрежи.

Во челично армираните бетонски плочи класичното армирање на плочите (челични мрежи, челични прачки) се заменува со додавање на челични влакна (жици). За да се загарантира испланираното растојание на грејните цевки, потребни е дополнителна примена на елементи за зацврстување. Наједноставното и најпримењувано решение го нуди тука РАУФИКС-шината за цевките РАУТЕРМ С 20 x 2,0 и РАИЛФИКС шината за цевките РАУТЕРМ С 25 x 2,3 мм (види Сл.10-10). По желба, фиксирачките шини можат да се заменат со подлога (мрежа) за водење на цевките.



Сл. 11-34 Подна плоча армирана со челична мрежа, посебна конструкција- грејните цевки се монтираат во средината на плочата

1 Подна плоча 2 Долна конструкција



Сл. 11-35 Подна плоча армирана со челична мрежа, стандардна конструкција- грејните цевки се монтираат над долната армирана мрежа

1 Подна плоча 2 Долна конструкција



Сл. 11-36 Подна плоча армирана со челична мрежа, посебна конструкција- грејните цевки се монтираат на фиксирачките шини

1 Подна плоча 2 Долна конструкција

Слоеви за раздвојување и мазнење

За да се избегне пробивањето на измешаната вода во заштитниот слој т.е. неповрзан носечки слој, се покрива со слој за раздвојување (на пр. Слој од полиетиленска фолија). За да се избегне триење на подната плоча со носечки слој, се применуваат така наречените слоеви за мазнење (на пр. два слоја на полиетиленска фолија). Вообичаено слој за раздвојување т.е. мазнење се применува од страна на градежниците.

Топлинска изолација

Со усвојувањето на Правилникот за заштеда на енергија EnEV 2009, постојат и посебни барања за топлинска изолација за комерцијални, занаетчиски, земјоделски и индустриски објекти. Ова се однесува на згради кои, според нивната намена, се загреваат на внатрешна температура од повеќе од 12 °C, се загреваат повеќе од 4 месеци годишно и се ладат повеќе од 2 месеци годишно.

Во **згради со нормални внатрешни температури при загревање ≥ 19 °C** термичкиот отпор на изолацијата под подната плоча Rλ (EN 1264 Дел 4) не смее да ги надмине следните вредности:

- Кај подна плоча спроти загреани простории Rmin ≥ 0,75 (m^2 • K) / W
- Кај подни плочи спроти незагреани простории, , простории со растојание на загревање и подземни порстории R_{min} ≥ 1,25 (m^2 • K) / W
- Кај подна плоча спроти надворешниот воздух и - 5 ° C> Td ≥ -15 ° C, R_{min} ≥ 2,00 (m^2 • K) / W
- Доколку нивото на подземните води е ≤ 5 m, оваа вредност треба да се зголеми.

Во **згради со ниски внатрешни температури од повеќе од 12 °C и помалку од 19 °C** при загревање, важат минималните вредности за топлинска пропустливост според моментално важечкиот Правилник за заштеда на енергија (EnEV). Според DIN 4108-2, минималната вредност на топлинската пропустливост за долниот затворач (на пр. основа или подна плоча) на собните простории директно во непосредна близина на земјата до длабочина на просторијата од 5 m мора да биде 0,90 m^2K / W. Во оправдани случаи (т.н. непотребни тешкотии), надлежниот орган според државното право може да го ослободи од барањето (EnEV, §25).

Заптивање на градежен објект

Заптивањето на градежен објект (од земјина влага, вода без притисок или со притисок) мора да биде испланирано и изведено според DIN 18195. Вообичаено заптивањеро на градежен објект се изведува од страна на градежниците.

Распределба на фуги

За да се задржат движењата и да се неутрализираат внатрешните потреси (на пр. термичка експанзија) на подната плоча, се применуваат дилатациона фуга или шајна фуга. Доколку се бетонира подна плоча на повеќе делови (во зависност од капацитетот на производителот на бетонот), настануваат т.н.дневни фуги.

- Дилатационите фуги ја одвојуваат подната плоча од другите компоненти (како што се ѕидови, темели) и ги делат поголемите подни плочи на помали полиња.
- Шајн фугите спречува неконтролирано пукање на подната плоча.

Дилатационите фуги можат да бидат изведени „со дипла“ (слободата на движење е можна само во просторот на диплата) или „без дипла“ (слободата на движење е можна во сите правци). Одговорниот градежен инженер го одредува типот и положбата на фугите.

Дилатационите фуги смеат да бидат вкрстени само преку доводи. Грејните цевки кои преминуваат фуга, мораат да бидат заштитени.



Сл. 11-37 Не диплирана дилатациона фуга со заштита од 100% изолациско црево



Сл. 11-38 Диплирана дилатациона фуга со PEXAУ заштитна цевка



Сл. 11-39 Шајн фуга, дневна фуга со PEXAУ заштитна цевка

Видови на полегнување

Вообичаено се отфрла формата на полегнување полжав. Подобри можности за прилагодување (значи без колизија) на протегањето на потпорните корпи односно потпорните ногарки дава полегнувањето на цевките во форма на меандра. Падот на температурата (во зоната на греење и на површината) може да се израмни преку паралелно редење на појдовните и повратните водови. По потреба грејните кругови можат да се редат одделно односно паралелно. Преку паралелното водење на повеќе грејни кругови се оформува една зона со еднаква површинска температура. Истовремено се избегнува комплицираниот процес на испуштање и изедначување на притисок на разделникот, затоа што должината на така поставените грејни кругови е иста.



Сл. 11-40 Одвоени грејни кругови



Сл. 11-41 Паралелно редени кругови (изградба на зони)

11.3 РЕХАУ греење на спортски сали

11.3.1 Сув систем со површински еластичен спортски под

Сл. 11-42 Сув систем со површински еластичен спортски под

- Брза поставување без повреди благодарение на лимовите за спроведување на топлина кои се фабрички ламинирани
- Брзо и лесно сечење на должината благодарение на однапред интегрираните одредени точки на кршење
- Без подигнување на лимовите кои ја спроведуваат топлината при полегнувањето на грејните цевки
- Висока отпорност при одење на полегнатата површина
- Ниска висина на структурата

Системски компоненти

- Плоча за полегнување
  - VA 12,5
  - VA 25
- Пренасочувачка плоча
  - VA 12,5
  - VA 25
- Продолжувачка плоча
- Пополнувачка плоча
- Алат за сечење на цевки
- Лим за покривање

Цевки кои се употребуваат

- РАУТИТАН флекс 16 x 2,2 mm
- РАУТИТАН стабил 16,2 x 2,6 mm

Прибор

- Изолациона трака
- Фолија за покривање
- Материјали за изолација на системот

Сувиот систем со површински еластичен под на спортски сали наметнува високи барања во врска со вршењето на планирањето и пресметките.
Неопходна е соработка помеѓу архитектот, изведувачот, монтер на подови на спортски сали и работникот, за да се исполнат високите стандарди.
Планирањето секогаш се врши поединечно за секој градежен проект во согласност со архитектот и производителот на подови на спортски сали.

Опис

Сувиот систем со површински еластичен под на спортски сали овозможува греење на спортските сали со површински еластичен под на спортски сали според DIN V 18032-2 и според ONORM EN 1264 (специјален систем). Сите плочи на системот за сувиот систем се изработуваат од експандиран полистирен EPS и ги исполнуваат барањата според DIN EN 13163.

Горната страна на плочите за полегнување исто така се обезбедува со фабрички ламинирани профили кои спроведуваат топлина кои се изработени од алуминиум за стегнување на грејните цевки и за странична распределба на топлината. Интегрираните предодредени места на кршење овозможуваат брзо и лесно сечење на панелите за инсталација на потребната должина на местото на градба.

Пренасочувачките плочи се користат за пренасочување на грејните цевки на површината на соседните sидови. Продолжувачката плоча се користи за продолжување од VA 12,5 cm до VA 25 cm. За подобра странична распределба на топлина во површината на полните плочи, пренасочување и продолжување. тие се обезбедени со лим за покривање.

Сл. 11-43 Плоча за полегнување VA 12,5



Сл. 11-44 Плоча за полегнување VA 25



Сл. 11-45 Плоча за полегнување VA 12,5

Сл. 11-46 Плоча за полегнување VA 25



Сл. 11-47 Продолжувачка плоча



Сл. 11-48 Лим за покривање

Полните плочи се наменети за следните површини:
- Пред разделникот (приближно 1 m круг)
- На површини каде има испакнувања, столбови и отвори за проветрување итн.
- За исполнување на празни места кои немаат правоаголна основна површина



Сл. 11-49 Пополнувачка плоча

Со алатот за сечење на цевки, поединечните водилки за цевки се сечат во полните плочи на самото место.

Сл. 11-50 Алат за сечење на цевки

Технички податоци

Плочи на системот/Опис	Плочи за полегнување VA 12,5 и 25	Пренасочувачки плочи VA 12,5 и 25/ Продолжувачка плоча	Полна плоча
Материјал	EPS 035 DEO dh со ламинирани алуминиумски профили кои спроведуваат топлина	EPS 035 DEO dh	EPS 035 DEO dh
Должина [mm]	1000	250	1000
Ширина [mm]	500	500 / 375	500
Дебелина [mm]	30	30	30
Топлинска спроводливост [W/mK]	0,035	0,035	0,035
Отпор на топлинска пропустливост [m^2K/W]	0,80	0,80/0,70	0,85
Напон од притисок 2 % [kPa]	45,0	45,0	60,0
Класа на градежен материјал според DIN 4102	B2	B1	B1
Оценување на пожар според DIN EN 13501	E	E	E

Таб. 11-4

Монтажа

ВНИМАНИЕ
Опасност од изгоретини и пожар!
- Не го допирајте жешкото сечило на алатот за сечење цевки,
- Не го оставајте алатот за сечење цевки, да работи без надзор.
- Не го оставајте алатот за сечење цевки на запаливи површини.

При користење на дополнителни слоеви за топлинска изолација, следните точки треба да се почитуваат:
- Барањата од DIN V 18032-2 мора да се почитуваат.
- Мора да се почитуваат спецификациите на производителот на подовите за спортски сали.

Целиот екстерен прибор вклучувајќи Сувиот полнач за користење мора да биде одобрен од производителот на подови за спортски сали во комбинација со сувиот систем со површински еластичен спортски под.

1. Поставување на РЕХАУ ормар за разделник
2. Вградување на РЕХАУ разделник
3. Зацврстување на РЕХАУ Рабна изолациона трака
4. Поставување РЕХАУ материјали за изолација на системот, доколку е потребно.
5. Плочите на системот целосно се полегнуваат во согласност со планот за полегнување (видете ја сликата 11-10). Доколку е потребно, пресечете ги поединечните цевководи во полните плочи со РЕХАУ алатот за сечење на цевки.
6. Поврзување на едниот крај од цевката со РЕХАУ разделникот.
7. Поставување на цевката во водечките жлебови на плочите на системот без тензија.
8. Поврзување на вториот крај од цевката со РЕХАУ разделникот.
9. Доколку е потребно, притиснете ги потребните лизгачки кошули во површината на пренасочувачките плочи рамно со горната трака на пренасочувачката плоча или поставете ги на површината на плочите за полегнување со отсекување на плехот за топлинска спроводливост со аголна брусалка.
10. Обезбедете Пренасочувачки-,Продолжувачки- и онаму каде што е потребно, пополнувачки плочи со лимови за поклопување.
11. Полегнете ја РЕХАУ фолијата за покривање на сувиот систем со површински еластичен спортски под над цевката.

На подови од дрвени летви, поради опасност од формирање на мувла, треба се применува зрнеста заштитна покривка која „диши„ (на пример, натрон или битуменска хартија).

12. Залепете ја заштитната фолија од РЕХАУ или зрнестата заштитна покривка со подната фолија на РЕХАУ лентата за изолација.
13. Пред полегнувањето на подот на спортската сала, заштитете го грејниот систем со покривка која е компатибилна на системот (2 x 0,6 mm поцинкуван челичен лим со или 3.2 mm плоча од иверица).

Можете да најдете важни информации за основите и планирањето во поглавје 3.1 и поглавје 3.2 од техничките информации за „површинско греење/ладење во станбена зграда“



Сл. 11-51 Пример на план за полегнување за сувиот систем со површински еластичен спортски под

1 Плоча за полегнување VA 12,5
2 Плоча за полегнување VA 25
3 Плоча за полегнување VA 12,5
4 Плоча за полегнување VA 25
5 Продолжувачка плоча
6 Полна плоча
7 Лим за покривање

Најмала потреба од изолација според DIN EN 1264-4

Оваа најмала потреба од изолација треба да се исполни независно изолацијата на градбата според барањата на EnEV (види „Барања за топлинска изолација според EnEV и DIN EN 1264“), поглавје 3 од техничките информации за „површинско греење/ладење во станбена зграда“.

Топлинско технички испитувања

Сувиот систем со површински спортски под е топлинскотехнички испитан и сертифициран според ONORM EN 1264.

Регистрациски број	Димензии на цевката (d)	Покривка на естрих (c)
7F453-F	16 x 1,5 mm	29,2 mm

Регистрациски број	Димензии на цевката (d)	Покривка на естрих (c)
7F452-F	16 x 1,5 mm	31,2 mm



Сл. 11-52 Сув систем со полегната грејна цевка РАУТИТАН

1 *Линолеум 4 mm*
2 *Иверица од бреза 2 x 9 mm*
3 *Специјална ПУ – еластичен слој 15 mm*
4 *Поцинкуван челичен лим 2 x 0,6 mm*
5 *Фолија 0,2 mm*
6 *РЕХАУ сув систем*
7 *Дополнителна изолација*
8 *Израмнета површина*



Сл. 11-53 Сув систем со полегната грејна цевка РАУТИТАН

1 *Линолеум 4 mm*
2 *Иверица од бреза 2 x 9 mm*
3 *Специјална ПУ – еластичен слој 15 mm*
4 *Поцинкуван челичен лим 3,2 mm*
5 *Фолија 0,2 mm*
6 *РЕХАУ сув систем*
7 *Дополнителна изолација*
8 *Израмнета површина*

§ При планирање и монтажа на сувиот систем со површински еластичен спортски под мора да се почитуваат барањата од ONORM EN 1264, дел 4, и DIN V 18032-2 и спецификациите од тековната BVF-директива.

11.4 Стандарден разделник за системот за подно греење за вибрирачки подови

Сл. 11-54 Стандарден разделник за системот за подно греење за вибрирачки подови

- Брзо полегнување
- Пријатно темперирана подна површина
- Заштеда на енергија поради висок удел на зрачење
- Не создва прашина
- Минимално струење на воздух
- Нема влијание на подната конструкција поради начинот на редење на цевки
- Одвојувањето не ги намалува вибрирачките способности на подот
- Ниски инвестициски трошоци во споредба со другите грејни системи

Вибрирачкото подно греење наметнува високи барања во врска со вршењето на планирањето и пресметките. Неопходна е соработка помеѓу архитектот, изведувачот, монтер на спортски подови и работникот, за да се исполнат високите стандарди. Планирањето секогаш се врши поединечно за секој градежен проект во согласност со архитектот и производителот на вибрирачкиот под.

Компоненти
- Изолациона плоча – претходно исечена
- РАУФИКС-шина 16/17/20
- Игла-држач

Димензии на цевката
- РАУТЕРМ С 20 x 2,0 mm

Прибор
- Разделник
-Ормар за разделникот

Изолациона плоча



Сл. 11-55 Готова изолациона плоча

Изолационата плоча се состои од PUR тврда пена, ослободена од FCKW (хлорофлуоројагленороден гас), од двете страни дифузно заптиена со алуминиумска фолија. Таа влегува во групата на пренесувачи на топлина 025 со пресметана вредност според ONORM B 8110 од 0,025 W/mK. Според ONORM DIN 4102, плочата е од нормално запалив, градежен материјал класа B2.
Изолационата плоча се испорачува фабрички исечена. Димензиите на дупчењата на подната конструкција поради таа причина мора јасно да бидат дефинирани веќе во фазата на планирање. Со тоа се заштедува време, работа и непрецизно сечење на градилиштето.

РАУФИКС-шина

Сл. 11-56 РАУФИКС-шина

РАУФИКС-шината е елемент за зацврстување од полипропилен со кој може да се постигнат растојанија на полегнување од 5 cm и повеќе. Куките на горната страна на држечките клипови на РАУФИКС-шините гарантираат цврста положба на цевките. Сигурноста на приклучокот овозможува сигурно и брзо поврзување на 1 m долгите РАУФИКС-шини.

Игла-држач



Сл. 11-57 Игла-држач

Специјално направените врвови на иглата-држач обезбедуваат цврста положба на РАУФИКС-шините на изолационата плоча Продупчената подна плоча на РАУФИКС-шината служи за вметнување на иглата-држач.

11.4.1 Монтажа

1. Поставување на РЕХАУ ормар за разделник и вградување на РЕХАУ разделникот.
2. Поставување на РЕХАУ готови изолациони плочи
3. Поставување на РАУФИКС-шините на растојание од 40 cm и нивно фиксирање со игла-држач.
4. Приклучок на РАУТЕРМ С цевките на РЕХАУ разделникот.
5. Полегнување на РАУТЕРМ С цевките според планот за полегнување
6. Плакнење на грејните кругови, полнење со вода и обезвоздушување.
7. Проверка на притисокот.

По поставувањето на изолацијата против влага следува редењето на готовите заштитни плочи. Тие се поставуваат тргнувајќи од определен агол по сугестија на изведувачот на вибрирачката подна плоча. При преклопување на две соседни РЕХАУ изолациони плочи треба да се внимава на димензиите на дупчењата. Потоа се фиксираат РАУФИКС-шините со помош на РЕХАУ игла-држачите со растојание од еден метар.
Во подрачјето на цевоводите мораат да бидат фиксирани шините во форма на ѕвезда, за да се гарантира сигурното држење на цевките. Се препорачува со поставувањето на грејните цевки да се почне од надворешниот канал.
Поставувањето на цевките треба да се изведе со притискање на цевките во цевоводите на шините. При поставувањето на цевките треба да се внимава на држачи и на подните приклучоци за спортски справи. Во ваквите подрачја поставувањето на цевките следи во согласност на изведувачот на вибрирачкиот под.



Сл. 11-58 Скица на вибрирачко подно греење

1 *Горен слој*
2 *Плоча за распоредување на тежина (иверка, шперплоча или биоплоча)*
3 *ПЕ-фолија*
4 *Слеп под*
5 *Двојно вибрирачки носечки елементи*
6 *РАУФИКС-шина*
7 *РЕХАУ Готова заштитна плоча*
8 *Заширачка за полнење (на пр. на 70 mm висина на изолација 105 mm)*
9 *Заштита од влага*



Сл. 11-59 Стандарден разделник за системот за подно греење

11.5 Стандарден разделник за системот за подно греење на вибрирачки под

Сл. 11-60 Стандарден разделник за системот за подно греење на вибрирачки под

- Брзо полегнување
- Пријатно темперирана подна површина
- Заштеда на енергија поради висок удел на зрачење
- Не создава прашина
- Моментално струење на воздух
- Нема влијание на подната конструкција поради начинот на полегнување на цевките
- Одвојувањето не ги намалува вибрационите карактеристики на подот
- Ниски инвестициски трошоци во споредба со другите грејни системи

Подното греење наметнува високи барања во врска со вршењето на планирањето и пресметките. Неопходна е соработка помеѓу архитектот, изведувачот, монтер на спортски подови и работникот, за да се исполнат високите стандарди. Планирањето секогаш се врши поединечно за секој градежен проект во согласност со архитектот и производителот на вибрирачкиот под.

Компоненти

- Готова заштитна плоча
- РАУФИКС-шина
- Игла-држач
- Разделник за цевки

Димензии на цевката

- РАУТЕРМ С 25 x 2,3 mm

Готова заштитна плоча



Сл.11-61 Готова заштитна плоча

Изолационата плоча се состои од цврста ПУР-пена без хлорофлуоројаглероден гас, која е од двете страни е дифузно заптиена со алуминиумска фолија (заптиена со алуминум). Изолационата плоча влегува во групата на пренесувачи на топлина 025 со пресметана вредност според ONORM B 8110 од 0,025 W/mK. Според ONORM DIN 4102, плочата е нормално запалива, со градежен материјал со класа B2.
Изолационата плоча се испорачува фабрички исечена. Димензиите на дупчењата на подната конструкција поради таа причина мора јасно да бидат дефинирани веќе во фазата на планирање. Со тоа се заштедува време, работа и непрецизно сечење на градилиштето.

РАУФИКС-шина

Сл. 11-62 РАУФИКС-шина

Со РАУФИКС шината можат да се реализираат растојанија од 10цм и повеќекратно.

Игла-држач



Сл. 11-63 Игла-држач

Специјално направените врвови на иглата-држач обезбедуваат цврсто поставување на РАИЛФИКС-шините на заштитната плоча. Издупчената подна плоча на РАИЛФИКС -шината служи за вметнување на иглата-држач.

РЕХАУ разделник за цевки

РЕХАУ разделникот за цевки се склопува со РАУТЕРМ FW-цевка 40 x 3,7 mm и РЕХАУ спојните елементи со техниката на спојување на подвижна навлака. Тие одговараат на приклучокот на РАУТЕРМ С цевки 25 x 2,3 mm. Склопувањето се врши на градилиштето според детални скици и според условите за градење.



Сл. 11-64 РЕХАУ разделник за цевки

1 Подвижна навлака: 40 x 3,7

2 Т-парчиња: 40 x 3,7 – 25 x 2,3 – 40 x 3,7

11.5.1 Монтажа

1. Поставување на РЕХАУ готови изолациони плочи.
2. Поставување на РАИЛФИКС-шините на растојание од 40 cm и нивно фиксирање со РЕХАУ игла-држач.
3. Поставување на РЕХАУ разделник, насочување и приклучок.
4. Полегнување на РАУТЕРМ С цевките според планот за полегнување.
5. Поставените грејни кругови да бидат приклучени на РЕХАУ разделникот за цевки.
6. Плакнење на грејните кругови, полнење со вода и обезвоздушување.
7. Проверка на притисокот.

По поставувањето на изолацијата против влага следува редењето на готовите заштитни плочи. Тие се поставуваат тргнувајќи од определен агол по сугестија на изведувачот на вибрациската подна плоча. При преклопување на две соседни РЕХАУ изолациони плочи треба да се внимава на димензиите на дупчењата. Потоа се фиксираат РАИЛФИКС -шините со помош на РЕХАУ игла-држачите со растојание од еден метар. Во подрачјето на цевоводите мораат да бидат фиксирани шините во форма на sвезда, за да се гарантира сигурното држење на цевките. При склопување на РЕХАУ разделниците за цевки мора да се внимава на точниот редослед на елементите од разделникот. Тој може да се најде во деталните цртежи. Се препорачува со поставувањето на грејните цевки да се почне од надворешниот канал. Поставувањето на цевките треба да се изведе со притискање на цевките во цевоводите на шините. При поставувањето на цевките треба да се внимава на држачи и на подните приклучоци за спортски справи. Во ваквите подрачја поставувањето на цевките следи во согласност на изведувачот на вибрациски подови.



Сл. 11-65 Скица на вибрациско подно греење

1 Горен слој

2 Плоча за распоредување на тежина (иверка, шперплоча или биоплоча)

3 ПЕ-фолија

4 Слеп под

5 Двојно вибрирачки носечки елементи

6 РАИЛФИКС-шина

7 РЕХАУ Готова заштитна плоча

8 Запирачка за полнење (на пр. на 70 mm висина на изолација 105 mm)

9 Заштита од влага



Сл. 11-66 Стандарден разделник за системот за вибрирачко подно греење

11.6 РЕХАУ греење на отворени површини

Сл. 11-67 РЕХАУ греење на отворени површини – затоплување на паркиралишта

- Едноставна и брза монтажа
- Заштита од мраз (и по желба) од снег на улици, паркиралишта, гаражни влезови, шеталишта итн.
- Ниска работна температура
- Одговара на топлотни пумпи и на соларни системи
- Нема дополнителни трошоци за одржување

Системски компоненти
- Индустриски разделник
- Прицврстувач за кабел
- РАУФИКС-шина
- РАИЛФИКС-шина
- Игла-држач

Димензии на цевката
- РАУТЕРМ С 20 x 2,0 mm
- РАУТЕРМ С 25 x 2,3 mm

Прибор
- Лак за водење на цевката

Опис на системот
РЕХАУ греењето на отворени површини се употребува за одржување на чисто од мраз и снег во следниве површини:
- Улици и паркиралишта
- Хелиодроми
- Гаражни влезови
- Шеталишта
- итн.

ВНИМАНИЕ
Штета од замрзнување!
Сите грејни системи за отворени површини да се употребуваат со средство против замрзнување.

При пресметката на загубата на притисок, треба да се земе во предвид влијанието на средствата против замрзнување, кои предизвикуваат поголема загуба на притисокот!

11.6.1 Планирање

Состав на под
Грејните цевки се монтираат во паралелна форма претежно во бетонска подна плоча, ретко во слој од песок (на пр. шеталишта), и се приклучуваат на РЕХАУ индустрискиот разделник.
Доколку грејните цевки се веќе вградени во бетонска плоча, тогаш РЕХАУ системот за греење на отворени површини е ист модел како и РЕХАУ индустриското површинско греење.
Тоа значи: конструкцијата на подната плоча, фугите, употребата на слоеви за раздвојување, мазнење, како и начините на распределување и процесот на монтажа е идентичен.
Топлинска изолација под подната плоча вообичаено не се употребува. Поради тоа се зголемува инерцијата на РЕХАУ системот за греење на отворени површини, што во пракса значи континуирано функционирање. Предност на ова решение: се зачувува топлинскиот капацитет на почвата и се создава топлински обрач.
При монтирање на грејните цевки во слој од песок, претежно се употребува РАУФИКС или РАИЛФИКС-шината за одржување на растојание помеѓу цевките. Слабата точка на ова решение е намалената топлинска спроводливост при сушење на песокот. Тоа доведува до зголемување на работната температура и намалување на ефективноста на греењето на отворени површини. Поради таа причина треба да се избегнува поставување на грејни цевки во слој на песок под тврди и густи површини (плочник од природен камен, бетонски камен плочник итн.).

Изведба
Поради тоа што затоплувањето на подната плоча на отворено силно зависи од надворешните временски услови, капацитетот и од тоа резултираните работни температури треба да бидат пресметани непосредно од објектот. За брза пресметка на капацитетот на топлинската централа, може да се тргне од специфичен капацитет на греењето на отворени површини при константна заштита од мраз од $q = 150\ W/m^2$.

Видови на полегнување
Исто како кај РЕХАУ индустриското површинско греење и тука се применува паралелното водење на цевките и полегнување во форма на меандра.



Сл. 11-68 РЕХАУ греење на отворени површини – греење на рампа (скица на полегнување)

11.6.2 Монтажа

За беспрекорно одвивање на монтажата, потребен е навремен договор на изведувачите во фазата на планирање!

1. Поставување на фолија (слој за раздвојување).
2. Монтирање на подлога и поставување на долна арматурна мрежа.
3. Доколку се планира специјална конструкција (цевките во неутрална зона) се монтираат посебни корпи и ногарки.
4. Монтирање на индустрискиот разделник на планираното место.
5. Поставување на грејните цевки според планот и приклучување на разделникот.
6. Плакнење на грејните кругови, полнење со вода и обезвоздушување.
7. Проверка на притисокот.
8. Дополнување на горното армирање.
9. Бетонирање на подната плоча.

Ние препорачуваме присуство на изведувачот на греењето додека се одвива процесот на бетонирање.

11.7 РЕХАУ греење за фудбалски игралишта

Сл. 11-69 Загреан спортски терен

- Едноставна и брза монтажа
- Заштита од снег и мраз
- Ниски работни температури кои се соодветни за користење на топлотни пумпи и соларни системи
- Не пречи на вегетацијата на тревата
- Не пречи во одржувањето на тревата
- Нема дополнителни трошоци за одржување

Компоненти
- Разделници за цевки
– РАИЛФИКС-шина

Димензии на цевката
- РАУТЕРМ 25 x 2,3 mm

Област на примена
РЕХАУ системот за греење на фудбалски игралишта се употребува за заштита од мраз и снег за природна и вештачка трева на спортски терени.

Опис на системот
РЕХАУ греењето на фудбалски игралишта е една посебна варијанта на РЕХАУ греењето на отворени површини.

Грејните кругови на веќе докажаната РАУТЕРМ цевка 25 x 2,3 mm се поставуваат паралелно и се приклучуваат на разделните цевки со помош на техниката на поврзување со подвижна навлака. Како држач за растојание се применува РАИЛФИКС-шина. РЕХАУ разделните цевки се поставуваат според проектот и се испорачуваат како специјално изготвени. Единствената должина на грејните кругови, димензијата на разделните цевки како и приклучокот на разделникот и собирачот, според постапката на Тихелман гарантира рамномерна распределеност на температурата на целиот спортски терен.

Сл. 11-70 Поставување дренажа на спортскиот терен

Сл. 11-71 Поставување на грејни цевки

Сл. 11-72 Поставување на тревни котури

11.8 РЕХАУ индустриски разделник

11.8.1 Индустриски разделник IM S 32 (Оплеменет челик)



Сл. 11-73 Индустриски разделник IM S 32

- Разделник и собирач од оплеменет челик со висок квалитет – со мерач за протокот во појдовниот вод за 0-8 l/min
- Во повратниот вод има влошки за вентили кои се соодветни за РЕХАУ
- Актуатори UNI
- Монтирање на поцинкувани, звучно изолирани конзоли според DIN 4109
- Варијабилно прилагодување на растојанието на потпор помеѓу разделникот за појдовниот и повратниот вод
- Разделник за повратниот вод

Област на примена

Индустриските разделници IM S 32 се применуваат за распределба и регулирање на волуменот на струјата во затворено ниско температурно-површинско греење т.е. површинско-ладење во затворени градби.

Монтажата на РЕХАУ индустриските разделници IM S 32 мора да се изврши во фасадата на зградата, и треба да се заштитени од атмосферски влијанија. Индустриските разделници мора да се управуваат со грејна вода според VDI 2035.

Во системите со честички од корозија или загадување на водата за греење, мора да се инсталираат фаќачи за нечистотија или филтри со ширина на мрежата од максимум 0,8 mm во грејниот систем, за заштита на мерната и контролната опрема на разделникот.
Користењето на средства против мрзнење, кое е соодветно за индустриски разделници кои се изработени од оплеменет челик, е дозволено со концентрација на разладно средство во грејната вода според VDI 2035 со 50% од волуменот. При ладење, внимавајте да спречите формирање на кондензација на површината на индустрискиот разделник. Ова може да се постигне со помош на контролни мерки (следење на точката на росење) или изолација на индустрискиот разделник на локацијата која е отпорна на дифузија.

Технички податоци

Опис	
Главен приклучок	G 1 ¼ AG, рамно заптивање
Број на приклучоци за кругот за греење/ладење	2-12
Приклучоци за кругот за греење/ладење	Еуроконус според DIN EN 16313
Растојание на приклучоците помеѓу грејните кругови	55 mm
Опрема во појдовниот вод	Мерач за протокот за 0-8 l/min
Опрема во повратниот вод	Влошка за вентил, приклучен навој M30*1,5, погоден за РЕХАУ актуаторите УНИ
Приклучок за цревото	½“ за празнење
Држач/конзола	со приклучок за звучна изолација
Макс. дозволен работен притисок	6 bar на 75°C
Макс. дозволен пробен притисок	10 bar на 20°C

Таб. 11-5 Технички податоци за индустрискиот разделник IM S 32



Сл. 11-74 Димензии

Вид	Број на материјал	B [mm]	M [kg]
IM S 32 2	1470010 1001	255	3,34
IM S 32 3	1470020 1001	310	3,69
IM S 32 4	1470030 1001	365	4,07
IM S 32 5	1470040 1001	420	4,87
IM S 32 6	1470050 1001	475	5,21
IM S 32 7	1470060 1001	530	5,57
IM S 32 8	1470070 1001	585	6,43
IM S 32 9	1470080 1001	640	6,81
IM S 32 10	1470090 1001	695	7,17
IM S 32 11	1470100 1001	750	8,07
IM S 32 12	1470110 1001	805	8,42

Таб. 11-6 Должина на градба B и тежина M

11.8.2 Индустриски разделници IVK, IVKK, IVKE

- Функциите за гаснење и изедначување одговараат на ONORM EN 1264-4
- Разделникот и собирачот се изработени од цевка од месинг 1¼“ или 1½“
- Затворач на појдовен и повратен вод KFE-славина и обевоздушување
- Топчест вентил во појдовен вод и вентил за фино регулирање на повратен вод со стезни односно ЕУРОКОНУС-завртки
- Монтирање на поцинкувани, звучно изолирани конзоли според DIN 4V09
- Достапен е индустриски разделник 2“ како специјално изготвен производ доколку е побарано

Област на примена

Индустриските разделници IV се применуваат за распределба и регулирање на волуменот на струјата во затворено ниско температурно-површинско греење т.е. површинско-ладење во затворени градби. Монтажата на РЕХАУ индустриските разделници IV мора да се изврши во фасадата на зградата, и мора да се заштитени од атмосферски влијанија. Индустриските разделници мора да работат со грејна вода според VDI 2035.

Во системите со честички од корозија или загадување на грејната вода, мора да се инсталираат фаќачи за нечистотија или филтри со ширина на мрежата од максимум 0,8 mm во грејниот систем, за заштита на мерната и контролната опрема на разделникот. Максималниот дозволен континуиран работен притисок е 6 bar на 80 °C. Максималниот дозволен пробен притисок е 10 bar на 20 °C.

Користењето на средства против мрзнење, кое е соодветно за индустриски разделници кои се изработени од месинг, е дозволено со концентрација на разладно средство во грејната вода според VDI 2035 со 50% од волуменот. При ладење, внимавајте да спречите формирање на кондензација на површината на индустрискиот разделник. Ова може да се постигне со помош на контролни мерки (следење на точката на росење) или изолација на индустрискиот разделник на локацијата која е отпорна на дифузија.

Преглед

	Разделник 1¼“	Разделник 1½“	
Опис	**IVK**	**IVKK**	**IVKE**
Излези	¾“	¾“	¾“
Опрема во појдовниот вод	Куглести вентили	Куглести вентили	Куглести вентили
Опрема во повратниот вод	Вентили за фино регулирање	Вентили за фино регулирање	Вентили за фино регулирање
Приклучок за цевка	РАУТЕРМ C 17x2,0/20x2,0	РАУТЕРМ C 25x2,3	РАУТЕРМ C 17x2,0/20x2,0
Завртки	ЕУРОКОНУС[1)]	Стезна завртка[2)]	ЕУРОКОНУС[1)]
Број на грејни кругови кои можат да се приклучат	2 до 12	2 до 12	2 до 12
Средно растојание помеѓу приклучоците	55 mm	75 mm	75 mm

1) Стезните завртки морате да ги нарачате одделно.

2) Стезните завртки се вклучени во обемот на испораката.

Таб. 11-7

11.8.2.1 Индустриски разделник 1¼“ IVK



Сл. 11-75 Индустриски разделник 1¼“IVK

- Куглест вентил во појдовен вод
- Вентил за фино регулирање кој може однапред да се постави во повратниот вод
- ЕУРОКОНУС G ¾“ A

Вид	Број на материјал	B [mm]	M [kg]
IVK 2	1246609 1001	220	4,12
IVK 3	1246619 1001	275	4,96
IVK 4	1246629 1001	330	5,81
IVK 5	1246639 1001	385	6,65
IVK 6	1246649 1001	440	7,50
IVK 7	1246659 1001	495	8,34
IVK 8	1246669 1001	550	9,19
IVK 9	1246679 1001	605	10,03
IVK 10	1246689 1001	660	10,88
IVK 11	1246699 1001	715	11,72
IVK 12	1246709 1001	770	12,57

Таб. 11-8 Должина на градба B и тежина M



Сл. 11-76 Димензии



Сл. 11-78 Димензии

11.8.2.2 Индустриски разделник 1½“ IVKE



Сл. 11-77 Индустриски разделник 1½“ IVKE

- Куглест вентил во појдовен вод
- Вентил за фино регулирање кој може однапред да се постави во повратниот вод
- ЕУРОКОНУС G ¾“ A

Вид	Број на материјал	B [mm]	M [kg]
IVKE 2	1248760 1001	285	5,6
IVKE 3	1248770 1001	360	7,2
IVKE 4	1248780 1001	435	8,8
IVKE 5	1248790 1001	510	10,4
IVKE 6	1248800 1001	585	12,0
IVKE 7	1248810 1001	660	13,6
IVKE 8	1248820 1001	735	15,2
IVKE 9	1248830 1001	810	16,8
IVKE 10	1248840 1001	885	18,4
IVKE 11	1248850 1001	960	20,0
IVKE 12	1248860 1001	1 035	21,6

Таб. 11-9 Должина на градба B и тежина M Сл. 11-78 Димензии

11.8.2.2 Индустриски разделник 1½“ IVKE



Сл. 11-79 Индустриски разделник 1½“ IVKK

- Куглест вентил во појдовен вод
- Вентил за фино регулирање кој може однапред да се постави во повратниот вод
- Приклучни завртки 25 x 2,3 mm

Вид	Број на материјал	B [mm]	M [kg]
IVKK 2	1248870 1001	285	5,6
IVKK 3	1248880 1001	360	7,2
IVKK 4	1248890 1001	435	8,8
IVKK 5	1248900 1001	510	10,4
IVKK 6	1248910 1001	585	12,0
IVKK 7	1248920 1001	660	13,6
IVKK 8	1248930 1001	735	15,2
IVKK 9	1248940 1001	810	16,8
IVKK 10	1248950 1001	885	18,4
IVKK 11	1248960 1001	960	20,0
IVKK 12	1248970 1001	1 035	21,6

Таб. 11-10 Должина на градба B и тежина M



Сл. 11-80 Димензии

11.8.3 Посебна примена

На барање достапни се РЕХАУ индустриски разделници со дијаметар на разделните цевки од 2“.
Дополнително, на барање индустриските разделници со димензии 11/4“, 11/2“ и 2“ се достапни со алтернативен прибор (додатни елементи).

11.8.4 Ормар за разделникот за AP индустрискиот разделник

На барање достапни се ормари за разделници за надмалтерна монтажа од челичен лим за РЕХАУ индустриските разделници со верзија 11/4“, 11/2“ и 2“.

Сл. 11-81 Ормар за разделникот за AP индустрискиот разделник

Карактеристики: Висина на ормарот од 730 mm, хоризонтално и вертикално прилагодливо зацврстување на разделникот, без заден ѕид, завршна маска на естрих, врата за ормарот со посебна брава која е спакувана во кеса со воздушни меурчиња. Куќиште за инсталација со штитник против прскање изработен од картон, со прозирен поклопец и со извештај за проверка на притисокот, извештај за функционалното греење и со ознака на грејниот круг.

Вид	Величина во mm Ширина x висина x длабочина	Тежина kg / парче
Ормар за разделник AP 180/950	950 x 730 x 180	19,96
Ормар за разделник AP 180/1300	1300 x 730 x 180	25,01
Ормар за разделник AP 305/950	950 x 730 x 305	23,86
Ормар за разделник AP 305/1300	1300 x 730 x 305	29,62
Ормар за разделник AP 305/1850	1850 x 730 x 305	38,49

Таб. 11-11 Величина на ормарот за разделникот за индустрискиот разделник

12 ПРОТОКОЛИ ЗА ИСПИТУВАЊА

Основи за проверките на заптивањето и притисокот 276

Протокол за проверка на притисокот за РЕХАУ површинското греење/-ладење со медиум за проверка - вода 280

Протокол за проверка на притисокот за РЕХАУ површинско греење/-ладење со медиум за проверка – воздух или инертен гас 281

Протокол за загревање за РЕХАУ површинско греење/-ладење според ONORM B 3732 282

Протокол за функционално греење за РЕХАУ површинско греење/-ладење 284

Протокол за функционално греење за РЕХАУ греење/ладење на ѕидови и плафони во влажна конструкција 285

Протокол за проверка на притисокот за РЕХАУ темперирање на бетонска плоча – прва проверка на притисок со медиум за проверка – вода 287

Протокол за проверка на притисокот за РЕХАУ темперирање на бетонска плоча – Втора проверка на притисок со медиум за проверка со вода 288

Протокол за функционално греење за РЕХАУ индустриско површинско греење како тест на функционирањето 292

12.1 Основи за проверките на заптивањето и притисокот

Успешното спроведување и документирањето на проверката на притисокот е предуслов за сите видови на побарувања во согласност со гаранцијата на РЕХАУ.

Според VOB DIN 18380 и DIN EN 14436 за грејните системи мора да се спроведе проверка на заптивањето и проверка на притисокот. Проверката на заптивањето може да се изврши посебно или заедно со проверката на притисокот. Според DIN EN 1264 и DIN EN ISO 11855 заптивањето на грејните кругови и кругови за ладење мора да се провери со помош на проверката на притисокот. Дозволена е проверка на притисокот со вода или воздух. Според DIN EN 14336, мора доколку е возможно да се користи проверка на притисокот со вода, бидејќи таа е многу побезбедна. Проверката на заптивањето и на притисокот мора да се извршат пред нанесувањето на естрихот или пред нанесувањето на гипсот на цевките и круговите за греење-/ладење кои сеуште се гледаат. Проверката на заптивањето и на притисокот треба да се извршат во мали делови на проверка, бидејќи на овој начин се подобрува точноста на проверките и истекувањата може побрзо да се детектираат. Поради тоа, проверката на притисокот обично се извршува за секој разделник со поврзаните грејни кругови. Може да се дадат изјави за заптивањето на системот врз основа на профилот за проверка на притисокот (постојан, во паѓање, во пораст) само во ограничена мера. Заптивањето на системот може да се провери само со преглед на откриените водови. Системот за греење е заптивен доколку нема истекување на вода во која било точка или доколку не се гледаат или слушаат некакви меурчиња или истекување на гас за време на проверката со инертен гас. Проверката на притисокот треба да се протоколира.

12.2 Проверка на заптивањето и проверка на притисокот на површинските инсталации за греење/ладење со вода

За тестот на заптивање, системот мора да се наполни со чиста вода. Полнењето се спроведува од најниската точка и продолжува до највисоката точка и се извршува обевоздушување. Потоа уредите за обевоздушување мора да се затворат и системот потоа се проверува за некакво истекување.

Подготовка и спроведување на проверката на притисокот со вода

1. Водовите мора да се пристапни и не смее да бидат покриени.
2. Доколку е потребно, размонтирајте ги безбедносните уреди и мерачите и заменете ги со цевни парчиња или заптивки за цевните водови.
3. Одвојте ги и/или извршете заптивање на сите делови на системот кои не треба да се земат во предвид, и затворете ги сите отворени краеви.
4. Пополнете ги цевните водови од најниската точка на системот од кој е испуштен воздухот, со чиста вода за пиење или филтрирана грејна вода според VDI 2035.
5. Измијте ги и обевоздушете ги цевните водови се додека не се констатира излез за вода.
6. Користете и поврзете уред за проверка на притисокот со точност од 100 hPa (0,1 bar) за проверка на притисокот.
7. Отворете ги сите вентили од грејните кругови.

Проверката на притисокот може значително да зависи од температурните промени во цевниот систем, на пр. температурна промена од 10 K може да предизвика промена на притисокот од 0,5 до 1 bar. Поради својствата на материјалот за изработка на цевки (на пр. ширење на цевките поради зголемување на компресираноста), може да настанат флуктуации во притисокот за време на проверката на притисокот. Самиот притисок од проверката и кривата на притисокот која се појавила за време на проверката не дозволуваат извлекување на соодветни заклучоци за заптивањето на системот. Поради тоа, целата инсталација за површинско греење-/-ладење мора да се провери за истекувања со визуелна инспекција, согласно со она што е побарано од стандардите.

8. Осигурете се дека температурата останала константна што е можно подолго за време на проверката на притисокот.
9. Проверете дали постојат некакви истекувања при континуирано движење по грејните кругови.
10. Подгответе го извештајот од проверката на притисокот и запишете ги податоците за системот.

Завршување на проверката на притисокот со вода

По завршување на проверката на притисокот:

1. Потврдете ја проверката на притисокот со изведувачкото друштво и налагодувачот од извештајот за проверката на притисокот.
2. Ослободете го притисокот и отстранете го уредот за проверка на притисок.
3. По проверката на притисокот, измијте ги водовите за површинско греење/ладење темелно, на начинот кој е опишан подолу.
4. Доколку е потребно и возможно, испразнете го системот.
5. Повторно вградете ги размонтираните безбедносни уреди и мерачи.

12.3 Проверки на заптивањето на инсталацијата за површинско греење/ладење со компримиран воздух без масло/инертен гас

Проверка на заптивањето врз основа на листот со податоци на ЗВСХК Важни информации за тестирањето со компримиран воздух или инертен гас без масло:

- Малите истекувања може да се детектираат само со користење на средства за откривање на истекување при проверката при високи притисоци (проверка при оптеретување) и при поврзаната визуелна инспекција.
- Температурните флуктуации може да влијаат на резултатот од проверката (пад или зголемување на притисокот).
- Компримираниот воздух без масло или инертниот гас се компримирани гасови. Поради тоа, волуменот на цевниот вод има одлучувачко влијание на прикажаниот отпечатен резултат. Поголемиот волумен на цевниот вод го намалува откривањето на мали истекувања поради падови во притисокот.
- Државните регулативи и правила за спречување на несреќи го ограничуваат дозволениот притисок при проверката, и тие треба да се почитуваат.
- Компримираниот воздух може да влезе само на бавен начин, со следење со соодветниот вентил за намалување на притисокот.

Протоколи за испитувања
Средство за откривање на истекување

Користете само средства за откривање на истекувања (на пр. пенливи средства) со тековна сертификација од ДВБВ.

Подготовка на проверката на истекувањето со компримиран воздух/инертен гас



Сл. 12-1 Дијаграм за проверка на притисок со компримиран воздух без масло/инертен гас
A Време на прилагодување
B Проверка на заптивање
C Проверка при оптеретување

Волумен на водот	Време на прилагодување [1)]	Времетраење на проверка [1)]
< 100 l	10 min	120 min
≥ 100 < 200 l	30 min	140 min
≥ 200 l	60 min	+ 20 min је 100 l

Таб. 12-1 Волумен на водот, време на прилагодување и времетрање на проверка
[1)] Ориентациони вредности, во зависност од волуменот на водот.

1. Водовите мора да се пристапни и не смее да бидат покриени.
2. Исклучете го системот што треба да се провери од цевната мрежа и затворете ги отворените краеви.
3. Доколку е потребно, размонтирајте ги безбедносните уреди и мерачите и заменете ги со цевни парчиња или заптивки за цевните водови.
